## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15.01.2009 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,38 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници, ја отворам 43-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Андреј Петров, Љубисав Иванов Ѕинго, Даут Рецепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Фијат Цаноски, Али Ахмети, Хисен Џемаили, Имер Селмани, Дарко Димитриевски и Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на македонскиот олимписки комитет.

Записниците од 30-та, 35-та, 37-та и 39-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали има некој забелешки на записниците? (Нема)

Бидејќи нема никој забелешки, констатирам дека записниците од 30, 35-та, 37-та и 39-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите и Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови нивни и заменици на Комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлозите ви се поделени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Молам, претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Предлагам предлог на дневниот ред за денешната седница да се дополни со Предлог одлука за избор на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите и Предлог одлука за дополнување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Ова од причини што Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 14 јануари 2009 година едногласно утврди Предлог одлука за избор на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите.

Составот на оваа Комисија е утврден од пријавените кандидати по Одлуката за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на факти согласно законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција.

Со оглед на тоа што консултациите за составот на ова тело се завршени, а исто така имајќи предвид дека и рокот за изборот на составот на Комисијата е поминат, сметам дека Собранието на Република Македонија треба да ја разгледа предложената одлука на оваа седница и да ја донесе истата.

Исто така, предлагам дневниот ред на оваа седница да се дополни и со Предлог одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови нивни, заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, што Комисијата за прашања на изборите и именувањата едногласно ја утврди на седницата одржана на 14 јануари 2009 година. Имено, со оваа одлука се предлага состав на Комисијата за локална самоуправа која што Собранието ја основа на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, како постојано работно тело. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на претседател, заменик на претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, сите 74 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници, сите 80 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите;

2. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

3. Предлог за именување заменик на претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер;

4. Предлог за именување член на Советот на јавното претпријатие Македонска радио телевизија;

5. Предлог на резолуција за миграционата политика на Република Македонија 2009-2014;

6. Интерпелација на работата на министерот за образование и наука господин Перо Стојановски;

7. Предлог на закон за евиденции во областа на здравството - прво читање;

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за губрива - прво читање;

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата - прво читање;

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата - прво читање;

11. Предлог на закон за Државен инспекторат за земјоделство - прво читање;

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија - прво читање;

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход - прво читање;

14. Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување - прво читање;

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување - прво читање;

16. Предлог на просторен план на Охридско-преспанскиот регион 2005 - 2020;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Благодарам.

За изменување и дополнување на предложениот дневен ред нема никој пријавено.

Господинот Тахир Хани е пријавен за процедурално, повелете.

**Тахир Хани:** Почитуван претседател, почитувани пратеници.

Се јавив за процедурална забелешка пред да интервенирам во однос на дневниот ред од причина што барам 10 минути пауза за една координација околу точките од дневниот ред, пред да земам збор за измени и дополнувања на дневниот ред барам 10 минути пауза. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Тука ја прекинувам седницата и продолжуваме во 12,00 часот.

(Седницата продолжи со работа во 12,02 часот)

**Трајко Вељаноски:** Господинот Тахир Хани побара изменување и дополнување на дневниот ред. Повелете Господине Таихир Хани.

**Тахир Хани:** Почитуван претседателе,почитувани пратеници.

Врз основа на членот  70 од Деловникот, последната точка од дневниот ред предлагам да се повлече од дневниот ред поради неколку причини.

Значи, барам последната точка од дневниот ред-Предлог на просторен план на Охридско-Преспанскио т регион да се повлече од дневниот ред.

Барам поддршка од пратениците.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Не ви треба поддршка, затоа што во самиот Деловник пишува доволно е еден пратеник да предложи.

Со оглед на тоа вашиот Предлог точката 16 да се тргне од дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По вашиот Прелог вкупно гласаа 53 пратеници. Од нив за гласаа 47, воздржани нема и против 6 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салта се присутни повеќе од 61 пратеник, така да полноважно е гласањето.

Со оглед на тоа Предлогот на г-динот Тахир Хани, последната точка од дневниот ред да се тргне од дневниот ред е прифатен. Тоа е точката 16.

Предложениот дневен ред, без точка 16 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаат 64 пратеници. За гласаа сите 64 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратенк во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути,известителот на матичното работно тело и на Закоодавно-правната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на Одлука за избор на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите.**

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за определување дополнителен усов за вршење јавна функција Одлуката за избор на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на Одлуката да се пријават за збор.

За збор се пријавија пратениците Цветанка Иванова, Илија Димовски, Оливер Шамбовски и Ермира Мехмети.

Има збор г-ѓа Цветанка Иванова. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Помина подолго време откако е истечен рокот според Законот за конституирање на оваа значајна Комисија, меѓутоа никогаш не е касно ако добро се заврши работата.

Во овој момент сакам да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ околу изборот на Комисијата за верификација на фактите.

Ние како опозициона партија ќе го поддржиме изборот на членовите на Комисијата за верификација на фактите.Свесни сме дека пред овие членови, а секако и пред претседателот, кој што денеска ќе ги избереме претстои тешка и сериозна задача. Очекуваме дека претседателот и членовите на Комисијата за верификација на фактите ќе успеат успешно да ја завршат воспоставената задача,

Очекуваме дека ќе одолеат на евентуалните политички притисоци кои што би можеле да бидат вршени на членовите и на претседателот на Комисијата за верификација на фактите при вршењето на нивната сериозна задача и секако ние како пратеници од СДСМ при парламентарните избори 2008 година без да има формирано вакво тело по законот поднесовме изјави со кои што потврдивме дека не сме соработници и затоа очекуваме дека и Комисијата и сите постоечки носители на јавни функции во брз временски период ќе постапат по законот и ќе дадат вакви изјави, и секако ќе побараат од Комисијата да го стори тоа согласно законот.

Значи, СДСМ ќе го поддржи формирањето на Комисијата за верификација на фактите, ги поддржува сите персонални решенија, значи Комисијата во целост ги очекуваме дека оваа Комисија ќе покаже резултати и очекуваме дека ќе оддолее на евентуалните политички притисоци кои би можеле да се јават со оглед на нејзината надлежност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор г-динот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Јас од позиција на претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата сакам да кажам неколку реченици поврзани со донесувањето на денешната Одлука за персоналниот состав на Комисијата за верификација на фактите.

Би сакал да потенцирам дека ми е задоволство што денеска Собранието ќе ја донесе оваа одлука, меѓутоа сакам да изразам жалење поради тоа што ваква одлука не е донесена многу понапред. Овие денови можеме да чуеме тврдења дека доцниме неколку месеци, да формално правно доцниме неколку месеци, меѓутоа суштински доцниме повеќе од 10 години за спроведување на овој процес. Сепак, јас се надевам дека ваквото доцнење нема да предизвика потешкотии во работата на овој прв состав на Комисијата за верификација на фактите.

Исто така би сакал да изразам задоволство поради високото ниво на политички консензус постигнат помеѓу политичките партии во Собранието на РМ.

Искрено сум задоволен поради тоа што оваа Комисија ќе почне да работи со полна политичка доверба од страна на сите политички структури во Република Македонија, што е неопходен услов овој процес да не се разбере како процес на едни против други, на еден против друг или на сите против еден, туку да се разбере како неопходен процес за ослободување на македонското општество од одредени баласти од претходниот

систем, систем кој што и нанесе огромни штети на Република Македонија.

Ценам дека персоналниот состав нуди високо ниво на гаранција дека таквата задача ќе биде најпрофесионално завршена. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор г-динот Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам г-дине претседателе.

Јас нема многу време да одземам имајќи предвид дека имаме точки што се исклучително битни на денешната седница, но не сакав изборот на оваа Комисија да помине без да кажам неколку збора, заради тоа што навистина ценам дека денеска ќе им дадеме доверба на овие 11 или 12 луѓе за една историска работа, за една историска задача која што треба да ја завршат. Јас се надевам дека ќе одговорат на предизвикот кој што ќе им го дадеме.

Со мојот глас за денеска за оваа Комисија јас лично го предавам во мирни раце и мојот надеж дека конечно ќе се раскрсти со едно минато за кое што не толку радо се сеќаваме и мојата желба, мојата доверба во нив дека тие се единаесетмината луѓе кои што ќе ја завршат оваа работа.

Треба да имаат предвид самите дека навистина после оваа седница на своите плеќи земаат еден огромен товар, еден огромен терет, ќе бидат под сериозна лупа на јавноста и особено под лупа на луѓето кои што пострадале во изминатиот период.

Јас искрено се надевам и со мојог глас денеска ќе го кажам тоа дека овие луѓе ќе бидат достојни за работата за која што ќе ги избереме. Благодарм.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор г-ѓица Ермира Мехмети, повелете.

**Ермира Мехмети:** Ви благодарам почитуван претседател.

Дозволете ми накратко и јас да се произнесам за поддршка во име на ДУИ во однос на формирањето на оваа Комисија која ќе се занимава со верификација на факти. Можеби во мојата поддршка има и еден личен аспект, можеби субјективен, јас сум дете на еден прогонет и политички затвореник и мислам дека од овој аспект Комисијата ќе има една историска обврска за да објасни неколку дилеми. Зошто пред се албанците беа таргер и целна група на една бескомпромисна кампања на политички приведувања од страна на минатиот режим.

Сакам да ја искажам мојата длаботка убеденост, верувам и на мнозинството, а можеби и на сите албанци дека минатиот режим беше посебно остар, исклучителен и осудувачки кон албанците токму поради етничкот елемент. Поаѓајќи од овој апсект сакам да го поздравам фактот дека парламентарното мнозинство, независно од задоцнувањето, на еден рационален начин и коректен начин најде простор можеби за прв пат на чело на една ваква Комисија да биде еден албанец. Од овој аспект новиот претседател ќе има и покрај тоа доста голема и чуствителна одговорност.

Ние влеговме во овој процес и денеска ќе гласаме за формирањето на оваа Комисија, но и покрај тоа ни останува една дилема, можеби е процедурална и правна која треба да ја објасниме во тек. Дилемата е во однос на тоа кој ги лустрира лустраторите. Значи кој верификува факти во врска со беграунтот одреден или биографијата на тие кои ќе ги чистат биографиите на идните државни функцонери.

Поаѓајќи од ова прашање сакам да ја искажам мојата увреност дека Комисијата ќе работи со голема одговорност. Нема да дозволи да се претвори во една Комисија која ќе гони вештерки. Нема да се претвори во Комисија која во било каков начин ќе се воспостави над начелата или идејата за која е основана.

Истата комисија нема да дозволи да се стави во функција на дневно-политички функции, што е значајно, бидејќи токму во пресрет на локалните и на претседателските избори партиите дојдоа до консензус за формирање на ова значајно тело.

Мислам дека денес се отвора едно поглавје, ново поглавје, а ова е поглавјето на затворањето на едно горко минато. Пречистување, би рекла, на едно минато од кое последиците се уште се присутни во нашето општество, во нашите семејства, во цели генерации граѓани или државјани на поранешни комунистички држави. Ценам дека со отворањето на ова ново поглавје ќе придонесеме било како и на симболичен начин за смирување на духовите, би рекла, иако ова може да звучи малку сензитивно или болно, но и покрај тоа вистинито да се смират душите на сите семејства на прогонетите, кои моежеби и ден денес живеат со дилемите зошто беа жртви на минатиот режим, зошто беа жртви на диктатурата, зошто беа прогонети, исклучени и зошто можеби се уште и ден денес плаќаат и носат одредени цени во одос на еден антидемократски режим.

Уште еднаш на Комисијата и посакувам плодна успешна работа и очекувам една продуктивна соработка. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам и јас.

За реплика се јави г-динот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Накусо сакам да реплицирам околу некои од искажаните ставови.

Во суштина посебно во своето излагање г-ѓа Мехмети ги искажа и дилемите околу Комисијата за лустрација. Значи, овој процес на лустрација според мое убедување требаше да го изврши една многу стручна комисија составена од високи професионалци, без политички беграум, меѓутоа во Република Македонија изгледа дека не можеме да направиме независно тело кое ше функциоира согласно Уставот, закоите и другите прописи.

Постојано е неопходен политички договор или пазар за нешто да се заврши и од тој аспект не треба да имаме големо очекување дека оваа Комисија ќе биде самостојна, независна и ќе ги лустрира оние што треба да ги лустрира.

Инаку се согласувам дека ова е еден процес лустрација кој што ќе трае и сугурно дека ќе има некои ефекти, но мислам дека со овој процес не се обезбедува рехабилитација на сите оние што настрадале од мерките, од политиките или од тоа што се случувало во еден претходен режим. Така да можеби е добро да се размисли да се започне подготовка на еден законски проект, законски решенија кои што ќе обезбедат рехабилитација на сите оние што настрадале како резултат на системот што во тоа време ни ги лустрирал, или пак настрадале со тешки последици и за себе и за нивните семејства.

Така да во оваа прилика сакам да ја иницирам потребата од носење на нов закон за рехабилитација на жртвите на стариот систем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарм и јас.

Има збор г-динот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам г-дине претседател.

Сакам во име ДПА и јас да го поздравам ова финализирање на избирањето на Комисијата за верификација на фактите. Цениме дека е значаен процес, иако наспроти другите земји во регионот и земјите на поранешниот источен блок Македонија е многу назад што се однесува до овој процес, но сепак цениме дека е добар почеток, што барем се почнува со расветлување на некои аспекти од еден систем за кој што цениме дека беше погрешен и штетен систем.

Формирањето на оваа Комисија и има посебно значење и што се однесува на фактот дека претседателот на оваа комисија ќе биде претставник од опозицијата, ова е добра симболика која што гарантира дека нема да има зависност на оваа Комисија од државните институции или пак од паралементарното мнозинство.

Меѓутоа без сомнение мораме да констатираме дека оваа Комисија сама по себе не може да си ја заврши работата, која што според законот и е обврска и доколку нема целосна подршка од институциите кои што се занимаваат со ова прашање, почнувајќи од институциите кои што изготвуваат досиеа, институциите на прогонот и слични, кои што се под контрола на парламентарното мнозинство.

Втората симболика е доста силна симболика на оваа Комисија, е тоа што претседателот на оваа Комисија е Албанец, мислам дека ова има посебно значење, како што спомнав на самиот почеток, има силна симболика, затоа што заедно треба да констатираме дека Албанците во минатиот систем биле всушност, оние кои што биле најмногу прогонувани. Ќе се потворам со воведот во мојата дискусија дека ова е само почеток и верувам дека треба да се почне со еден целосен процес на расфетлување на сето она што се случувало во еден минат мунистички систем. Значи, обединување на факти, што се однесува на политичките прогонства, меѓутоа и на етничките прогонства на еден минат систем.

Значи, уште еднаш го поздравувам формирањето на оваа комисија и го поздравувам и постигнатиот консензус меѓу четирите најголеми политички партии. Без сомнение дека гласот на Демократската партија на Албанците ќе биде за. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Ве потсетувам дека врз основа на член 15 став 1 од Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција, одлуката за избор на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите, се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, дали има услови да преминеме на гласање.

Во салата се присутни 88 пратеници, има услови да поминеме на гласање.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 87 пратеници, за Предлогот на одлуката гласаа сите 87 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

За збор се јави господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Сосема кратко од позиција на претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, сакам да посочам повеќе поради јавноста, отколку поради колегите, кои практично и се вклучени во целиот овој процес.

Собранието на Република Македонија пред два месеци донесе одлука за прв пат за формирање на постојано работно тело во Собранието на Република Македонија Комисија за локална

самоуправа, во чија надлежност ќе бидат сите оние одлуки и акти и закони, кои што се поврзани со работата на локалната самоуправа.

Ценам дека денешното изгласување на составот на Комисијата за локалната самоуправа, претставува уште еден исчекор напред во работата на Собранието на Република Македонија и во задоволување на секојдневните потреби на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, за гласаа сите 75, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за именување на заменик на претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер**

Предлогот ви е доставен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот, да се пријават за збор.

За збор се јави госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе.

Би сакала најпрвин да кажам дека Собранието треба заедно со носењето на оваа одлука, можеби да даде и една изјава, со која што ќе им каже на нашите соседи Република Албанија, дека ниту биографијата, ниту предлогот претставуваат закана за територијалниот интегритет на Република Албанија и дека не претставуваат никакви територијални претензии.

Имено, ако забележите во кратката биографија на предложениот кандидат Блерим Исеини, ќе се види дека тој е дипломиран новинар во Универзитетот во Тирана, Република Македонија. Сега, нормално, секој ќе каже таква техничка грешка може да се случи, меѓутоа, знаете како, ова покажува нешто сосема друго. Ова покажува дека ниту Владата, ниту службите во Собранието, а уште помалку пратениците во Собранието на Република Македонија не ги читаат материјалите, ниту пак биографиите на кандидатите на кои што им даваме голема доверба.

Сметам дека навистина, можеби не е преседан, ама ако не е преседан, повторно е скандал. Така лесно поминуваме преку точки на дневен ред, без никој да не се занимава. Јас кога забележав реков и ова е едно од многуте такви грешки и искрено речено имав дилема дали треба да говорам или не на оваа тема.

Меѓутоа, сметам дека ова го покажува односот кој го има Владата кон кадровската политика, се штанцаат и биографии и кандидати без да се познаваат и да се читаат материјалите и ова уште пострашно го покажува односот на Владата кон Собранието на Република Македонија. Зашто да не заборавиме ова не е биографија која сме ја добиле директно од кандидатот. На овој материјал и на овој предлог стои печатот на Владата на Република Македонија и еден од најважните потписи од Владата на Република Македонија, а тоа е потписот на вицепремиерот Ставрески. И тој се потпишал дека Универзитетот во Тирана се наоѓа во Република Македонија. Шегата настрана, именуваме луѓе без било кој да знае кои се, од каде се и колку работеле. Ова не е прв случај, нема да биде ни последен. Ние немаме ништо против кандидатот кој што е предложен. Напротив ќе го подржиме. Меѓутоа, ваквиот однос кон Собранието и кон Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите е најблагоречено непристоен.

Бидејќи се јавив за збор, сакам да кажам дека зборуваме за потпретседател на важна комисија, Комисија која треба да го брани она што во Македонија целосно е забрането, а тоа е правото на граѓаните да пристапат до информации кои се однесуваат на нивниот живот. Македонија два пати по ред во две недели добива катастрофални извештаи и од Херетич фондацијата, која ако толку им е важно на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, една десно ориентирана фондација, сериозно десно ориентирана фондација, и од организацијата Фридам хаус, која што години по ред ја анализира Македонија и години по ред успевавме колку толку, оценките барем за малку да одат нагоре. Сега имаме пад во сите точки. Слобода на граѓаните, фер и демократски избори, институции кои што не функционираат, судство кое што е корумпирано и непрофесионално и за тоа секој ден имаме примери. И она што е сега за изненадување, можеби на Владата на Република Македонија и економските слободи се полоши отколку во претходниот извештај. Значи, приказната не ни оди политика, ама во економијата стоиме супер, веќе не поминува ниту во странската, ниту во домашната јавност. Оваа е Комисијата која што требаше барем малку да ја зголеми одговорноста на државните институции и со тоа што ќе гарантира пристап до информациите кои ги бараат граѓаните да ја подобри македонската демократија. Јас не мислам дека проблемот е во оваа Комисија. Меѓутоа, Комисијата мора да сфати дека добива плата и добива одговорна функција, за да понекогаш и се спротистави на Владата. Таа Комисија функционира повеќе од две години. Останаа неодговорени прашањата за интересните тендери спроведени од Владата. Никој до ден денеска не ги отвори како прашање.

Антикорупциската комисија се решава да отвори корупциски случај само направен во 2002 година од пред претходното раководство на една државна институција. Останаа неодговорени сите прашања за владините кампањи, останаа неодговорени врските за непотизам, корупција итн. Комисијата сега за сега не одговара за својата функција. Ние се надеваме дека со изборот на нов заменик претседател на Комсијата некои од тие состојби ќе се менуваат. Ама ако овој е односот кон Комисијата, тогаш ние не би требало ни како Собрание, ни како опозиција да бидеме многу големи оптимисти.

Значи, да заклучам и јас ќе го дадам својот глас за кандидатот, а остро сакам да се спротиставам на оваа пракса од страна на Владата и од страна на Собранието да се толерираат и вакви грешки, кои некој може политички да ги злоупотреби, а кои што само покажуваат дека луѓето кои што ги предлагаме ниту им ги читаме биографиите, ниту ги познаваме. Сметам дека на овој начин и е направена грешка, или и е направена контрауслуга на самата Комисија која што ќе стартува и со вакви можеби ситни, ама доволно илустративни препреки. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Алити Рафис, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам претседателе.

Мило ми е што пратеничката Шекеринска навистина внимателно ја прочитала автобиографијата на Блерим Исени и добро е тоа дека освен Владата имаме и Собрание, но и во Собранието има опозициски партии, кои секогаш да исправат некоја грешка која ќе се направи како пропуст од страна на Владата. Не е оваа прва грешка. И во минатото сме имале грешки од овој тип кои сме ги исправале. Но, мојата реплика е во однос на тоа дека жалам што пратеничката Шекеринска, сигурно дека никогаш не ги следела вестите на албански јазик на втората програма на МТВ и токму поради тоа и не го познава минатото на овој кандидат предложен за оваа функција. Јас со голема увереност ќе ви кажам дека е еден добар новинар во МТВ и истакнат кој дал голем придонес во таа телевизиска куќа и не случајно е предложен за потпретседател на оваа Комисија, така што, е едно позитивно што се согласувам со пратеничката дека не треба да се драматизира тоа дека Тирана или Македонија имаат територијални претензии кон Тирана или спротивното. Добро е што ниту Македонија нема територијални претензии, но ниту Тирана нема такви претензии кон Македонија, туку едноставно се работи за грешка која се случува и тоа секако, е како пропуст. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Со господинот Исени сум имала прилика да се запознам, бидејќи соработуваме со сите редакции и прашањето не беше насочено очигледно кон пратеничката група која го предложила, партијата која што учествува во власта, туку кон оние кои би требало ова пред да го испратат до Собранието да го прочитаат. Грешки се прават, ама сметам дека серија на грешки од кандидатот преку Владата до Собранието се недозволиви. Тоа покажува, велам дека никој не ја прочитал и таа биографија која кандидатот ја доставил, а тоа е непочитување кон кандидатот.

Сметам дека со вакава значајна работа овој нов заменик на претседател на Комсијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите стартува со слободен пристап до дезинформации кон граѓаните на Република Македонија и мислам дека тоа е лошо. Но, најлошо од се е што Владата без да чита дала зелено светло.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот Блерим Исени да биде именуван за заменик на претседателот на Комисијата за зашита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, за гласаа сите 72, воздржани нема, еден против.

Констатирам дека Блерим Исени е именуван за заменик на претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Минуваме на точка 4 - Предлог за именување член на Советот на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија**

Предлогот ви е доставен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот доктор Сашо Поповски да биде именуван за член на Советот на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 70 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека д-р Сашо Поповски е именуван за членна Советот на јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на Резолуција за миграционата политика на Република Македонија 2009-2014 година.**

Предлогот на резолуцијата и Извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по предлогот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се има јавено заменикот министер за внатрешни работи, повелете.

**Џевад Бучи**: Благодарам претседателе.

Во контекст на хармонизацијата на националното со европското законодавство во областа на миграциите, согласно Законот за странците утврдено е дека Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија донесува резолуција за миграциона политика со која ќе се укаже на состојбите, проблемите и мерките кои ќе се преземат во оваа област на миграцијата.

За таа цел Владата формираше меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија која ја подготви оваа резолуција за миграциона политика согласно Законот за странци и Законот за вработување и работа на странци.

Имајќи ја предвид комплексноста на оваа резолуција која за прв пат се донесува во Република Македонија и која ја осликува миграциона политика за периодот 2009-2014 година во иницијалните активности насочени кон подготовка на овој документ се користеше стручна помош од домашни експерти ангажирани преку ИОМ Канцеларијата во Скопје како и стручна помош од меѓународниот експерт ангажиран преку АИТ МПД.

Во изминатиот период меѓуресорската група за креирање на миграционата политика интензивно работеше најпрвин на конципирањето на овој документ, а потоа и на дефинирање на неговиот текст во насока на презентирање на фактичката состојба, проблемите и мерките кои ќе се преземат во областа на миграциите.

Имено, согласно утврдената методологија на работа на меѓуресорската група, договорена на одредени работни состаноци, во соработка со меѓународните експерти, по изготвувањето на првичната работна верзија беше преведена и препратена на мислење до меѓународната експертска група со седиште во АИТ МПД ИОМ.

Добиените сугестии беа инкорпорирани во оваа резолуција и истите беа подготвени за нејзино финализирање.

Оценка е дека реализацијата на наведените активности во целост го подобри квалитетот на овој документ и придонесе автентично да ја отслика миграционата политика на Република Македонија, а воедно да ги интегрира модерните европски трендови при што истиот се карактеризира со исклучителна конзистентност, компатибилност насочени кон постигнување на неговата основна цел. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на резолуцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за Предлогот на резолуцијата гласаа сите 64 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Резолуцијата за миграционата политика на Република Македонија 2009-2014 година.

**Минуваме на точката 6 - Интерпелација за работата на министерот за образование и наука господин Перо Стојановски.**

Интерпелацијата и писмениот одговор на поставената интерпелација ви се доставени.

Ве известувам дека согласно член 49 став 1 од Деловникот на Собранието претресот по интерпелацијата трае најмногу еден работен ден.

Согласно член 48 став 1 од Деловникот на Собранието еден од пратениците што ја поднеле интерпелацијата има право на седницата на Собранието да ја образложи, во траење од 20 минути.

Дали некој од подносителите сака да ја образложи интерпелацијата?

Има збор пратеникот Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова**: Почитувани граѓани на Република Македонија, дозволете ми на почетокот прво да го поздравам од името на пратеничката група на СДСМ примерот за "независното судство и обвинителство на Република Македонија" присуството на пратеникот Џемаили на денешната седница.

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓо Славица Грковска Лошкова, разговараме за интерпелацијата на министерот за образование и наука.

**Славица Грковска Лошкова:** Симболот за тоа како се врши притисок од страна на извршната власт врз судската власт.

Впрочем, за тоа зборуваме и денеска. Изминатите две години Република Македонија ги пропушти сите историски шанси за достигнување на своите национални приоритети. За Владата на Република Македонија не се приоритети стратешките определби на Република Македонија и на нејзините граѓани, за Владата на Република Македонија единствен приоритет беше популистичката политика и сеуште е популизмот и мерки кои единствено влијаат на нејзиниот рејтинг и кои создаваат розова слика преку рекламните кампањи за кои се трошат огромни буџетски средства токму од парите што граѓаните ги уплаќаат на оваа држава.

За жал, образованието од страна на Владата на Република Македонија се третира единствено како средство и механизам за креирање на популистички политики наместо да биде еден од главните стратешки приоритети за зајакнување на нашата држава за тоа како да се подобри квалитетот во образованието и за тоа како преку образованието Република Македонија да ја достигне својата подобра позиција на меѓународен план и пошироко.

Денеска се соочуваме со една, би ја нарекла, пародија од одговор на интерпелација заради тоа што до сега не се случило во Собранието на Република Македонија одговор на интерпелација да бидат најголемиот дел цитат од законски решенија, меѓутоа, претпоставувам дека министерот немал друга можност заради тоа што сите аргументи кои ние ги наведовме во интерпелацијата се несоборливи и реален приказ за она на кое ниво е образованието во Република Македонија денес.

Меѓутоа, меѓу тие малку, неколку реда слободен исказ на министерот за образование и наука нема ниту збор за 230 илјади евра хонорари доделени на министерот и на неколку вработени во Министерството за образование и наука, нема збор за Договорот со СОНК за доделување на решенија за неопределено на оние наставници што сеуште ги немаат, нема ни збор за корупцијата произлезена од проектот “ компјутер за секое дете” и како е можно токму фирмата од која министерот дојде како функцинер во извршната власт да го има ексклузивното право за овие компјутери, нема ниту збор за сите оние проблеми кои беа наведени во интерпелацијата реално претставуваат проблем за функционирањето на образовниот систем во Република Македонија.

Меѓутоа, колку и да се обидувате преку рекламни кампањи да ја направите сликата розова, учениците, наставниците, родителите се оние кои секојдневно се соочуваат со проблемите кои очекуваат да бидат решени. Верувајте дека нема да ги залаже она што вие сакате да го претставите преку рекламните кампањи.

Изминатите две години се соочивме со се, освен со сериозен концепт и стратеѓија во образованието. Најголемата иронија е тоа што во одговорот на интерпелацијата министерот вели, замислете , за прв пат државата почна да води стратегија во делот на образованието односно да води една суштинска политика на сите нивоа на образование, основното, средното и високото. Оваа реченица единствено ќе беше точна ако министерот успеа да собере храброст и да признае дека за прв пат државата почна да води стратегија на хаосот во делот на образованието заради тоа што сите мерки кои беа преземени беа ад хок мерки без претходна сериозна анализа, без консултации со експертски тимови, без согледување на реалната состојба во образованието исклучиво со цел да бидат искористени за популизам и во функција на предвремените парламентарни избори кои се одржаа во Република Македонија.

Ова, почитуван министре, ќе ви го замерат вашите сегашни сопартијци заради тоа што да се каже дека до сега во Република Македонија немало воопшто стратегија во делот на образованието премногу смела за било кој граѓанин на Република Македонија кој е дел од образованието, а особено за некој што би требало да биде добро информиран. Ваква изјава е недупустлива за министер за образование кој би требало да знае дека има претходно стратегија, дека има национална програма за реализација на стратешките определби во Собранието и тоа од предучилишното до високото образование кое меѓу другото беше усвоено од ова Собрание од сите пратенички групи заради тоа што беше резултат на дебатата на експертски тимови, меѓутоа и на политички претставници од сите партии во Република Македонија.

Ова само го покажува дилетантизмот со кој го водите секторот образование и долетантизмот општо на Владата на Република Македонија со кој пристапува кон образованието. Меѓутоа, вам тоа не ви пречеше воопшто да ги искористите сите механизми кои ви стојат на располагање како министер и како Влада да ги нападнете наставниците, да се обидете на сите можни начини да го ускратите нивното уставно загарантирано право на штрајк заради тоа што не беа задоволни, бидејќи ги излажавте и не го исполнивте ветувањето кое со нив го склучивте пред изборите 2006 година.

Вам не ви пречеше да излезете и да изјавите дека сите оние наставници кои ќе продолжат да штрајкуваат дека ќе бидат санкционирани, дека ќе бидат казнети и иронијата да биде уште поголема да тврдите дека тоа воопшто не претставува форма на притисок. Вам воопшто не ви пречеше да одите над државата да одржувате средби со директорите и да ги принудувате да вршат притисок врз наставниците да престанат со штрајкот и да ги натерате да одржат настава за време на штрајк. Вас воопшто не ви пречеше тоа што Владата на Република Македонија користејќи ги средствата на граѓаните ги бомбардираше сите медиуми со десет минутно соопштение за тоа како СОНК и наставниците се дрзнале во вакви услови во кои е Република Македонија да штрајкуваат и да бараат поголеми плати како да е тоа нивниот најголем грев. Вие не застанавте во одбрана на наставниците, напротив, вие застанавте на другата страна. Наместо да застанете прв во достигнувањето на нивните барања. За среќа, граѓаните паметат дека се до штрајкот на СОНК воппшто не се спомнуваше криза во Република Македонија. Се до штрајкот на СОНК ние живеевме во една идеална економска благосостојба како резултат на работењето на оваа Влада 24 часа 7 дена во неделата, меѓутоа наеднаш кога СОНК излезе со

барања за зголемување на платите, бидејќи имаме одлична економска состојба во државата наеднаш се сетивте дека рецесијата ќе ја погоди и Република Македонија и дека во такви услови таквото барање на наставниците било, благо речено, дрскост.

Јас мислам дека треба да се засрамите заради ваквите искази, заради таквите постапки и уште повеќе наместо да ги обвините наставниците дека бараат птреку леб погача да се потрудите да ги подобрите условите во кои работат и да се потрудите да ги остварите ветувањата кои им ги дадовте на неколку наврати, а ги излажавте.

Јас сум убедена дека така ќе заврши и овој договор заради тоа што по начинот на кој се однесувате кон договорот што сте го склучиле со СОНК ми дава право на таков заклучок. Вие воопшто не го спомнувате комплетниот договор со СОНК во одговорот на интерпелацијата.

Кога би се обиделе да направиме одреден пресек во секој дел, во секој сегмент од образованието, би било навистина тешко да се опфати се за време од 20-тина минути колку што имаме, согласно новиот Деловник. Меѓутоа, ќе се обидам во кратки црти да опфатам само некои сегменти кои предизвикаа навистина сериозни последици во образовниот систем и кои сеуште се чувствуваат и понатаму сериозни последици по државата.

Кога разговаравме за деветтолетката бевме обвинети, бидејќи како опозиција сме сметале дека сеуште Министерството не ги направило сите подготовки за почеток на ваквата важна реформа во нашиот образовен систем. Тогаш не убедувавте дека роковите од 10-20 дена за обука на наставниците се во ред, дека се е подготвено за почеток на деветолетката, дека просторните услови не се никаков проблем, меѓутоа, за жал, при реализацијата при почетокот на деветолетката се покажа сосема спротивното. Се покажа дека има проблеми со просторот, дека нема соодветни столчиња и клупи за малите деца кои допрва почнуваат и кои бараат посоодветни услови за да можат да издржат на 5-6 годишна возраст на настава, се покажа дека обуките за наставниците сеуште не се довршени и дека наставните програми освен што не беа довршени, не соодветсвуваат на возраст на деца од 6 години. Трагедијата да биде уште поголема не убедувавте дека нема да има никаков проблем со учебниците, дека на децата на почетокот на учебната година не им требаат учебници заради тоа што наводно повторуваат во првите два месеци што не би можело да го каже ниту едно дете што е ученик во основно и средно училиште а камоли некој што е одговорен за секторот образование.

Јас се прашувам зошто не почувствувавте обврска како министер за образование да побарате одговорност од директорката на Бирото за развој на образованието заради ваквата изјава. Меѓутоа, тоа што изненадува уште повеќе што во секоја наредна изјава откако помина и првото тромесечје оваа година вие ги убедувавте медиумите и ја убедувавте јавноста дека учебниците само што не се готови. Меѓутоа, излезе дека учебниците не беа готови ниту во септември ниту во ноември, туку сега пред крајот на Новата година во декември и трагедијата да биде уште поголема сеуште има учебници кои не се излезени и вие за тоа не чувствувате никаква одговорност.

Да не зборувам за конкурсите што ги распишавте во декември за учебници за основно и средно образование, каде што вие апсолутно го игнорирате фактот со кој што се фалите дека постои предмет англиски јазик. Со тоа што воопшто не давате можност на конкурс да се јават автори, односно издавачи од Република Македонија и да конкурираат за учебник по англиски јазик, вие ја поттикнувате корупцијата во учебникарството, во еден дел. Тоа го покажуваат последните два конкурси, тоа го покажува и тенденцијата на Минситерството, каде преку законското решение, со што воопшто не дава можност преку конкурс учебниците по англиски, по француски, по странски јазици да излезат на мегдан заедно со домашните издавачи и на тој начин да бидат рамноправни. Напротив, давате ексклузивно право на еден човек да одлучи кој од овие учебници ќе бидат одобрени за употреба и кои ќе се користат во училиштата.

За Проектот “Комјутер за секое дете” сме зборувале многу пати. Меѓутоа Проектот “Комјутер за секое дете” прерасна во сапуснка серија од повеќе од 100 епизоди, затоа што започна 2007 година во септември, како најава, а требаше, според најавата на премиерот да заврши на крајто на таа година. Но, потоа беше пролонгиран за неколку месеци, па уште за неколку месеци, па уште за неколку месеци, да дојдеме во ситуација на почетокот на 2009 година Проектот “Комјутер за секое дете” сеуште да не биде завршен.

Што е најинтересно, сите, почнувајќи од учениците од основно образование до вас, да признаете дека Проектот “Комјутер за секое дете” не е финализиран и во овој момент е пропаднат Проект во Република Македонија. Заради тоа што целата што се сака, што би требало да се постигне со Проектот “Комјутер за секое дете” е тоа како компјутерот да се користи како средство во наставата, а не како играчка што во даден момент, во текот на часовите може да им користи на учениците да одат на интернет и да се занимаваат со некои интересни за нив страни.

Дека тука нема концепција, дека тука нема визија за тоа што ќе се прави со тие компјутери е и изјавата на еден ваш колега, задолжен за информатичко општество кој на првиот училишен ден единствено што ги праша децата е дали имате компјутер, а имате интернет? Како интернетот да е најважната стратешка работа што треба со овој проект да се постигне.

Нема обучено наставници, сеуште нема апликативни софтвери, има само во еден дел, во одреден дел на училишта компјутери што стојат на масите, што за жал фаќаат прашина и не можат да се употребуваат за целта за која што се наменети. Кога ве уверувавме дека прво треба средствата да ги користите за подобрување на инфраструктурата во училиштата, за подобрување на мрежна инсталација и сите предуслови за почеток на таков проект, вие не обвинивте дека ние сме биле против тоа да има компјутери во училиштата. Не, тоа не е точно. Ние сме против само начинот на кој што го изведовте проектот, без никаква концепција и против сме вашата безидејност за начинот на кој што компјутерите треба да се употребуваат во училиштата.

За високото образование сме зборувале многу пати. Очигледно ја постигнавте целта. Вашата цел со Законот за високо образование да се девалвираат постојните државни универзитети, мислам дека успеа, имајќи го во предвид фактот што тројцата ректори на државните универзитети се потпишани на претседателската кандидатура на кандидатот за претседател на Република Македонија на вашата политичка партија, со што се покажува дека сме биле во право дека сакате да воведете политичка контрола над државните универзитети.

Вашиот Проект "Факултет во секој град" пропадна, заради тоа што се покажа дека она што вие го велевте дека факултетите би требало да бидат поблиску до сите граѓани од финансиски прични, не е точно. Заради тоа што на крајот на уписните рокови се покажа дека скопјаните ќе мора да одат да стуридаат во Штип и Велес, а обратно, оние од Велес, од Штип и градовите од внатрешноста да студираат во Скопје. Со тоа, практично се демантира едниот од аргументите за ваков проект, дека се финансиските причини.

Уште повеќе, што се покажа дека таквото брзоплето отворање на речиси 30-тина факултети без претходна анализа даде како резултат комплетна незаинтересираност за одредени факултети. Имавме случаи по еден, двајца, тројца пријавени кандидати, што покажува дека и овој Проект, исто така, ад хок предложен, без ниаква концепција, пропадна во вода. Меѓутоа, средства од Буџетот на Република Македонија за тоа сепак се потрошија.

И конечно на крајот, господине Стојановски, јас не знам дали сте свесен дека бевте најекспонираното лице во медиумите од септември до декември минатата година. Бевте присутен во медиумите повеќе и од најпознатите естрадни ѕвезди во Република Македонија заради лошата политика и заради лошата состојба во образованието во Република Македонија. Затоа треба да си одите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Би сакал да ги известам пратениците дека по однос на излагањето на госпоѓа Славица грковска Лошкова, таа се произнесе и ја образложи интерпелацијата што е поднесена согласно член 48 од Деловникот. Исто така, после неа ќе се произнесе, ќе го образложи својот писмен одговор господинот Перо Стојановски министер за образование и наука, согласно член 48.

Потоа се отвора претрес по интерпелацијата. Тогаш ќе може на говорите од пратениците да има реплики и контрареплики. Затоа би сакал да продолжиме, а оние кои се пријавени за реплики да се избришат од дисплејот.

Продолжуваме понатаму.

Согласно членот 48 став 2 од Деловникот на Собранието, министерот за образование и наука господинот Перо Стојановски има право на седницата на Собранието да го образложи својот писмен одговор на поставената интерпелација во траење од 20 минути.

Господине Сафет Незири вие сте пријавен за реплика или процедурално.

Процедурално, повелете.

**Сафет Незири:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Прво една процедурална забелешка до вас. Требаше уште на стартот на нашата колешка Славица Грковска Лошкова да и го земете зборот затоа што уште на старот направи повреда на Деловникот на Собранието. Таа, на директен, екстремен и циничен начин ги прекрши, ги навреди одлуките што ги донел судот во Македонија, што се однесуваат на нашиот колега Хисен Џемаили.

Мислам дека Славица Грковска, наместо да излезе во заштита на судството, таа го обвини парламентарното мнозинство, го обвини и судството, а исто така и нашиот почитуван колега Хисен Џемаили. Наместо да се оди со начелото на заштита на улогата на секој колега, како што сме делувале и ние во текот на минатите мандати, во заштита на еден наш колега од СДСМ, кога му се одзеде имунитетот, излеговме во заштита на истиот.

Мислам дека Славица Грковска направи флагрантно прекршување, во прв ред колегијално, а потоа мешање во внатрешните работи на судството, да речам условно, во насока на одлуката што ја има донесено, во однос на одлуката за Хисен Џемаили. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Сакам да ве известам дека госпоѓа Славица Грковска Лошкова, откако го спомна тоа, од моја страна имаше реакција. Мислам дека соодветна беше реакцијата.

Процедурално побара збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас не знам каде господинот Сафет Незири виде прекршување на Деловникот од страна на колешката Славица Грковска. Таа само го поздрави доаѓањето или враќањето на господинот Хисен Џемаили во ова Собрание и ова е навистина колегијално.

А констатацијата на мојата колешка  дека со неговиот случај, како Хисен Џемаили и односот на судството и Јавното обвинителство во овој случај, уште еднаш се потврди дека навистина политичките притисоци во Република Македонија функционираат и тоа на највисоко ниво и тоа се докажа конкретно со овој случај, а секако се поакжува и секојдневно со многубројни случаи.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Дали минситерот за образование и наука, господин Перо Стојановски сака да го образложи својот писмен одговор по поставенат аинтерпелација?

Има збор министерот за образование и наука, господин Перо Стојановски, повелете.

**Перо Стојановски:** Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници,

Интерпелацијата што е поднесена кон крајот на 2008 година ќе ја искористам како резиме за до сега стореното. Поставените прашања ќе ги искористам како главни оски за да се добие увид во реализацијата на започнатите проекти.

Според кривата на нормална распределба, може да се забележи дека во започнатите проекти некаде се среќаваме со висок процент на реализација на зацртаните цели, некаде во текот на работата ги решаваме пречите што се појавуваат, а некаде вложуваме дополнителни напори за да развиеме нов пристап во услови на немање на долгогодишна стратегија.

Најодговорно тврдам дека Министерството за образование и наука ги користи сите начини соодветно да одговори на сите предизвици со цел да се промовира и унапреди воспитно образованиот процес на сите нивоа.

Фактите говорат дека за краток период се започнати крупни и големи промени, за чие заживување е потребно време. Реализацијата на започнатите проекти паралелнос е одвива во повеќе области итоа во делот на развојноста на образованието, вложување во човечките ресурси, подобрување на инфраструктурата, зајакнување на соработката со локалната самоуправа и тоа на сите три нивоа на образованието: основно, средно и високо образование.

Тргнувајки до анализата на основноот образование во Република Македонија, како и на задолжителното образование во други држави во Европската унија се изготви концепцијата за воведување на деветогодишно основно образование и воспитание во нашата држава, со нов наставен план, нови наставни програми за основните училишта, со што се создава основа за подборување на содржината, организацијата и квалитетот на основното воспитание и образование.

За развивањето на предложените промени земени се предвид достигнувањата на науката за образование и воспитани, препораактие на Советот на Европа и другите меѓународни организации, а особено исксутвата од Австрија, Велика Британија, Германија, франција, Данска, Финска, Шветска, Словенија, Хрватска и другите европски држави.

Сепак, посебно внимание е посветено особено на искуството што е стекнато со развојните истражувања и иновации во наставата со голем број основни училишта во Република Македонија. Во тој  поглед, повеќето од предложените решенија во концепцијата за деветогодишно основно воспитание и образование всушност се проверувани во нашата педагошка практика.

Со воведувањето на деветолетката суштински се менува основното образование. Фокусот е ставен во развивање пред се на вештините во првото тролетие, вредностите во второто и знаењето во третото тролетие.

Со изучување на англискиот јазик уште од прво одделение, на учениците им се дава можност многу полесно да дојдат до информациите во глобалниот свет. А во овие современи услови, информацијата претставува моќ.

Истовремено, за оваа година се имплементира и проектот за зголемен фонд на часови по физичко образование од 2 на 3 часови во неделата, за чија потреба започнавме и со проектот за изградба на поголем број училишни спортски сали и за реновирање на постојните.

Од годинава почнавме со два нови изборни предмети во петто одделение: веронаука и запознавање на религиите. Во наредната година, во шестото одделение децата можат да го изучуваат и предметот етика. Со можноста да се избира помеѓу двата предмета ја зголемуваме можноста за развој на потолерантно и подемократично опшество.

Во Наставната програма подготвена од Бирото за развој на образованието јаснос е дефинирани целите што треба да овозможат учениците интегративно да го запознаат, чуваат и развиваат сопствениот верски и културен идентитет, но воедно почитувајки се и себе си, учат да ги почитуваат и другите.

Прифаќањето на различниот од себе, независно на која религија и определба припаѓа, значи подржување на општочовечките вредности за тоелранција, верба, љубов, мир и почитување на семејството. Но, истовремено развивање на потребата за континуирана доедукација и усовршување.

Токму затоа со воведувањето на задолжителното средно образование ги подржуваме реформите во образовниот систем, во насока на создавање на квалификувана работна сила што ќе одговори на

потребите на пазарот на трудот. Затоа што еден од најзначајните фактори во одлучувањето на странските инвеститори за вложување во земјава е расположливата стручна и високомотивирана работна сила.

Заради сево ова, уверен сум дека образованието ќе не извлече од сиромаштијата. Затоа цврсто стојам зад промените на Законот за средно образование.

Во таа насока Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука оваа учебна година обезбеди бесплатни учебници за учениците од семејствата примател и на социјална помош. Од наредната учебна година ќе бидат обезбедени бесплатни учебници за сите ученици, согласно новиот Закон за учебници за основно и средно образование.

Исто така, за учениците од прва година средно образование обезбедено е бесплатно сместување во ученичките домови и бесплатен превоз, во зависност од тоа на кое растојание живеат во однос на местото каде се одвива наставата.

Задолжително средно образование подразбира дека секој оној кој го посетува да има загарантирано право за стекнување со одреден стручна квалифиакција, конкурентна на пазарот на трудот или пак можност за продолжување на образованието на некои од високообразовните институции. Што подразбира соодветен завршен стручен испит или полагање на државна матура, во зависност од изборот на ученикот.

За спроведување на државната матура, врз основа на резултатите, можеме да направиме реални анализи на квалитетот на воспитнообразовниот систем. Со државната матура, што се реализираше преку национално стандардизираните тестови на државно ниво се спроведе проверка на знаењето на сите ученици и верификување на нивното знаење стекнато во изминатите 4 години. Тие показатели се основа врз која можеме да правиме интервенции во системот.

Во делот на високото образованеи, со политиката на деконцентрација на високообразовните институции постигнавме зголемување на бројот на студенти во прва година, што изнесува опфатност од околу 85% од завршените средношколци, за разлика од 2006 година кога овој процент изнесуваше само 42%.

Во земјава имаме околу 46 илајди студенти кои студираат на државните и приватните универзитети. Имајќи го предвид фактот дека според светските стандарди на еден милион жители посакуваната бројка е 30 илајди студенти, а Република Македонија што е приближно со над 2 милиони жители треба да има најмалку 60 илајди студенти, повеќе од јасно е дека во овој момент ние сме далеку од оваа бројка.

Со отворањето на новите факултети и дисперзираните студии се постигнува деконцентрација на високото образование и истото го правиме подостапно за сите. А со тоа се доближуваме и до европските и светските стандарди.

Со донесувањето на Законот за високото образование и Законот за изменување и дополнување на Законот за високо образование се имплементираат основните принципи и препораки на Болоњската декларација и се воведуваат новини во високообразовниот систем на Република Македонија. Со промовирањето на концептот на интегриран универзитет се обезбедува функционална интеграција на универзитетот, што ги интегрира функционалните единици во својот состав и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување.

Високообразованта установа нема да наплатува партиципација за дава без родители, лица од прв и втор степен на инвалидност, воени инвалиди и лица растени во домови за напуштени лица.

Високообразовните установи организираат студи од трет циклус, што до сега беа организирани на менторски систем.

Согласно новите критериуми за избор на помлад асистент, помлад лектор односно помлад уметнички соработник, може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус.

Институциите, задолжително треба да издаваат додаток на диплома, а за заедничките организиранис тудии со другите универзитети во Република Македонија и странство може да издаваат заедничка диплома или џоин ди гри, како јавни документи.

Се формираше ректорска конференција на јавни универзитети, ректорска конференција на приватни универзитети што прашањата од заеднички интерес ги решаваа на интеруниверзитетска конференција. Сите овие работи зборуваат за поголема автономија и отворање на можностите за мобилност на студентите и научно-наставниот кадар, а не за упад во автономијата на универзитетот.

Почитувани пратеници, главни носители на сите овие реформи се просветните работници. Научно-наставните кадри, советниците во Бирото за развој на образованието, стручните служби во училиштата и секако менаџерите на училиштата. Успехот неминовно ќе изостане доколку не се вложува во човечките ресурси на целокупната училишна заедница.

Да го истакнам и тоа дека во изминатиот период интензивно се даваше стручна поддршка на наставниците од одделенска настава и предметните наставници во основното, гимназиското и средното стручно образование. Затоа паралелно со реализацијата на проектите се одвиваше и обуката на советници од Бирото за развој на образованието, од страна на меѓународни и домашни експерти и тоа за описно оценување во првиот период на деветгодишното основно образование, за план и евалуација на

првиот училишен период и за следење и вреднување на знаењето. Имаше обуки за советници, за подготовка на тестови за екстерно проверување на постигањата на учениците, обуки за наставниците од Бирото за развој на образованието за стручна употреба на англискиот јазик, обука за воспитно образовниот кадар во училиштата и тоа обука за наставниците, за реализација на новите наставни програми за прво, второ, трето и шесто одделение, обука на наставниците во одделенска настава за описно оценување, обука на наставниците за англиски јазик, за реализација на наставата во прво, второ и трето одделение во деветгодишното основно образование, обука на наставниците за реализација на Програмата за животни вештини, обука на наставниците кои изведуваат настава по предметите веронаука и запознавање на религиите, обука на стручните служби за прв пат се реализираше во сите основни и средни училишта за да можат да го носат предизвикот и условите во кои се реализира децентрализацијата.

Врз основа на Законот за основно образование, Бирото за развој на образованието подготви стандарди за оценување на постигањата на учениците по сите наставни предмети во основното образование, гимназиското образование, како и за општо образовните и стручните предмети во средното стручно образование.

Изготвени се стандарди за повеќе од 80 наставни предмети во основното образование, 95 за гимназиското образование, како и 117 стандарди за општо образовните предмето во средното стручно образование. Во изработката на стандардите учествуваа советници од Бирото за развој на образованието, но и повеќе од 290 соработници од основните и средните училишта, како и надворешни соработници.

Центарот за стручно образование и обука ги подготви стандардите за сите струки во средното стручно образование и тоа за повеќе од 500 наставни предмети. Сето ова оди во насока на зајакнување на човечките ресурси кои како директни носители на реформите во образовната дејност се стекнуваат со компетенции, успешно да се носат со сите реформи и проекти. Со овој пристап директно влијаеме просветниот работник да биде професија за почит во Република Македонија.

Во прилог на ова оди и ектерното оценување кое се движи во една поширока рамка. Од една страна сакаме да го заштитиме интегритетот и одлуките на наставниците во текот на нивната работа преку јасно изградени критериуми што ќе овозможат наставниците да останат доследни во оценките кои ги даваат во текот на годината. Од друга страна тоа е објективен начин да им оддадеме признание на наставниците кои знаат и можаат да ја поддржат љубопитноста, желбата за учење и мотивот за постигнување кај учениците.

Свесен сум дека овој систем на проценка преку тестови е само еден од начините да се добие целосна слика за квалитетот на просветниот работник, но мора да разработиме и систем што ќе успее да ги издвои моделите на успешен наставник кој знае да афирмира. Затоа во новиот закон за основно образование, како и во изменити и дополнувањата на Законот за средно образование и предвидена можноста за кариера и професионален напредок на наставниците.

Тоа подразбира и соодветно наградување на просветните работници. Затоа Министерство за образование и наука активно работи на продолжување на трендот на покачувањето на приходите на наставниот кадар во образованието. За таа цел беа покачени платите на наставниците за 10% во септември 2007 година, дополнителни 10% во септември 2008 година. Оттука и барањата за покачување на средствата за хранарина во износ од 20% од просечната плата на ниво на држава и средствата за превоз да бидат во висина на реалните трошоци, од страна на СОНК, истовремено се и заложба на Владата на Република Македонија и на Министерство за образование и наука. Истите ќе бидат имплементирани согласно спогодбата која беше потпишана со СОНК. Во меѓувреме се планира да се запази и трендот на покачување на платите во образованието, со нови дополнителни 10% во септември 2009 година.

Почитувани пратеници, не смееме да ги занемариме вложувањата кои ги прави Владата и Министерство за образование и наука, во насока на подобрување на инфраструктурата кои само таксативно, во интерес на времето, ќе ги набројам. Тоа се: набавката на 50 илјади клупи и 100 илјади столчиња и дополнителната набавка на уште 50 илјади клупи и 100 илјади столчиња што ќе се реализираат во текот на месец септември 2009 година, реконструкција на санитарни јазли во училиштата, најразлични инфраструктурни зафати во училиштата, изградба на нови училишта, 145 спортски сали, реконструкција на електричната инсталација во училиштата, проектот за 30 училишни автобуси за обезбедување на достапноста на образованието.

Се извинувам претседателе ако може малку за тишина.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам колеги да го сослушаме министерот. Мислам дека треба да имаме почит кон министерот.

Повелете министре.

**Перо Стојановски:** Проектот за 30 училишни автобуси за обезбедување на достапноста на образованието. Проект за обезбедување пристапни рампи во училиштата за лица со хендикеп, со цел образовните институции да станат достапни за сите наши ученици. Проектот “Компјутер за секое дете”. Во врска со овој проект би сакал да го истакнам следното:

Повеќе од насно е дека како еден од главните приоритети во образованието ја избравме компјутеризацијата. Треба ли да се оспорува воведувањето на информатичко комуникациската технологија, имајќи во предвид дека живееме во ера на информатички напредок. Во таа насока се и препораките на УНЕСКО, во рамките на светската кампања - образование за сите, за зајакнување на употребата на информатичко комуникациската технологија, со што инвестиравме во достапноста на информациите, достапноста на различните гледишта, можноста за брза консултација, подобрена нагледност во наставата, унапредување на наставните програми и рамноправност во информатичкиот простор, во чекор со другите земји. На тој начин се доближуваме до светот и ја намалуваме дигиталната подвоеност која се случува поради физичката недостапност односно немање ресурси, или поради недостаток на вештини.

Со набавката и инсталирањето на компјутерите влијаеме во намалувањето на првата бариера, а со обуката за совладување на информатичко комуникациската технологија и информатичко комуникациските вештини, влијаеме и на унапредување на индивидуалните вештини. Дигиталната подвоеност може да биде помеѓу помали и помалку развиени земји, наспроти развиените големи сили. Подвоеноста може да се види и помеѓу учениците и наставниците, помеѓу помладите и постарите. Употребата на информациско комуникациската технологија може да ја унапредува и индивидуалната и тимската работа. Индивидуалната работа ја поттикнува љубопитноста, овозможува истражување на повеќе нивоа, како и напредување според личното темпо на развој.

Учеството во разни стручни форми, изработката на заеднички проекти и мрежната интеракција се само некои од формите на тимска работа, кој ги овозможува користењето на информатичко комуникациската технологија. За наставниците компјутерот претставува уште едно дидактичко средство со неограничени можности.

Во периодот што претстои следуваат повеќе пакети за обуки на наставници, кои се однесуваат на поврзување на наставната содржина со можностите кои ги нуди компјутеризацијата, како и подобро организирање на наставата.

Врсничката едукација и едукацијата на авторитети претставува овозможување на ново комуникациско ниво.

Почитувани, не треба да заборавиме дека сите овие реформи и проекти се реализираат во услов на процес на децентрализација. Токму од тие причини Министерство за образование и наука значително придонесува во суштинската поддршка на овој процес. Така да за општините кои имаат сериозни проблеми со долговите кои им се пренесоа по отпочнување на децентрализацијата, а истите беа направени во периодот пред 2005 година, Министерство за образование и наука најде сила и начин како системски сите овие долгови да ги сервисира и со тоа значително да го помогне процесот на децентрализација, а на општините покај фискалната децентрализација да им остави простор да се занимаваат со суштинската образовна децентрализација.

Несомнено потребна е помош на локалната самоуправа во услови на децентрализација. Затоа тезата дека се прави упад во ингеренциите на локалната самоуправа, треба се замени со концепт на поддршка на ингеренциите на локалната самоуправа.

Во Република Македонија потребни се многу вложувања во повеќе области. Многу неопходни вложувања се потребни и во образованието. Можеме да развиеме дискусии и секој од нас да каже што смета дека е приоритет во образованието. Ќе имаме 120 различни мислења и приоритети. Така ќе биде поради богатството на различните мислења, но и поради долгогодишното не вложување во образованието, поради тоа што досега вложувањето во образованието не беше приоритет во Република Македонија и затоа соочувањето со промена не е лесен процес, бара многу работа. Позитивен пример за прифаќање на предизвикот е успешна реализација.

На крајот да кажам, отпорот кон промените е голем. Отпорот ќе биде дотолку поголем и поизразен доколку луѓето не се научени на промени, а доколку многу долго не биле соочени со промени. Немањето предизвик во промена беше карактеристика на изминатите 17 години. Доколку барате виновник за тоа што немаше ниту една промена, обична, стратешка или реформска во изминатиот период, таа вина нема да ја прифатам, најодговорно ја прифаќа улогата да бидам еден од најповиканите за ...

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Колеги пратеници гледам се имаат пријавено тројца пратеници за реплика или процедурално. За процедурално може. За реплика, истиот одговор за пратениците што се пријавени, согласно член 48. Како што кажав, за реплика во однос на образлагање на писмениот одговор на министерот, нема, како што нема за образлагање на интерпелацијата на еден од предлагачите.

Согласно член 49 се отвора расправа по интерпелацијата и тогаш може да има реплика. Така било и досега, на сите интерпелации што биле на министрите. Така пишува во Деловникот.

Процедурално бара госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Еве, ние под присилба, работиме по Деловникот кој парламентарното мнозинство на еден насилен начин и го наметна на опозицијата и досега го почитуваме и затоа бараме и вие да го почитувате. Имено, во член 89 стои - на

пратеникот кој побарал збор да исправи неточно пренесен наод.

Министерот изнесе еден куп неточни наоди и сакаме да го поправиме, а сега вие не ни давате мозноста за реплика, освен тоа, ако сметате дека сте во право, тогаш треба повторно да го смените овој деловник. Очигледно дека и целокпната ваша желба да ја замолчите опозицијата со еден ваков рестриктивен деловник, не е до крај реализирана.

Во член 48 ќе треба да додадете - субјектот на кого му е поставена интерпелацијата се поканува. На седницата има право да го образложи својот писмен одговор и да даде усмен одговор на поставената интерпелација, во траење од 20 минути и ниту еден пратеник, поготово не од опозицијата, нема право да даде реплика. Значи вака како што е сега Деловникот, ние имаме п раво, а вака како што е сега Деловникот, ние имаме право, а ако сакате да не ни давате право на реплика, тогаш ве молам членот 48. Го прочитав внимателно член 49 и никаде не стои дека, ниту на колешката Славица Грковска не можевме да и дадеме реплика дека немаме право да дадеме реплика на почитуваниот министер. Затоа ве молам да го почитуване Деловникот и на колегите, вклучувајќи ме и мене, да им дадете можност за реполика.

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓа Топузовска јас го почитувам Деловникот.

Овие одредби на деловникот се преземени од претходните деловници. Јас кажувам дека досегашната пракса била затоа што сите така сметале дека треба.

Отворам претрес.

Согласно утврдениот редослед на пратениците по пратенички групи и пратеници кои не се организираби по пратеничка група, а ќе учествуваат во претресот, му давам збор на пратеникот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, јасно ми е зошто не дозволувате, со еден од вашите реформски потези кога ги оценувате и контролирате наставниците и професорите, некој вас да ве контролира, затоа што ова сега што го демонстриравте беше за оцена еден, затоа што ја промашивте темата. Не дојдовте овде затоа што сте личен, да се фалите што сте направиле, туку дојдовте овде затоа што го прекршивте Уставот и законите и затоа што направивте хаос во образованието, што не е за чудо, направивте хаос во државата. За мене е најголемо понижување, како универзитетски професор, вие сте мој ресорен министер, да ве слушам овде 20 минути, како не ја кренавте главата, синки ќе ве бираме за спикер на МРТВ, а не како министер за образование, да го обелите образот. Срамота, како што е срамота да не ви дадат да се потпишете во интелектуелното крило на ВМРО-ДПМНЕ, покрај Влатко Ѓорчев и Александар Николоски. Срамота, како што е срамота и за тоа треба да си поднесете денес оставка, тројца ректори на државните универзитети, како не им беше срам, на тоа предупредувавме, да се потпишат на интерен партиски оглас за избор на кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за шеф на државата, покрај кандидатурата на професорот Ѓорѓи Иванов, наречен Ѓоле. Се потпишале тројца, Велимир Стојковски, на најголемиот универзитет, Златко Жоглев од Битола и Сашо Митров од Универзитетот во Штип. Овие три нивни потписи се доволна причина, заедно со вас и овие тројца ректори да се поднесат денес оставка. Па нели го правевме новиот Закон за високо образование да ја загарантираме уставната категорија автономија на универзитетот. Ги пониживте колегите. Срамота на ВМРО-ДПМНЕ да прави интелектуално крило и гледајте промотор, вели, еден универзитетски професор кој се залага јавно, на сто години од социјалистичката идеја, дека капитализмот е мртов, дека ќе се врати комунизмот и дека НАТО и Европската унија ќе згаснат. И него го давате вие од интелектуалното крило да ви го промовира Ѓоле Иванов за претседател на државата. Нека ви служи на чест. Но, да се вратиме на темата.

Не е пригодна прослава 100 дена од владеењето на министерот за образование, туку стоте грешки на министерот за образование кои ги има и како државен секретар. Најголемата според нас е кршењето на уставно загарантираното право, правото на штрајк. Немавте право да го задушите штрајкот со уцени, закани и отпуштања од работа, како што се гледа и денеска го правите. Операцијата одмазда која ја правите кон сите оние кои беа доволно дрски да се спротивстават и да бидат на линија на отпорот е денешната посета на вашиот талент, не знам од каде го извадивте тој, државниот инспектор што цело време наместо просветарите да ги куражи да издржат во штрајкот, тој им се заканувaше со откази и отпуштање од работа, денес тој хара низ Охрид. Ненајавен, спротивно на законот, прави просветна инспекција во оние училишта каде што имаше штрајк. Срамота министре. Малку да имавте доблест требаше да си ги спакувате куферите и да се вратите, да бидете проект менаџер на Акцент Медија, затоа што таму веќе направивте многу за оваа компанија, не само со патриотските и фискалните сметки, туку, види чудо, оној договор за тие фамозни 100 илјади компјутери, “Компјутер за секое дете” што го потпиша Министерство за образование и наука, честа да го потпишето официјално овој договор ви припадна вам.

Па не знаевте дека има конфликт на интереси, дека дојдовте како државен секретар од позицијата проект менаџер во Акцент Медиа. Па до кога ќе ја правите Акцент компјутери. Почитуван министре, зад вас се серија на кардинални грешки кои кулминираат со ова денес што се случи и кои вашата скапо платена кампања која чини сигурно десетици милиони евра расфрлање, да ни тврдите дека знаењето е

сила, знаењето е моќ, всушност покажува дека партијата, а не знаењето е сила партијата, а не знаењето е моќ. Затоа што ова денес што го приредивте со овие потписи на тројцата ректори на Државниот универзитет, само покажува до каде одите со партизација. Штом во високото образование имате ваков партиски диктат, тогаш станува јасно зошто секој ден се појавуваше некој од директорите на средните училишта во поддршка на апелот на министерот да се вратат наставниците во училиштата. Да стигне ступидноста до таму да организирате за прв пат во историјата, тоа го нема забележано, протест во Македонска Каменица  со вашите ВМРО-ски сили да протестираат и да ги напаѓаат наставниците да се вратат на работа, види богати, децата сакале да учат. Тоа е како оние скечовите што беа “сакаме да учиме, сакаме да учиме” од К-15. До таму отидовте во вашите небулози и глупостите кои кулминираа со ова денес што се случува. Да не ми побегне мислата за Акцент компјутери. Значи, таму од зделка која чинеше 24 милиони евра тргнавте комунистички затоа што вие се терата комунистички, како онаа приказната кога доаѓале комунистите кога сакале да прават нови училишта, како што вие правите. Овие рекле:нема деца и рекле добро, ќе направиме и деца. Вие со комјутерите така направивте. Овие викаат, немаме каде да седнеме со столчињата, вие им купивте комјутери. И комјутерите според веќе познатиот Муров закон затоа што не учиме ние само за Ајнштајн и онаа ваша кампања дали има темнина, или нема, дали има студ, или нема, туку Муров закон, секој би требало, вие сте близок до информатиката да знаете, дека со секоја мината година во информатичката технологија, конфигурациите што вие ги купивте паѓаат на половина. Значи, зделката што ја плативте 24 милиони евра според нашите прецизни информации од 100 илјади компјутери немате инсталирано повеќе од 40 илјади. Значи, ја оштетивте државата најмалку со 14 милиони евра со оваа ваша партиска зделка, ја оштетивте државата, а вие ги наполнивте џебовите. Тоа ќе се докаже како што се докажува вашата ступидност да не убедите дека Македонија ќе отиде напред, ќе биде пред членките на Европска унија и на НАТО, ако не во секое населено место изградиме универзитет, туку секој студент да има свој универзитет. До таму ја обезвреднивте работата. Значи, во Македонија идната кампања ќе ви биде, не можеме ние да стигнеме до 30 илјади студенти на милион жители, но можеме да изградиме 30 илјади фантомски универзитети, како што половината ви се  фантомски. Се покажа дека половина од наставните програми во Штип не можат да соберат повеќе од три студенти. Се покажа дека не може на сила да направите универзитет со дисперзирани студии од Штип во Велес, а ако видите каква е раздалеченоста од Велес до Скопје, ќе видите дека повеќе личи скопскиот универзитет да се  дисперзира во Велес, но вие сакате да го дисперзирате Штипскиот универзитет и да правите правен факултет. Ниту сте го прашале Аце Коцевски дали може тоа да се направи. И доаѓате до апсурдна ситуација да запишете 60 студенти и сите 60 да се од Скопје, се затоа за да не дозволите онаму каде што сакаат младите да стекнат знаење, затоа што знаат дека знаењето ќе дојдат времиња кога ќе се вреднува и да студираат во Скопје. Но, бидејќи вашиот условно речено идеолог покрај Ѓоле, тоа е Мартин Протуѓер кажува дека Правниот факултет и уште неколку факултети од Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” се анатемисани. Тамуј предаваат професори кои имаат доблест да се спротивстават на актуелната власт, не може таму да се студира, ќе ја ограничиме квотата, но затоа нашите коалициони партнери, еден што седи во претпоследниот ред и еден овде во вториот ред што го нема со неговиот пајташ со нивните приватни универзитети ќе стекнуваат профит од неколку милиони евра. Зарем мислите дека тоа не се знае? Но, за да тоа го направите ви требаа овие тројца ректори на Државните универзитети кои за прв пат не бараа проширување на квотата и штитење на државниот интерес, туку беа инспирирани од приватниот интерес, за тоа кој ќе подели, дали од едниот, дали од другиот приватен универзитет близу милион евра. Срамота министре, не заслужувате ниту пет минути да останете на вашата фотелја. а не овде да ни држите пригодни говори повеќе од 25 секунди. Бидејќи е тој мој ресорен министер, јас можам да говорам повеќе од 12 секунди.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:**  Благодарам почитуван претседателе.

Не, колега Бучковски не сте во право. За жал не ги гледате доволно рекламите. Не се сложувам со вас, нема хаос во образованието, има недостаток на ред во образованието. Не се сложувам со вас исто така, дека се работи за гушење на штрајкот, безсрамно, без законско гушење на штрајкот. Се работи за недостаток на поддршка на штрајкувачите. Не се сложувам со вас ниту дека се работи за омаловажување и притисоци врз професорите од страна на  директорите и партиските моќници, се работи за недоволно добро однесување од страна на партиските моќници, вклучувајќи го и министерот за образование. Не се работи за присилба на учениците да учат веронаука, туку се работи за надостаток на интерес учениците да  учат веронаука. Не се работи за лоша состојба во образованието, за катастрофална состојба со искршени врати, уништени тоалети, нехигиена, недостаток на клупи и столчиња туку се работи за недостаток на добра состојба во образованието. Не се работи за пропаднат проект за високото образование факултет во секој град, туку се работи за неуспех на проектот, факултет во секој град. Да не зборувам и за компјутерите. И ако после сето ова почитуван колега Бучковски,

министерот за образование од ова вие што го кажавте и колешката Славица Грковска Лошкова, не поднесе оставка, се работи за недостаток на морал. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Колешке Роза, не знам, не сум толку учен како тој што ги прави рекламните спотови на ВМРО ДПМНЕ па да пресметам колку калории се губат со вакви говори како што правиме ние и вие. Но, знам дека Македонија со секој ден додека е на власт ВМРО ДПМНЕ губи дел од својата иднина.

**Трајко Вељаноски:** Следен за реплика е пријавен господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Господине Бучковски, вие и јас сме имале доста сериозни несогласувања во овие пет, шест, седум години. Но, во сета таа жестина и острина на несогласувањата, дебатите и дуелите кои што сме ги имале секогаш сме задржале некоја взаемна коректност и барем взаемна почит на политички соперник. Ниту вие некогаш не сте биле за СДСМ, ниту јас некогаш не сум бил за ВМРО ДПМНЕ, сме се разбирале дека не се согласуваме, а жестоко сме дебатирале можеби некогаш тоа било и прежестоко.

Што сакам да кажам? Сакам да кажам дека тој вид на условно кажано витештво и коректност би требало да ги имате и кон своите колеги од Правниот факултет кој што еден од нив сега е кандидат за претседател на државата. Вие може да го омаловажувате, може од говорница тука како универзитетски професор да го нарекувате според неговиот прекар, можете да кажете дека е ваков и онаков. Но, се работи за човек кој што сите ние го почитуваме, или треба да го почитуваме, за разлика од вас. Се работи за човек кој што е интелектуалец кој што има интегритет, дигнитет, кој што има академски бек-граунд и не е во ред така жестоко да се омаловажува.

Уште неколку работи. Вие и јас пред неколку години споревме во врска со повеќе работи. Имавме една емисија во мај 2006 година, два месеци после тоа на изборите преку граѓаните се покажа кој е, а кој не е во право. Имавме прес конференции и изјави во врска со тенковски делови, набавки и слично. преку институциите на оваа држава се покажа кој е, а кој не е во право. Во 2006 година во овие парламентарни клупи и вие како парламентарец и јас како пратеник имавме многу дебати и постојано велевте: ќе видите на првите наредни избори. Дојде 1 јуни 2008 година, видовме кој е, а кој не е во право. И аналогно на тоа сега дебатираме за овие теми. На 22 март во 22, 00 часот ќе видиме кој е, а кој не е во право.

На крајот само би го додал следново, а тоа е дека кандидатурата на господинот Иванов ја поддржаа членови на ВМРО ДПМНЕ, но исто така и интелектуалци, видни луѓе, независни луѓе кои што се дел од вкупното милје на македонското општество. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Изгледа ти си збунет, па ми реплицираш за нешто што не е тема. Тема е вашиот талент министерот за образование. И како не реагира кога тројца ректори на Државните универзитети ваши партиски послушници се мешаат во вашата интерна партиска регулатива што вие ја измисливте, на јавен конкурс по интернет да учествува еден универзитетски професор. Не е спорно што учествува професорот, штом вие го промовирате нека биде тој вашиот фаворит. Но, недопуштено е да го инволвирате едниот, вториот и третиот универзитет.

Второ, господине Ѓорчев, за жал, ништо не научивте од нашето соседство. Вакви јастреби како што си ти го глорифицираа Милошевиќ и Србија дојде на тоа дереџе. Но, за среќа успеа да исчекори со победата на Демократските сили и денеска да биде послободна држава од Република Македонија. За жал, со таквите како тебе Македонија оди надолу, надолу, надолу.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Горан Мисовски.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Господине Бучковски, господин министер Перо Стојановски. Јас сепак, ќе се обратам и на господинот министер Перо Стојановски и навистина жалам што во неговата одбрана по интерпелацијата воопшто не даде образложение зошто на најгруб начин го прекрши членот 48 од Уставот на Република Македонија. Нешто тука говореше и колегата Бучковски. Имено, ќе дадам кратко појаснување. Во услови на светска економска криза кога Владата троши огромни средства, милиони евра за саморекламирање кога целата опозиција ви укажуваше дека светската криза нема да ја заобиколи Република Македонија. Некој во Владата не убедуваше дека тоа нема да се случи, како да е тоа облак, едноставно така ќе ја помине Република Македонија. Владата трошеше безобзирно многу средства, пари за реклами, за карпи, за што ли не? Во такви услови сите вработени во средното и основното образование, наставниците сакаа да си го подобрат материјалниот статус. Во услови кога Владата ни вели дека во државата ни е се розово, ни цветаат рози. Зошто наставниците едноставно да не се обидат да си го подобрат материјалниот статус, во една благосостојба, добро е професорите кои што создаваат идни генерации, ги едуцираат да си го подобрат сопствениот материјален статус и луѓето тоа и го побараа. Побараа хранарината да се изедначи на пример како што е хранарината на вработените во Министерство за внатрешни работи. И тука гледате веднаш почитуван министер, проблем.

Ситуацијата во државата била крајно загрижувачка, пари за наставниците нема, нема пари за професорите. Што му останува друго на СОНК, освен да организира штрајк. Нема друг начин како да се одбрани од тоа што Владата го прави и односот што го има кон наставниците и професорите во основното и средното образование. Дури и Зоран Ставрески ја понуди и душата во замена на некакво откажување на луѓето, или прекинување на штрајкот.

Вие почитуван министер, не се оградивте од изјавата на Државниот инспектор. Ќе ја прочитам неговата изјава, вели вака: за оние кои што денес штрајкуваат и ја прекинаа наставата, најавуваме казни од 2500 до 3000 евра. Во Законот за основно и средно образование јасно е наведено дека воспитно образовниот процес не смее да се прекинува во текот на учебната година. За тоа вие министре го прекршивте членот 48 од Уставот. Државниот инспектор го пракавте по општините како баба рога да ги плаши и наставниците и директорите. Но, најеклатантно кршење на членот 48 од Уставот е отвореното писмо кое што беше објавено од секретарот на општината Карпош кој што сега ја контролира е кадар на ВМРО ДПМНЕ каде што се бараат телефони на родителите, Штрајкот и начинот и она што го направивте не ви успеа. Навистина очекував дека особено кога говорите за одбрана, најмногу и милувате да говорите за образованието. Најмалку очекував дека во ВМРО ДПМНЕ ќе ја имаме онаа 1948 година.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе,

Нема што да реплицирам на колегата Мисовски. Сакав да побарам да работиме во нормални услови за работа. Таман опозицијата го крена малку гласот, почнаа некои чудни звуци овде во салата да се емитираат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот) .

(По паузата)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Според редоследот на пратеници кои се пријавени за расправа следен за збор е г-динот Ратко Димитроски.

Повелете.

**Ратко Димитроски:** Благодарам претседателе.

Многу ми е жал што така мал број сме, изгледа дека и опозицијата не е многу заинтересирана околу оваа интерпелација, ние сме тука да продолжиме да работиме, па тоа ни е задача. Мислам дека имаме уште еден начин, уште еден чекор, уште една постапка на опозицијата за привлекување на вниманието на јавноста се со цел да можат на некој начин да ги зголемат процентите што ги имаат на рејтингот и само така можеме да ја протолкуваме оваа интерпелација, заради тоа што да беше интерпелација на било кој друг министер од било кое друго министерство од Владата можеби повеќе ќе држеше место и ќе можеше да се кажат некои недоследни и недобри работи. Меѓутоа, да се зборува за интерпелација на министерот за образование во услови кога едни од најдобрите чекори, најдобрите резултати кои што се постигнати во работењето на оваа Влада, на оваа власт, се постигнати токму во образованието.

Само за потсетување, сакам да ве потсетамни вас како опозиција и македонската јавност дека ние како држава, како мала држава еден од начините за нашето укажување е да го користиме она што го имаме како богатство природно и другото да го користиме како сила богатството кај човекот. Кај човекот богатството можеме да го користиме само со обука на луѓето кои што се тука, само со образованието преку кое можеме да направиме да бидеме признаени како рамноправни членови на европската и на светската заедница и да ги користиме примерите кои што ги имаат другите држави. Јас ќе ве потсетам со примерот на Ирска кој е најтипичен пример или примерот на балтичките земји или примерот на Индија каде што преку образованието тие ги истакнаа своите вредности, вредностите на нивните луѓе во целиот свет.

За потсетување, сакам да ве потсетам сите вас дека оваа Влада, ова министерство на чело со министерот односно во тоа време беше на друга функија во Министерството за образование, се направени реформи односно се променети законите во основното образование, воведено е задолжително средно образование, воведена е веронауката, иако со многу отпори и е направена промена во Законот за високото образование. Зошто е тоа направено не може сега веднаш да се знае за една година, заради тоа што реков на почетокот резултатите од промените во образованието ќе се гледаат допрва. Потребни се десетина години за да може да се осознае тоа што е користа од едукацијата, од обуката на тие луѓе односно онаа сила што ја кажав на почетокот која што ја имаме во луѓето, во човекот кој што егзистира на овие простори.

Само ќе ве потсетам вас дека оваа интерпелација е поднесена заради тоа да се закочат процесите. Ако добро се сеќавате за донесувањето на Законот за високо образование, во Законот за високо образование некои не се тука односно новите не го знаат, другите го знаат 28 дена дебатиравме овде, а колку тоа чини и како чини вие пресметајте, јас пресметав и кажував. Ги имате стенографските белешки и ќе забележите колку чини ова Собрание односно оваа држава само тој закон што се обидовте да го закочите. Како дополнение сакам да се задржам на две точки од успесите на Министерството за образование, повторувам, водено од министерот за кој што вие барате интерпелација. Едниот е оној кој што вие постојано го напаѓате и кој што не

знам зошто ви смета да имаме факултети, да имаме универзитети надвор од Скопје. Истите прашања беа кога се отвораа универзитетите во Битола, истите прашања беа кога сеотвораше универзитетот во Тетово, истите прашања се и сега зошто се отвора универзитетот во Штип. Незнам кому му смета и зошто му смета ако имаме Правен факултет во Кочани, ако имаме Електротехнички факултет во Радовиш, ако имаме Машински факултет во Виница и дали е понижувачко за некои од професорите на овдешните факултети да бидат предавачи на факултетите во Виница или Кочани, во Штип или во било кој друг дел од Источна Македонија. Дали така треба да го протолкуваме вашето противење на тие промени кои што се вршат или е подобро како што го имавме случајот со студентите од Источна Македонија да одат во соседна држава да студираат таму според некои незванични податоци и по две илјади средношколци се запишуваа на универзитетите во соседна Бугарија. За жал, овие сега што го предлагаат тие студенти бруцоши се запишуваат на универзитот на Источна Македонија, на факултетите на Источна Македонија и нивните дипломи ќе бидат полноважни односно рамноправни со дипломите кои што ги стекнуваат студентите било на Скопскиот или на другите универзитети во Република Македонија. Сакам да ви дадам податоци кои што се факти, а пред фактите сите знаеме дека мора да молчат, запишувањето на студентите во прва година во академската 2006/2007 година се запишани 8.847 бруцоши што е само 42% од завршените средношколци. Во 2007/2008 година 12.700 што е 64%, а во 2008/2009 година односно оваа година сега што е имаме 19.090 бруцоши од кои 15.000 се на државните факултети. Ќе ве потсетам дека на најновиот универзитет Гоце Делчев во Штип имаме запишано на Економскиот факултет 630, на Правниот факултет во Кочани 332, на Земјоделскиот факултет 247, Факултетот за музичка уметност 56, Факултетот за информатика со седиште во Штип во Источна Македонија 406, Педагошкиот факултет 171, Факултетот за рударство, геологија и политехника 152, Високата здравствена школа 195, Филолошкиот факултет 221, Медицинскиот факултет 132, Факултетот за туризам, бизнис во Гевгелија 138, Факултетот во Виница има 19 запишани, Факултетот во Радовиш 24 запишани и во Пробиштип 24 запишани. На Металуршкиот факултет во Скопје отприлика таква е бројката да ја знаето колку за ваша информација. Незнам што ви смета повторно ако бидат во Виница запишани 24 или во Пробиштип 20, за вас ќе ми опростите меѓутоа за вас постои само Скопје, за вас не постојат другите делови од Република Македонија.

Сакам уште да кажам еден дел кој што го спроведе оваа Влада, бидејќи потекнувам од регион кој што е застапен со ромската етничка заедница. Знаеме дека ромската етничка заедница е една од најзапоставените во Република Македонија. Првпат оваа година се воведени стипендии за ромските ученици во средно образование и бројот на запишани ученици во средно образование од ромската популација се во 2004/2005 година 342, а во 2005/2006 година 406, за да оваа година бидат запишани 650 млади ромчиња во прва година во средно образование, што значи дека и на кои што им се доделени и стипендии, ова Министерство односно оваа Влада се грижи за едукација на оние најзагрозените, на оние кои што општеството досега не посветуваше внимание. На овој начин се прави дислокација на високото образование, се донесува високото образование на оние места каде што досега беше незамисливо да биде и на тој начин се поевтинува и се омасовува учењето односно завршувањето на високото образование. Убеден сум дека вие оваа интерпелација ќе ја повлечете и дека вие ќе гласате министерот да си остане на тоа место кое што го заслужува. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика пријавена е г-ѓа Грковска Лошкова Славица.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитуван колега,

Вие на почетокот ја кажавте во суштина големата вистина за оваа Влада на ВМРО ДПМНЕ, а тоа е дека да станувало збор за било кој друг министер ќе имало многу што повеќе да се каже. И јас до некаде се согласувам со вас, затоа што ако имаме многу да кажеме за овој министер, тогаш според вашиот исказ можете да замислите колку се би имале да кажеме и за останатие министри, ама ќе дојдат на ред. Нема да побегнат. Она што вие го велите дека се потребни 10-тина години да се осознае што е направено во образованието, Република Македонија не е во ситуација да експерментира со образованието. И затоа, погубни за образованието се вакви адхок решенија, набрзина направени, неподготвени, заради тоа што токму за 10 години ќе се осетат сериозните последици од ваквата лоша политика во образованието. И за тоа, милион пати сме кажале на говорница. Колку и да е добра идејата, ако е во лошо време, во неподготвени услови предложена и се инсистира да се спроведе, тогаш е предвреме осудена на пропаст. Трагичното е што последиците допрва ќе ги почуствуваме, а за тоа одговорноста ќе ја имате вие. И трагедијата да биде уште поголема за 10-тина години веќе нема да биде важно дали вие ќе бидете тие што ќе бидете одговорни за тоа каков хаос ќе предизвикате со овие процеси кои што сега ги направите во образованието, заради тоа што последиците ќе бидат несогледиви и прашање е колку години ќе и требаат на Република Македонија да може да го постави образовниот систем на здрави нозе после ваков хаос. И на крајот тезата за поднесување на интерпелација за закочување на процесите, само да ве потсетам дека тоа беше еден од вашите главни аргументи зошто ги распишавте предвремените

парламентарни избори, дека парламентот и опозицијата ги кочела процесите. Сега имате 2/3 во парламентот, составот на вашата пратеничка група е ист како оној од претходниот мандат, оној парламентарен состав кој што беше способен според зборовите на вашиот премиер Груевски да ја следи работата, работата на Владата и да ги спроведува нејзините политики, значи ист парламентарен состав, дво третинско мнозинство повторно немате можност да соберете кворум, кворум во одредени денови и повторно се дрзнувате да ја обвините опозицијата дека ги кочи процесите. Е, па со дво третинско мнозинство во Собранието и со таква пратеничка група ако пак ние имаме можност со ваков Деловник да ги кочиме процесите, тогаш треба да ни одадете признание.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика Димитроски Ратко, повелете.

**Ратко Димитроски:** Благодарам претседателе.

Во едно се сложуваме со колешката Лошкова дека е потребно обмислување и организирано настапување во делот на образованието. Тука се согласуваме, заради тоа што јас студирав на еден универзитет каде што имаше организација и каде што тие процеси беа направени пред 30-тина години. Значи токму во тоа се согласуваме. Ние доцниме со тие реформи, со тие промени кои што требаше да се направат многу, многу поодамна. Тоа е во првиот дел.

Во вториот дел мислам дека не ми одговоривте за 28-те дена што ги носевме тука дали се кочење или не кочење кога се донесуваше Законот за високото образование. Благодарам.

**Трајко Веѓаноски:** Благодарам.

Реплика има г-динот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Почитуван Димитровски, вие сте економист, ќе зборуваме малку и за парите. Проект факултет во секој град пропадната работа, ефект нула. Го спомнавте универзитетот Гоце Делчев, одлична идеа. Очигледно баратеме со различни бројки. Да имате добра идеа, а лоша организација и лошо ја спроведете, тоа е лоша работа. Ќе го земам повторно универзитетот Гоце Делчев. На веб страната 14 факултети капацитет 5.500 студенти дисперзиран во 9 града. Бидејќи сте од Кочани ќе ја отворите веб страната на Правниот факултет во Кочани и таму пишува вака: “студентите на Правниот факултет од Кочани располагаат со 27.000 наслови”. Тоа е одлична работа. Но, тие 27.000 наслови се во универзитетската библиотека во Штип. Дали сите тие сега треба да дојдат во Штип да читаат, каде е тука рамноправниот однос на студентите. Ако има универзитетска библиотека со 27.000 наслови во Штип, ќе одиме и во Кочани и во Радовиш и во Пробиштип, насекаде каде што има факултет. Професорите треба да бидат толку мобилни, огромни трошоци треба да направат за да отидат да предаваат таму каде што има 10 до 15 студенти. Повторно кога сме кај парите и лошо замислените проекти добро е да имате фикс идеи ама ги спроведувате со парите на народот. Знаете како го третираше овој проект Владата, еве ќе каже и министерот за образование. Ако успее проектот, успее, ако не парите не се на татко ми. Но, ниту вие колега Димитроски, ниту министерот за образование кога беше Одлуката за пренамена на средствата никој не реагиравте зошто 680 милиони денари или повеќе од 10 милиони евра беа одземени од Министерството за образование. Тука во памфлетот што го објавивте за 100 дена на Влада ги спомнавте и вие еден дел од проектите, тоа е лага, вие не може да ги спроведете. Пишува во извештајот од Европската комисија за напредокот на Република Македонија дека има во буџетот повеќе средства, но не може да ги поднесе оние проекти кои што вие овде сте ги ставиле на памфлет. Зошто не реагиравте за одземањето на 680 милиони денари. Не дадовте таков одговор.

На, крајот бидејќи сме кај парите почитуван Димитроски, има еден многу интересен напис во еден весник и вели вака: “не е лесно деновиве да сте во кожа на министерот за образование Перо Стојановски, кога веројатно го облеаа илјадници капки пот додека потврдуваше дека и тој бил на листата на вработени во Министерството кој се наградил со екстремно високи хонорари. Вие одлично реагиравте. Ги укинавте сите комисии ама парите ви останаа г-дине, не дадовте одговор за тоа.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика г-динот Димитроски Ратко, повелете.

**Ратко Димитроски:** Благодарам претседателе.

Јас би го запрашал колегата Мисовски дали тие 27.000 наслови што ги има е подобро да бидат во Штип на само 20 км. од Кочани или секојдневно студентите од Кочани да патуваат на релација Кочани-Скопје па тогаш да ја направиме математиката токму кај парите да ги направиме колку чини доаѓањето во Скопје, колку чинат тие влажни простории што ги даваат овде во Скопје, што ги изнајмуваат скопјани на студентите и дали и тие 27.000 наслови за две години колку што постои факултет не се доволни, иако се на 20 км., дали тие нема да се удвојат или утростручат после 40 години колку што е традицијата и 50 години на факултетите овде во Скопје. Значи, секогаш имаме почетоци и секогаш имаме породилни маки, меѓутоа еднаш мора да се почне и еднаш мора да се направи она што треба да се направи.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има г-ѓа Топузова Каревска Роза, повелетге.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам, почитуван претседателе.

Почитуван колега, прво тезата околу кочење на процесите веќе не ви поминува. Еднаш добро со покритие на медиумската кампања успеавте да ја

протуркате кај граѓаните, меѓутоа граѓаните, барем најголем дел од граѓаните на Република Македонија можете само еднаш да ги излажете, а втор пат тоа не поминува, така што немојте, ве молам, тоа е изветвена теза дека со овој ден што сме расправале ве молам за министерот за образование кој ги закочи сите реформи во образованието, ние ќе ги закочиме реформите во образованието или реформите на Владата која што со големи чекори ита кон евроатланските интеграции. Ве молам колега тоа е несериозно.

Околу бројките со кои располагате очигледно премногу ги гледате рекламите со малиот Ајштајн, па од него ги црпите тие бројки и не е точно она што кажавте. На Технолошкотехнолошкиот факултет што требаше да почне со работа во Пробиштип на почетокот се пријавија само двајца кандидати. Само двајца кандидати, додека тројца аплицирале на Електротехничкиот факултет во Радовиш.

За Машинскиот факултет кој требаше да се отвори во Виница се пријавиле само шест кандидати во првиот, а за сите три факултети имало отворено сто слободни места. Вие рековте 24, па нека се и 24 почитуван колега, каде се уште овие до 100. Па немојте ве молам, апсолутно бројките со кои ја манипулирате македонската јавност не ви се точни. Или исто така вика, на Правниот факултет во Кичево кој требаше да почне во рамките на Битолскиот универзитет за вкупно 310 места аплицирале 114 кандидати или на сите факултети на Битолскиот универзитет за 4.000 слободни места се пријавиле 2.365 кандидати. Можеме и понатаму да ги изнесуваме бројките, меѓутоа вие ќе се правдате со тоа што подобро било да има во Кочани, Виница или не знам каде факултети, па никој не го оспорува тоа, меѓутоа вашиот говор очигледно е дека е во предизборната кампања локал-патриотизмот сега избира од вас, најверојатно ја почнавте кампањата за кандидат за градоначалник од местото од каде што доаѓате.

Но почитуван колега и тогаш и сега студентите сеуште живеат во Скопје и во Кочани и секаде во многу тешки услови. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господиниот Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Очигледно е дека почитуваната колешка добива информации само од едно место. Можеби е тоа точно во некој дневен весник прочитано да првиот ден се пријавиле толку студенти, двајца, тројца. Ова што го зборувам ова се факти. Значи, не се двајца колешке, еве погледнете имаме официјални податоци. Наредниот пат ќе ги донесам по име и презиме сите кои што се за Правниот факултет во Кичево. Велите за Кочани, јас ви велам за Кичево. 241 студент е запишан во Кичево на Правниот факултет. Така да не држат тезите за тоа, а околу другите факултети, уште еднаш ќе повторам, во Радовиш се 24, ја посетуваат наставата, Виница 19 ја посетуваат наставата, Пробиштип се 24. Не го спомнувам Кочани повторно, бидејќи повторно ќе ме прогласите дека водам кампања.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен по распоредот е господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Добро, симпатично е да се слуша во секој случај како бројката три се демантира со бројката четири, а точно е, вие ќе ги дадете имињата и презимињата знаете зашто, затоа што се кај вас имињата и презимињата. Затоа што вие ги натеравте таму. И со тоа така вие функционирате во државата имињата и презимињата, ги имате имињата и презимињата на се.

Почитуван претседателе, кој што и вие се смеевте на наодите на претходниот колега, почитуван сеуште актуелен министер за образование, на самиот почеток да го искажам ставот на пратеничката група на ЛДП е тоа дека ќе ја подржи оваа интерпелација од проста и едноставна причина што прво навистина владее хаос во образованието во Република Македонија и второ според наше длабоко уверување, актуелниот, сеуште актуелниот министер нема едноставно капацитет да раководи со ова Министерство.

За нас од ЛДП е многу интересна оваа интерпелација затоа што токму во ресорот на образование се црпи типичниот пример на кој што владее оваа коалиција или ако сакате владеачката ВМРО-ДПМНЕ во целиот овој мандат претходен и овој кој што сега тече.

Имено, тоа се два модела, два базични начини на кој што се одржува популарноста или мислењето дека нешто се работи во Република Македонија дека нешто прави поефикасно Владата на Република Македонија.

Прво е популизмот, бидејќи позади секој проект нема ама баш никаков концепт и второ притисоците кои упорно се прават врз оние кои што ќе се спротистават во имплементирањето на било кои од овие популистички проекти. Компјутер за секое дете, класичен популизам, задолжително средно образование, класичен популизам, веронаука во училиште, класичен популизам, факултет во секој град, класичен популизам. Заедничка нишка на сите овие проекти е една, сите пропаднаа и тоа го кажав на 1 септември држев прес-конференција пред Министерството за образование. Ако некој смета поинаку, сметам дека оваа интерпелација е добра можност да размениме ставови.

Интересна е стратегијата на актуелната Влада каде што постоечките проблеми наследени во државата, не велам дека оваа Влада ги донесе проблемите, тие се наследени, не велам дека ни претходните влади не успеале многу добро да се справат со образованието, меѓутоа постоечките

проблеми се заменуваат согласно стратегијата на еден антидемократски лидер кој што повеќе не е активен на политичката сцена со една прецизна стратегија, а тоа е постоечките проблеми да се заменат со нови најдобро со уште поголеми проблеми за да може да се сокрие постоечката состојба. Не чини образовниот систем во Република Македонија. Како ќе го замениме основното образование ќе направиме задолжително средно образование. Насилството што го имаме се повеќе треба да зборуваме кога се зголеми насилството во училиштата во Република Македонија, неморалот кој што владее се повеќе и повеќе, го заменуваме сега со воведување на веронаука. Така ќе ги решаваме проблемите во основното училиште односно кај децата наши кои учат во тие училишта. Или ако сакате класната сегрегација која е се поевидентна поради сиромаштијата која владее во Република Македонија ќе ја замениме со каква сегрегација, сега со верска сегрегација, затоа што поради проектот “веронаука во училиштата” очигледно дека ние наместо интеграција правиме класично, не ние, туку Владата на Република Македонија класична дезинтеграција во македонското општество.

Да почнам со првиот проект, “компјутер за секое дете”, нема политичар, односно граѓанин во Република Македонија кој што ќе ви каже дека е лош проект. Тој е добар проект. Кој не сака нашите деца да имаат компјутер, но да видиме што се случува навистина со овој проект, до каде дојде и каква е актуелната состојба.

За да успее еден таков проект, за да има смисол во една држава тогаш треба да имате сосема поинаква состојба во основните училишта. Меѓутоа, за да имаме компјутер за секое дете, за да има смисол целиот тој проект, прво треба да име покрив на сите училишта во Република Македонија, за основните зборувам. Треба да има прозори и ние кои што доаѓаме од различни места знаеме многу добро дали во сите основни училишта во Република Македонија има основни, базични услови за одвивање на настава. Дали има столчиња, дали е топло, дали има тоалети и дали има воопшто фискултурни сали. Јас ќе го посочам примерот на основното училиште во Скопје, едно од најстарите, едно од најголемите во скопските општини, во Аеродром. Во основното училиште Ѓорѓија Пулевски десетина училници во училиштето немаат врати, немаат тоалети, имаат маси кои што се дотраани и немаат воопшто столчиња. Кога ја прашале директорката кога ќе се набават сите овие работи, таа рекла дека нема средства. 1.000 основци учат во ова основно училиште. Како влијае тоа на тие наши ученици, на тие родители, ќе им објасните нема врати, имавте примери во многу други медиуми кога падна најголемиот дожд видовте дека крововите пропуштаат, како на тие родители ќе им објасните дека нема основни услови за обавување на наставата, а Владата на Република Македонија инсталира компјутери. Значи, има смисла овој проект доколку се санираат сите тие состојби.

И да донесете во основни училишта компјутери каде што нема врати, нема прозори, нема столчиња, нема маси тоа е веќе ако сакате иронично и цинично.

Понатаму, по што ќе остане запаметен овој проект.

Во финансиските дубиози, за кои што никако да добиеме одговор, поставивме и ние прашања, поставија и на прес-конференција колегите од СДСМ, проектот беше најавен за 2007 година и тогаш требаше да чини 9 милиони евра. Рокот се проби, 2008 година се најавуваше проектот дека ќе заврши во 2009 година, ајде да го видиме тоа, меѓутоа крајната цена кошташе 35 милиони евра. И да направиме раздор овде во Парламетот што е со дополнителните 7 милиони евра, за што имам податоци и ако грешам молам поправете ме, што Владата ги потроши за инсталација. Дополнителни, и по тоа остана запаметен овој проект за жал. Никој нема против да имаме компјутер, меѓутоа да во основни училишта кои што се средени и да каде што нема на крај секој од нас да има горчлив впечаток дека всушност овој проект е направен за да некој преку од тие фирми кои што го изведуваат не си ги наполни своите џебови. Јас кажав и тогаш, сметам дека во овој проект има сериозни моменти кои што треба да ги разгледаат и други институции во оваа држава.

Смешна е сликата, тоа медиумите го пренесуваат не опозицијата, кога гледаме учениците како немаат простор и кажуваат сега и оној простор кој што го имавме е мал, нашите клупи се зафатени поради комјутерите и кажа предлагачот на оваа интерпелација служат единствено за игри и евентуално некаде каде што има за интернет. Така што и тие малку услови што ги имаат за учење им го одземавме со тоа што е ставена една кутија која што, кажа и колегата Бучковски секоја година технологијата застарува. Факти некој нека каже дека греши опозицијата, нека каже дали е точно или се грешни наодите на опозицијата дека овој проект не функционира во Република Македонија.

Понатаму, ниту јас лично, ниту претничката група на ЛДП нема ништо против да имаме ние задолжително средно образование во Република Македонија, но кога тој проект има смисол. Има смисол во држава каде што имаме сеопфатен, 100% опфат на ученици кои што завршуваат основно училиште. Во Македонија која што е земја според сите податоци на дното на земји кои што имаат 100% опфат на ученици кои што имаат завршено основно образование, тоа е задолжително според Уставот, ние сме со најмал процент, една од земјите со најмал процент и сега воведуваме популистички причини и побуди задолжително средно образование. Тоа е исто како она за изборите кога се обидов да објаснувам ќе гласа дијаспората. Имаме проблем

со изборите во земјата, не можеме тие избори да ги регулираме, стануваат дополнителен и прввичен критериум за нашата евро и евроатланска интеграција и ние проблемот го заменуваме со тоа што сега ќе организираме избори и во дијаспората. Смешни се основите врз кои што се базираат сите овие политички проекти. Бидејќи времето е ограничено не можам да навлегувам во детали.

Дебакл доживеа трагикомичен проектот Универзитет, Факултет во секој град, во секое населено место. Тука се кажуваат примери кои што само потврдуваат дека проектот е дебатл, дека е непотребен. Тоа го кажуваат студентите, не опозицијата, немојте да кажувате дека е тоа за да не биде сконцентрирано во Скопје, тоа не е точно. Немојте со популистички методи.

Не случајно за крај го оставив она што е спротивно на Уставот на Република Македонија и кој што е опасен проект на Владата на Република Македонија преку Министерството за образование. Воведувањето на веронауката. Уште еднаш да немаме дилеми, овде сме пратеници кои што треба да го бранат Уставот на Република Македонија. Многу е јасен член 19, премногу јасен “ Македонската православна црква, другите верски заедници, религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот”, значи одвоени од државата. Македонија е секуларна држава. Тоа сите интимно го знаете многу добро.

Дали овој процес да си го поставиме како политичари на крајот на краиштата кои што земаат плата од граѓаните на Република Македонија, дали е ова процес кој што не води кон интеграција или кон дезинтеграција во Република Македонија. Кажав во други прилики, тоа е факт. Училиштата се претворени во цркви и во џамии. Не случајно кај нашите сограѓани од втората по големина, најголема етничка заедница 100% е речиси опфатот на луѓе, на ученици кои што поради притисоците или поради родителите, или поради општата традицаја избра веронаука. Како вие мислите дека ќе се одвива интеграцијата во Република Македонија кога учениците ги бележиме на едни и на други.

Значи, прво е крајно штетен проект.

Второ воведен е насилнички.

И трето е нешто што се коси со Уставот на Република Македонија.

Јас ќе ви цитирам само неколку од мислењата кои што беа кажани по повод оваа тема.

Професорот Ферид Мухиќ вели: “апсолутна грешка е да се воведе веронаука во држава во која има верски мешан состав на нација. Во било која современа држава во која верскиот состав е мешан не се изучува ниту запознавање на религиите, а камо ли веронаука”. Тоа не е случајно.

Уште еден професор, господиниот Ѓошевски:”Во држава во која 30% на населението е со исламска вероисповед, ако секој учи на својата вера тоа би довело до верска исклучивост во една држава”.

Господинот Цуцуловски: “Со воведувањето на веронауката во образовниот систем се крши принципот на секуларноста, бидејќи има места за молење и места за учење. Се моли во објектите, цркви, џамии итн, а во училиштата се учи”.

Насилнички е затоа што бевте сведоци како обуката на оние кои што ќе обавуваат вероучение во училиштата се вршеше, господине министер поправете ме ако грешам, ден пред да започне наставата. Еден ден, не цели 24 часа. Се врши насилнички затоа што поради таквиот начин на работа денеска нема учебници за учење на веронауката или за историја на религии.

Заради еден министер за образование не треба да даде одговор зошто нема учебници. Ако нема цело полугодие учебници, јасно е што треба тој министер да направи зарем треба опозицијата да каже, или учениците, или родителите. Јасно е што треба да се направи, меѓутоа кога се нема концепт и кога се брза по секоја цена да се направи тоа ефектот ќе биде таков каков што ќе биде.

Имам уште минута ипол, ќе дојдам до она што го кажа втора карактеристика на сите овие проекти, притисоците.

24 часа, седум дена во неделата притисоци. Притосоци врз сите оние родители и ученици, кај сите оние родители кои што сакаат децата да им изучуваат историја на религија. Класични притисоци, сега немам време, а можеби преку други моменти ќе ви кажам за конкретни имиња кои што учествуваа во тие притисоци. Партиски форуми на ВМРО-ДПМНЕ, жени на ВМРО-ДПМНЕ, градоначалниците, сите да ги убедуваат оние што згрешиле да се вратат на вистинскиот колосек.

Притисоците на Уставниот суд. Ден по поведувањето на иницијативата за оценување на уставноста на веронауката премиерот случајно го посети Уставниот суд. И случајно излезе на прес-конференција, образложи дека има писмо со кое што се бара да се промовира воведувањето на веронауката, прво тогашниот портпарол, кажа не сум во право, за да утредента каже, да тоа се случило, меѓутоа не било со некоја лоша намера. Да не зборувам за притисоците врз сите оние кои што штрајкуваат.

Затоа почитувани дами и колеги Македонија бележи пад на демократијата во Република Македонија и затоа Македонија е во друштво сега со Црна Гора, со Албанија и со Босна и Херцеговина. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Ташева Виолета, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, во секој случај вашето искажано мислење околу состојбите во образованието се темели на голем број искажани

шпекулации и безверодостојни показатели на истото, а најголемата заблуда во која се наоѓате е тоа дека нема концепт Владата на ВМРО-ДПМНЕ околу образовниот систем, неговото функционирање, организирање и развој.

За нас е битно дека квалитетното образование е основен двигател за општеството и за економскиот развој и државата има потреба постојано да инвестира во унапредувањето и усовршувањето на системот на образованието. Сметаме дека и веруваме дека добриот начин да се излезе од сиромаштијата е преку знаењето и моќта што ја дава образованието и на долг рок образованието е најдобрата и најсигурна инвестиција. За разлика од вас јас ќе се послужам со податоци кои стојат токму во Нациналната програма во развојот на образованието во Република Македонија која вие ја носевте во 2005 година, а важи до 2015 и во која се изнесени податоци околу најважните два индикатора околу кои вие го спорите работењето на Министерството за образование и наука во периодот кога е на власт ВМРО-ДПМНЕ.

Еден силен индикатор за кој ќе се сложите дека оние проекти што вие ги спорите се неопходни е фактот 49,39% од населението на Република Македонија според анализата на образовната структура на населението во Република Македонија покажува дека од вкупниот број на лица над 15 годишна возраст 49,39% се лица кои не поседуваат или поседуваат ниско ниво на образование, неписмени се со незвршено основно образование. Поголем индикатор за да се воведе проектот задолжително образование, задолжително средно образование, немате почитуван колега. Тоа е најголемиот индикатор кој кажува што е тоа што треба да се превземе. За жал, иако вие ја носевте оваа програма и ги констатиравте состојбите, вие немавте воопшто концепт и визија што е тоа што треба да го направите за доброто на своите граѓани.

И уште еден индикатор многу битен. Тоа е дека 16,65% има неопфатеност на ученици во преодот основно средно образование. Кога ќе ги разгледате овие два индикатори ќе бидете многу пореален, кога ќе ги коментирате потребите и проектите од носење задолжителност на образование.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следниот за збор според редоследот е господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Господине мислам дека е добро да имаме конструктивна опозиција, ако навистина се работи конструктивно и се даваат идеи за надминување на создадената состојба. Но, ова е веќе една традиција во секоја Влада интерпелација се поднесува до министерот за образование. Така беше и во минатиот мандат и во овој мандат продолжува оваа процедура и постапка. Се согласувам со тоа дека опозицијата има обврска или должност сите сугестии и забелешки ди извршната власт, во конктертниот случај до министерот за образование и наука. И за тоа постои опозицијата. Мислам дека и опозицијата има обрвска и должност, покрај забелешките и пропустите на еден припадник и член на извршната власт, во конктретниот случај министерот за образование, треба да даде и алтернативи за надминување на создадената состојба.

Во моето излагање ќе се концетрирам во однос на тоа дека освен тоа што се направени работи до сега, по доаЃањето на министерот во Владата на Република Македонија ќе дадам и мои сугестии и забелешки во оваа насока.

Факт е дека Министерството за образование и наука и некои други министерства претставуваат еден комплекс проблеми со кои треба да се соочи нашето општество. Кога ќе почнеме да ги броиме колку основни училишта имаме, колку средни училишта имаме, колку други образовни институции и научни и универзитетски итн., Република Македонија треба согласно овој предизвик за надминување на содадената состојба во образовниот систем во Република Македонија треба да одговори исто така о на барањето на Европската унија за спороведувањето на реформите во образовниот систем во Република Македонија. има две контрадикторни прашања на едната и на другата страна. На пример, училишната инфраструктура не е во поволна состојба. Ако се посетат основните училишта, но и средните во руралните подрачја, навистина, инфраструктурата во тие места е оштетена, е дотраена, руинирана. Во дргите места има навистина, европски стандарди. Но, од друга страна дали ова значи ако немаме добра, вистински изедначен систем дане продолжиме со ивие реформи. Ние често пати сме биле критикувани и често пати и ние сме критикувале дека врз основни барањата на разни европски комисии за спроведувањето на реформите согласно легислативата на Европската унија треба да се направат реформи во образовниот систем. Мислам дека има битки на два фронта. Од една страна уредувањето на системот, согласно законите кои произлегуваат од Парламентот на Република Македонија и исто така спроведување на реформи согласно барањето на еврпоските институции. Но, когаќе ја видиме другата страна на медаљата, мислам дека во кабинетот на Стојановски и во актуелната Влада мислам дека состојбата беше неповолна. Не сакам да ја обинувам претходната гранитура, во насока на тоа уредување на состојбите во областа на образованието. Но, исто така, е изнајдена една алармантна состојба. Таму каде што се застанало треба да се продолжи да се надминат овие состојби содадени во образовниот систем. Треба да се интервенира во насока:

1. Спроведување на реформи.

2. Деполитизација на образовниот систем.

3. Уредување на стручен кадар во образовниот систем и научниот кадар.

4. Треба да се консолидираат односите и ако се сеќавате Министерството локална самоуправа, ако се сеќавате на општина Брвеница и се одзедоа надлежностите во минатиот мандат. Сега и се вратија надлежностите на општина Брвеница во насока на управување со основните училишта и средните училишта во општина Брвеница и на другите места каде беше дискутабилно ова прашање.

Јас сакам да му укажам и на министерот кој е присутен. Реформите се болни, тое е вистина. Имаме образовен систем во Република Македонија кој се одвива надвор од секој стандард. Има училишта со над 2 илјади ученици кои учат во три смени. Со недостаток на простор кој што верувам оваа Влада ако почне да интервенира во оваа насока, ќе ја надмине оваа состојба во овие училишта и овие подрачја, бидејќи во 21 век да се учи по 20-25 минути во една смена, ова е веќе проблематично.

Имаме исто така училишта во руралните подрачја каде нема елементарни дидактичко медотодистички елементи, но затоа велам состојбата во целост, за ова не го обвинувам ниту поранешниот министер, ниту министрите од 1990 година наваму. Овој е предзвик со кој треба да се соочи секој министер кој ќе седне на столот на министерот на тоа Министерството. Реков и претходно треба да се продолжи на два фронта:

1. Спроведување на законите за образованието и реформите согласно на барањето на Европската унија. Мислам и верувам до крајот на мандатот на актуелната Влада и Министерството, можеби нема да се решат 100% проблемите, но видливо ќе се ублажи состојбата во образованието во Република Македонија. Еден од конкретните смели чекори на министерот е спроведувањето на уставната категорија за учење на пример на мајчин јазик на паралелките во Ресен, во Велес. Верувам дека министерот јавно ќе го реши и статусот на учениците во Битола за нивно образование на мајчин јазик. Оваа уставна категорија е задолжителна на секој министер, на секоја Влада и секој функционер кој има обврска да ја врши својата должност. Но, исто така има многу проекти кои останаа од минатиот мандат. Не сакам да ги отфрлам истите и да завршат во изградба на училишта. Но со заокружување на нивната изведба на нови училишта во 2009 година како што основното училиште во Идризово. Можеби стана проблематично по медиумите, но нивната желба во текот на 2009 година ќе се реализира. Верувам дека со заеднички сили многу состојби и предизвици ќе се надминат во потребна насока. Ќе ви дадам пример: отворање на паралелките во Скопје. 6 плус паралелки во Драчево, средно земједелско училиште, гимназија на албански јазик во Гостивар исто така, во Струга, во Кичево. Зошто го нагласувам ова? Со самото задолжително средно образование стана уставна категорија, што треба да му се посвети посебно внимание и да се создадат услови на секое дете кое што сака да учи и да се запише каде што сака. Тоа има позитивни чекори и затоа не случајно велам и се обраќам на опозицијата. Забелешките се добродојдени, критиките се исто така добродојдени, сугестиите исто така. Но, исто така треба да се даде можност и на министерот да се даде алтернативи и начин за надминување на состојбите не само да бидеме едностранi да критикуваме забелешки и сугестии и да останеме на тие позиции. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор според редоследот е госпоѓица Маринела Тушева, повелете.

**Маринела Тушева**: Благодарам.

Почитуван претседател, почитуван министер, колеги пратеници.

Доаѓањето на власт во 2006 година претставниците на Владата на ВМРО ДПМНЕ секоја пригода сакаат да истакнат дека за нив образованието е највисок приоритет односно помеѓу петте стратешки приоритети на програмата на Владата која се повеќе инвестира во него за тоа да биде што подостапно до младите. Вистината е дека стратешки приоритети на Владата и на министерот Стојановски е единствено и исклучиво кампањи во јавноста да се оддаде имиџ дека Владата на ВМРО ДПМНЕ е максимално посветена на образованието, неговото промовирање, унапредување, осовременување и доближување до младите. Јавноста е буквално преплавена со пораките на Владата дека волку или онолку денари се вложени за подобрување на образованието. За жал, реално подобрување во квалитетот на образованието не се случува, напротив се случува хаос. Ниту една од реформите што беа најавени и почнаа да се имплемнетираат не доживеа успех. СДСМ поднесе интерепелација за министерот на образование поради оваа неподнослива ситуација во образованието. Некој мора да понесе одговорност за лошата политика и начинот на раководење со Министерството.

Ќе проанализирам неколку проекти во образованието. На почетокот фамозните 100 илјади компјутери или компјутер за секое дете. Овој владин градиозен проект беше прв пат најавен пред повеќе од две години. Денес комјутер за секое дете според Владата има, но според реалноста нема, затоа што ниту работат ниту се користат овие компјутери. Дел од набавените компјутери може да се инсталира и да се пушти да работат, односно не може да се пушти да работи затоа што е електричната инсталација во некои училишта е застарена колку и училишните згради, некои дури и до 50%.

Поставување на нова инсталација би значело затварање на училиштето и целосно реновирање од темел до покрив. Во суштина идејата за компјутеризација на основните и средните училишта со голема амбиција да не исфрли на самиот врв на листата на образовните системи во светот, далеку пред најсилните Јужна Кореја и САД, каде што на секое седмо дете следува по еден компјутер е благородно но и волонтаристичка и преамбициозна за чие спроведување се потребни голема сила, енергија и висока организација за едуцирање на професорскиот кадар. Меѓутоа со жалење мора да се констатира дека овој проект е пропаднат.

Прво, комјутерите работат на оперативен систем Линокс кој е различен од оперативниот систем Виндовс кој впрочем е застапен кај 90% од корисниците на информатичката технологија во Република Македонија вклучувајќи ги овде секако учениците што веќе дошле во контакт со компјутер, меѓутоа и наставниците. Компјутерите се наредени на класичните клупи во училницата и не постои простор за учебници, тетратки и други активности, на пример пишување. Исто така се губи визуелниот контакт наставник ученик итн. Меѓутоа најстрашно е што нема вградено специјализиран софтвер за ниту еден предмет што се изведува во наставата. Не постои никаков план ниту визија како тие компјутери ќе се користат во наставата. Наставниците за жал, се сведени на неми просматрачи и чувари на техниката, со страв дека ќе бидат казнети од директорот ако нешто недостига или ако се скрши бидејќи се задолжени за нив.

Понатаму, за реализацијата односно за понатамошната реализација на овој проект, се поставуваат неколку прашања: што е со натамошната обука на наставниот кадар, зошто не се вложува во дообразување и надградба на човековите ресурси. Како овие наставници воопшто да размислуваат за примена на компјутерите во наставниот процес кога воопшто не се вклучени во едукација, ниту пак имаат претставено план за реформите на методолшкиот пристап за изведување на наставата.

Трета и најважна компонента која што реков отсуствува, неопходен софтвер за изведување на наставата за секој предмет. Меѓутоа очигледно министерот и неговиот тим не се заинтересирани за суштинска имплементација на овој проект.

Понатаму следуваат 26-те нови факултети и дисперзирани студии. Во април 2008-та година Владата го презентираше програмите за унапредувањето на универзитетското терцијално образование во Република Македонија. Во август 2008-та година се покажа со мерките што ги превзема Владата за отварање на нови факултети ги порази државните универзитети со слабиот одзив. На четирите државни универзитети во првиот уписен рок имаше околу 19 илјади слободни места за нови студенти. По завршувањето на уписите Министерството за образование и наука ја соопшти бројката на пријавени студенти. Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје од 8.950 пријавени се 6.554 студенти или процентуално 73% проценти, Климент Охридски во Битола пријавени се процентуално 70%, Гоце Делчев од Штип 40%, Државен универзитет во Тетово 37% или вкупна бројка на пријавени кандидати од она што се предвидело да се запишат е 60%. Она што не го соопшти Министерството, а го објавија медиумите е разочарувачкиот слаб одзив на ново отворените факултети. Само еден кандидат се пријавил на новиот Државен технолошко технички факулет во Велес кој од оваа година го отвори Битолскиот универзитет Св.Климент Охридски, додека ниту еден не поднел документи на ново дисорезираните студии на овој факултет во Кичево. Од ваквите очајни бројки не би требало да се срамат факултетите, туку министерот Стојановски и премиерот кои направиле предвид околу целата работа. Затоа што не се само бројките во прашање како апсолутна вредност , туку како стратегија.

Новите факултети беа дел од стратегијата на Владата која годинава ги зголеми државните квоти за техничките науки, а ги намали за општествените. Интересот за општестевните науки не спласна. Спласна за техничките, што е поразително за стратегијата на Владата. Меѓутоа, министрите во Владата по се изгледа носат розови очила. На крајот може да се заклучи дека овој е уште еден пропаднат проект на Владата со несогледливи последици по образовниот систем. Се поставува прашањето каква ли уште катастрофа треба да им се случи на државнитре универзитети, за конечно Владата да сфати дека пред да превземе конкретен чекор треба убаво да размисли и да изготви план и стратегија.

Понатаму, особено интересен момент за јавноста беа исплатените хонорари во Министерството за образование, односно ревизијата на Државниот завод за ревизија покажа дека во 2007 година 92 лица од Министерството за образование со хонорари го оштетиле буџетот за 14 милиони денари, или повеќе од 230 илјади евра. На списокот секако, се наоѓа и сегашниот министер за образование Перо Стојановски кој тогаш беше на функцијата државен секретар.

Тогашниот министер Рушити зел 3400 евра, а актуелниот минситер зел 2500 евра. Ревизорот му препорачал на министерот Стојановски да ги задолжи службениците да ги вратат незаконски исплатените средства. Да се напушти воспоставената практика, на исплата на надоместоци за вршење на работи и задачи кои спаѓаат во редовни работни обврски на вработените. Министерот не одговори дали планира да ги врати парите што му биле исплатени и вети дека медиумите на време ќе бидат известени за тоа.

На крај, основната причина заради која што беше,односно една од погоелмите причини за интерпелација на министерот секако беше штрајкот на СОНК, односно огромните притисоци што се правеја без затскирвање и срам. Министерот Стојановски и неговиот тим се впуштија во директни и брутални притисоци врз дел од наставниците и директорите да не штрајкуваат и да се оградат од СОНК.

Во тоа делумно успеа, затоа што најсилно оружје им е стравот. Овие потези не најавуваат демократизирање на нашата држава и не најавуваат европска иднина, напротив карактеристични се за некои тоталитарни режими. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Реплика министерот за образование. Исто така за реплика се има пријавено и пратеничката Ташева Виолета.

Збор има министерот за образование.

**Перо Стојановски:** Претседателе,

Би сакал во однос на излагањето на почитуваниот пратеник да се произнесам во однс на некои потатоци што беа искажани, да дадам одредено толкување.

Имено, уписите на државните универзитети, односно на јавните универзитети е пропишано согласно Законот дека трае во три уписни рока. Што значи не можеме парцијално да гледаме на тоа и да ги толкуваме резултатите врз основа на тоа колкав број на ученици, односно на студенти се приајвиле на првиот уписен рок.

Резултатите и податоците кои што ги имаме сега во моментов сега се следни: На Техничко-технолошкиот факултет во Пробиштип има 24 студенти на Машинскиот факултет во Виница има 19, на Електротехничкиот факултет во Радовиш има 24 студенти. Што се однесува до Државниот универзитет "Св. Климент Охридски", Техничко-технолошкиот факултет во Велес во моментов има запишано 126 студенти. Значи, оние бројки со кои што вие располагате почитуван пратеник се однесуваат на првиот уписен рок. Меѓутоа, запишувањето на студентите трае три уписни рока и ве молам да ги користите официјалните податоци по завршувањето на уписите. Затоа што ниту во Законот, ниту во било кој друг акт е пропишано дека едните студенти имаат поинаков статус по однос на студентите кои се запишале во вториот или третиот уписен рок.

Во однос на вашето второ укажување во делот на тоа дека Министерството за образование и наука, вршело притисоци врз наставниците за време на штајкот, би сакал уште еднаш да потенцирам дека во ниту еден момент Министерството за образование, ниту пак министерот за образование и наука не вршеше притисок. Едноставно како што беше регулирано и како што е регулирано во Уставот правото на штрајк, исто така е во Уставот и е уставна категорија правото на образование. Правото над сите права е правото на образование. Што значи дек ане може да имаме прекин на воспитнообразовниот процес на сметка на учениците. Учениците мора да бидат згрижени и мора да се обезбедат услови каде и на кој начин за време на штрајкот тие деца ќе бидат сместени.

Токму во таа насока беа сите укажувања на Министерството за образование и наука и министерот за образование и наука. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Контра реплика, Тушева Маринела, повелете.

**Маринела Тушева:** Благодарам.

Можеби на овие факултети се пријавиле и веројатно да, се пријавиле студенти. Меѓутоа се пријавиле откако во првиот и вториот уписен рок не се пријавил никој, па Министерството беше принудено целосно да ги укине квотите за партиципација на овие факултети. Што значи дека повторно студентите се во нерамноправна положба, тие од едниот факултет со онеи од другите факултети.

Што се однесува до притисоците на штрајкувачите, штрајкот е уставна категорија и не е дозволено луѓето коиодат по улица и плукаат да бидат казнувани, а министерот да не биде казнет заради тоа што го крши Уставот и им се закaнува на вработените односно наставниците да штрајкуваат. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За реплика пратеничката Ташева Виолета, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувана колешке, ако некој треба да се срами, во вашиот говор го искористивте и тој збор, ценам дека вие треба навистина да се срамите, од проста причина што сте вие млад човек. Потекнувате од источниот дле на Македонија од градот Штип. Срамота е да го спорите проектот за отворање на Државниот универзитет "Гоце Делчев". Со тој Универзитет се овозможи на сите млади луѓе од Источниот дел на државата да имаат пристап, подеднаков,како и сите други луѓе, до високото образование.

Она што би сакала да го истакнам со овој проект, споредбено 2006/2007 учебна година, каде што само 42% од завршените средношколци се запишале на високо образование, во 2007/2008 година овој процент е 64. А, додека оваа учебна година 2008/2009, овој процент е 85. Тоа значи успешност на реализација на проект.

Тоа што уште вашето спорење околу буџетските средства и инвестициите во образованието, срамота е да се дискутира колку се вложува во образованието и да се наоѓа замерка за вложувањето во образованието. Тоа , од причина што развиените европски држави како репер за своето образование, за својата развиеност имаат 5%-тно зафаќање од БДП. Тоа штонашата држава се бори да го направи е да направи образование достапно за сите, квалитетно, што ќе му овозможи на секое дете, на секој ученик,на секој

студент можност за образование и знаење компатибилни со европските развиени земји.

И, до колку вам ви пречи, инвестиционо вложување, тогаш вие, најверојатно, вашите политики и гледање кон образованието не се добронамерни и не се за младите луѓе. Вие имате погрешен концепт на перцепција на образованието и вие навистина треба да се срамите како млад човек.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Контра реплика Тушева Маринела, повелете.

**Маринела Тушева:** Овде не станува збор за тоа дали некој треба да се срами или не. Тулу, станува збор за тоа дека некој поради лошите резултати треба да понесе одговорност.

Државниот универзитет "Гоце Делчев" во Штип беше идеа што се обидуваат две децении nанзад да ја релизираат видни интелектуалци од Штип и на крајот таа идеа се реализира. ВМРО-ДПМНЕ апсолутно не смее и не може да си го припише Државниот универзитет "Гоце Делчев" во Штип единствено и исклучиво себе си. Тоа беше идеа на која што работеа макотрпно голем број интелектуалци од Штип и од Истокот.

Понатаму, и СДСМ гласаше за овој проект. Меѓутоа, се поставува прашањето што е со хиперпродукција на кадар и со немање реална стратегија за потребите на нашето стопанство. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Според приајвените на лситата, збор има пратеникот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре, почитувани претставници од медиумите,

Денеска пред нас имаме една неиздржана интерпелација за работата на минситерот за образование Перо Стојановски. Но, всушност имаме и една интерпелација, едно омаловажување на сето она што е направено и работено во образованието во Република Македонија во изминативе двеипол години.

Сето она што луѓето во ова Министерството за образование и наука го работеа, придонесуваа и со претходниот министер, тогашнио тдржавен секретар и со сегашнио тминистер, неговиот тим, заменикот минситер, државниот секретар, Државниот просветен испекторат, сто тоа се омаловажува. Бројките, статистиките и резултатите се неумоливи.

Ние можеме да одиме со многубројни паушални оценки и дисквалификации,како во "Московска Павда" каде што на три страни ќе кажеме огромен број на нешта. Ако одиме со една, условно да кажам НБА статистика, ќе ги добиеме следниве податоци.

Како вовед, јас ќе кажам само една парадигма за ефикасноста на Министерството, а тоа е пред неколку месеци имавме ситуациј а каде што после 45 години училиштето Јан Амос Скоменски се смести во нов објект. Имавме опожарување, имавме проблем, имавме ефикасност на Владата, посветеност на министерот, подршка од премиерот и тоа училиште, заедно со средствата и од Швајцарската Амбасада беа добро администрирани и со општината Карпош и со Министерството за образование и наука, имавме пуштање на тоа училиште. Се работи за најголеми инвестиции што Република Македонија ги имала во образованието во последниве 30-тина години. Ќе спомнам неколку бројки.

Тоа е, дека за реконструкција на училишта, изградба на нови училишта во 2005 година, пред само три години, ние сме имале издвоено 109 милиони денари. 109 милиони денари тоа се 1.700.000 евра. Со 1.700.000 евра на претходната Влада, во оваа држава ние сме ги реконструирале односно нереконструирале тоалетите во средните училишта, таблите, покривите што прокиснуваат, спортските сали каде има нафабрени подови, подови што пропаѓаат.

Јас не сакам да кажам дека и сега нема таква ситуација. Ние, за две години, за три години не можеме да ја смениме секоја тула и секој паркет што 20-30-40, а некаде и по 60 години не биле сменети. Но, средствата се зголемени. Наместо 1.700.000 евра што претходната Влада ги издвои продавајќи го ЕСМ и набавувајќи тенковски делови, во исто време сега имаме 563 милиони денари. Во евра тоа значи 9.200.000.Тоа е зголемвување некаде за околу 450%. 4,5 пати повеќе се реконструираат тоалети, се ставаат нови табли, се ставаат покриви, се донесвуаат столчиња.

Во какви нехигиенски услови учеа нашите деца? И понатмау учат и понатаму имаме проблеми. Јас не сакам тука да ве убедувам дека ние одеднаш имаме систем како во Норвешка или како во Ирска. Не. Но, имаме многу подобра ситуација во текот на овие 2,5 години во ова Министерство и во училиштата отколку во изминатите 10 години.

Би одел со уште неколку податоци. Тоа значи дека ќе имаме реконструкција на 365 основни училишта, односно згради и 35 училишни згради. Нема град во Република Македонија,нема општина во која што нашето Министерство и овој минситер нема да имаат проект за реконструкција.

30 автобуси за превоз на ученици. Исто така постапка почната од поодамна, во континуитет од повеќе луѓе во Министерството и резултатите доаѓаат.

Уште неколку податоци. Во Република Македонија, пред две години имавме ситуација каде што од основно , со завршено оснвоно образование не оделе во средно околу 3500 млади. Значи, 3500 ученици кои завршиле 8 одделение, завршувале со нивното образование и понатаму не оделе. За среќа сега тој број е

намален. Изнесува некаде околу 2000. Значи 1500 деца, со овие мерки што се направени од Владата, спроведени од министерот и Министерството, им е овозможено да имаат поголема шанса во животот. Не зборуваме за бројки, зборуваме за судбини. 1500 повеќе од нив, наместо да бидат на улица, наместо да бидат на некое друго место, ќе бидат таму каде што им е местото, а тоа е во училница.

Истата работа се однесува и за завршено средно, преминот кон високо. Во овој дел би сакал да напомнам исто така дека имаме посебна Програма за стипендирање на учениците Роми, за тоа што таму навистина имаме проблем. Овој сегмент од популацијата треба да направи исчекор. Треба да ја има онаа еманципација што, условно кажано ја имаше во Македонскиот народ, во еден период, во Албанскиот народ исто така во еден период, па сега мораме да направием да имаме што е можно повеќе млади Роми што ќе завршат основно образование, потоа ќе преминат во средно и од средно ќе преминат понатаму во високо образование.

Би спомнал дека во 2006 година имавме 42% од матурантите во Македонија, тоа се некаде околу 20.000 годишно во Македонија матурираат, од нив 42% оделе во високо образование. Сега, оваа годинапред три месеци ние имаме 85% од матурантите кои одат на високо образование. Тоа е еден добар исчекор, за поздравување и што ќе значи многу подобри моменти за Република Македонија.

При крајот би спомнал уште неколку работи. Тоа е дека во Република Македонија, во моментов се достапни учебниците за веронаука. Да, навистина се задоцни неколку месеци, траеја постапките, но за разлика од Полска, Естонија, Хрватска, Словенија, Унгарија и другите земји кои ова го направија 1990 и 1991 година, за жал во Македонија тоа се правеше во 2008 година. Доцнењето е 18 години, поради неподготвеност за плуралност во нашиот образовен систем. Проверлива е работата. Учебниците се веќе во продавниците, така што имаме два учебници за православна веронаука од два различни издавачи, не од исти, имаме еден од католичка вероисповест од трет издавач и имаме учебник по муслиманска, односно исламска веронаука и вероисповест од четврт издавач.

На крајот би го кажал следново, а тоа е во проценти издвојувањата за образование од БДП за време на претходната Влада, иако и таа имаше и некои свои позитивни чекори, но за жал можеби недоволни, далеку од доволни, имавме 3,5% од БДП што беа за образованието. Сега тоа изнесува 5,9%. Или, во апслутни бројки, ако во 2005 и 2006 година издвојувањата за образование беа 220.000.000 евра, денеска издвојувањата за образование изнесуваат околу 350 милиони евра. Од 220 милиони на 35 милиони евра. Во тоа се и платите на наставнио ткадар што се сеуште недоволни, но одат напред и колку-толку се зголемени. Во тоа се и компјутерите што ги снабдуваме, во тоа се реконструкциите што ги прави оваа Влада, оваа гарнитура и минситерот Перо Стојановски, во тоа се и бесплатните учебници што за прв пат во Македонија од 1 септември ќе се даваат на сите.

Значи, работи за образованието што се навистиан еден крупен исчекор и поради тоа мислам дека треба да му дадем полна подршка на министерот Перо Стојановски да ги спроведува овие корисни проекти за целото општество и за младите во Република Македонија. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена пратеникот Топузовска Каревска, Крковска Лошкова Славица, Бендевска Весна.

Збор има пратеникот Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван колега и вие кажавте дека навистина долго време не е инвестирано во образованието односно не е доволно инвестирано и јас тука со вас се согласувам, меѓутоа точно е дека ниту еден денар не се инвестираше во претходните четири години кога ВМРО-ДПМНЕ беше на власт. Вие заборавате дека ВМРО-ДПМНЕ веќе девет години на власт, меѓу другото и раководи со Министерство за образование и наука и можеше и тогаш да инвестира. Но, мене повеќе ми се интересни бројките, почитуван колега, околу средното образование.

Точно е дека има напредок околу незапишаните ученици, тие кои го завршуваат основното образование, но тоа е многу незначително. Имено ако се види дека од вкупно 12.030 слободни места во средните училишта, во вториот уписен рок аплицирале 2022 ученици, а претходниот рок се запишани 5704 ученици, останува дека 4154 не се запишани во средно образование односно ако од тоа се одземе и бројката во приватните школи, тогаш останува 3454 со завршено основно образование ученици кои не се запишани. Точно е само дека државата ќе инкасира околу три милиони евра од родителите на овие незапишани студенти и повторно ќе може Министерството да се рекламира со малиот анштајн и - знаењето е сила, знаењето е моќ. Но, да продолжам понатаму. Имено, дури и процентите што ги дава Министерство за образование и наука, иако се малку поинакви пак се далеку од вашите и таму вели дека остануваат да се запишат околу 2700 средношколци, што е повеќе за 700, од бројката вие ја изнесовте.

Почитуван колега, ако се има предвид каков е ефектот од Законот за задолжително средно образование, доаѓаме до тоа дека најголема корист ќе се има во полнењето на Буџетот на Република Македонија. Точно е дека овој пат се одвоени 350 милиони евра и јас го поздравувам тоа, но многу е важно каде тие ќе се инвестираат 350 милиони и тоа што вие го кажавте, премногу

идно време има, почитуван колега. Да ќе се обноват 365 згради и ќе се набават 30 автобуси. Јас повеќе би сакала да говорам што од времето девет години од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ е направено. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Контра реплика пратеникот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Почитувана колешке Топузова Каревска зошто Министерство за образование и наука нуди многу повеќе места за многу помалку ученици односно и вие самата ја кажавте бројката, а тоа е дека за две илјади ученици се нудат околу 4 илјади места. Зошто се нуди сега тоа? Тоа се нуди за да има многу поголема мобилност, а тоа е не да имаме точно толку понудени места во средните училишта колку што има ученици, па секој да биде принуден да оди на едно или на друго место. Ние на учениците сакаме да им обезбедиме мобилност и согласно нивните афинитети, таму каде што сакаат да појдат за нив да има место да се запишат. Значи да имаат избор, да имаат повеќе предмети, да имаат повеќе училишта, да имаат стручни училишта, да имаат гимназии и да си го најдат она што им е најсоодветно за нивните амбиции.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Славица Грковска Лошкова.

**Славица Грковска Лошкова:** Господине Ѓорчев, на почетокот на вашето излагање рековте дека ова е една неиздржана интерпелација на министерот Стојановски, меѓутоа ниту во одговорот на интерпелацијата на министерот, ниту пак во вашиот говор слушнав еден контра аргумент на фактите што се наведени во интерпелацијата. Не слушнав дека не е точно дека 230 илјади евра се поделени на вработени во Министерството, почнувајќи од министерот. Не слушнав дека не е точно дека имаше проблеми со деветтолетката. Не слушнав цврст аргумент дека не е правен притисок врз вработените во образовниот процес за време на штрајкот и за тоа со уцени и закани се обидуваше на секој можен начин вашата влада да го задуши и да им го оспори правото на наставниците на штрајк. Не слушнав да негирате дека до директорите на училиштата се испраќани писма со кои се барани податоци со име и презиме за родители, за ученици, членови на училишни одбори, со цел да се има списокот на лицата, од страна на владеачката партија, врз кои треба да се изврши притисок по секоја цена да се прекине со штрајкот. Иронијата да биде поголема не слушнав и дека се оградивте, кога министерот изјави дека секој што нема да го почитува ставот на Министерството дека штрајкот во образованието не смее да се случи, ќе биде казнет и реперкуиран. Ако тоа не е притисок тогаш не знам што е. Ако не е притисок одењето по училишта низ Македонија и по секоја цена инсистирањето да се прекине со штрајкот, со уцени и закани за отпуштање од работа, не само на вработените туку и на нивните деца, тогаш не знам што е притисок.

Сосема на крајот, зборувавте за веронауката, но во ниту една од овие држави што ги спомнавте не е иста како во Република Македонија. Во Република Македонија зборуваме за мулти етничко општество во која образованието треба да биде интегрирачки фактор, а не дезинтегрирачки. Ние преку образованието на ваков начин дозволивме децата да ги делиме по етничка и верска основа, што според мене долгорочно е погубно за Република Македонија. Не слушнав дека како политичка партија се загриживте за тоа што во училниците влегоа вахабисти кои ги идентификуваше Исламската верска заедница не некој друг, не опозицијата.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Контра реплика пратеникот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Колешке Грковска во 21 век повеќе нема моноетнички и монорелигиозни општества. Апсолутно, секое општество во Европа, без исклучок, отидете од држава во држава ќе видите дека е мултиетничко, мултирелигирко. Истото тоа го имаме и во Романија, го имаме и во Бугарија, го имаме во Србија, го имаме и во другите држави на Балканот, го има во Источна Европа и секаде. Значи апсолутно секој со почит кон секого, кон ближниот свој, да се уважуваме, но исто така и да ги знаеме традициите кои ги следиме и работите во кои веруваме затоа што училиштата се сервис на заедницата и треба да го обезбедат она за што постои интерес.

Во врска со хонорарите, Перо Стојановски тогаш не бил министер, ја нема одговорноста за тоа, а по наоѓањата на ревизијата другите институции веќе треба да постапуваат во врска со тоа. Се што беше до Министерство за образование и наука веќе е направено, а тогаш тој носител на функција апсолутно нема одговорност за тоа што го спомнавте.

**Рафис Алити:** За реплика се јави пратеникот Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Колега Ѓорчев, верувајте дека можев да го предвидам вашиот десетминутен говор во одбрана на министерот за образование и наука. И јас потполно ве разбирам. Вие бевте задолжени да го одвлечете вниманието од она што е поента и основна причина заради што пратеничката група на СДСМ побараа гласање на доверба за работата на министерот за образование.

Нема да говорам, бидејќи колегите веќе долго говорат за нешто што е очигледно.

Тригодишното владеење на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, освен во Секторот Енергетика и Здравство каде имате катастрофални резултати, третиот сегмент е образованието и од

тоа не можете да побегнете. Фактите го говорат сосема спротивното. Но, дозволете да се вратам на поентата.

Министерот Перо Стојановски најгрубо го прекрши Уставот, она што значи темел на Република Македонија. Дозволете колега, апсолутно ве почитувам вие сте дел и од интелектуалната група која стои врз вчерашната номинација на новиот претседател предложен од ВМРО-ДПМНЕ. Членот 8 вели: темелна вредност на Уставот се човечките права и слободи. Јас знам тоа вие го разбирате. Темелна вредност, слобода на секој човек е правото на штрајк. Немам потреба да ви го читам членот 38, но дозволете заедно да го прочитаме членот 51 кој вели: - во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите, па и господинот министер за образование.

Господинот министер за образование со свој потпис стоеше на она што се вика директен притисок и забрана на правото на штрајк. Низ сите медиуми цитираше дека законот е над Уставот, што комплетно е погрешно. Не знам дали забележавте, сите колеги говореа за членот 38, господинот Стојановски се обиде да даде одговор на тоа само на колешката Маринела Тушева, на никој друг. Господине Стојановски станете и објаснете како можете да ја потпишете директната закана и упад и кршење на Уставот кога ги повикувавте професорите. Значи не да го почитуваат Уставот туку да обрнат внимание на Законот. Вие говорите по телефон. Мислите дека доволно е владеачкото мнозинство да ви изгласа доверба, ама невавте сила господине Стојановски сам да излезете пред СОНГ. Ве бранеше и министерката за култура и вице премиерот Ставрески. Овде бранете ги своите ставови со кое право го кршевте Уставот.

**Рафис Алити:** Контра реплика има пратеникот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам

Имам едно несогласување, а тоа е дека апсолутно неприкосновено право е правото на образование. Значи никој не го спори штрајкот како штрајк. Штрајкови имало и ќе има. Тоа е во ред. Но, штрајкот не смееше и не смее штрајкот во образованието да се прекршува преку грбот на децата. Не може децата да бидат враќани дома, родителите да нема каде да ги однесат, а тие истите родители мораат да одат на работа, исто како што во здравството не можеме да имаме штрајк во однос на пациентите. Значи во здравството не може да има штрајк за пациентите, во образованието според нашите закони, Устав, декларации и слично, не можеме да имаме прекинување на воспитно образовниот процес, туку исклучиво само во случај на вонредна состојба или елементарна непогода. Штрајкот си е сосема во ред, но не смееше и не требаше децата да бидат враќани, да губат настава и да бидат оставани на улица. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Има збор пратеникот Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Благодарам потпретседателе.

За жал, двајца Албанци а треба да комуницираме на македонски јазик. Вие немате право да говорите на албански. Јас имам апсолутно право, меѓутоа се преведувам, така што нема потреба да бидат преведена, кога веќе самата да говорам на македонски. Истовремено немам материјали на албански јазик, немам ни интерпелација која е поднесена од страна на пратеничката група на СДСМ, немам ниту одговор од страна на министерот за образование и наука, немам никаков материјал на албански јазик иако е донесен Законот за јазиците кој не ги исполнува барањата на албанскиот народ во Република Македонија, донесен во периодот на коалиција на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ кои секогаш донесуваат делумни решенија, половни решенија, во однос на барањата на албанскиот народ во Република Македонија. Значи, токму затоа интерпелацијата која е поднесена од страна на СДСМ, за работата на министерот за образование и наука е интерпелација која истовремено е поддржана од страна на парламентарната група на ДПА. Меѓутоа она што е најважно да се истакне е дека токму во одговорот, министерот на крајот ни донесува заклучок во кој вели дека поднесувањето на интерпелација е добар инструмент за контрола на носителите на извршната власт. И тоа е јасно. Јасно е дека парламентот е тој кој треба да врши контрола врз работата на извршната власт преку комисиите, преку работните тела кои функционираат во склопот на самото Собрание, меѓутоа и преку ваков вид на методи и начини со кои се укажува на грешките кои се прават при работата. Заклучокот продолжува, но нејзината употреба во дневно политички цели ја девалвира нејзината суштина.

Почитуван министре, подобро ќе беше да заклучевте дека дефинитивно ДУИ го девалвира образованието на Албанците во Република Македонија. Да, го девалвирате. За целиот овој период, треба да бидете свесни дека ја носите одговорноста за се она што се случува во областа на образованието, почнувајќи од основното, средното па и високото образование. Условите во кои се одвива наставниот процес во основните училишта, токму за албанските ученици е јасен и нема никакво подобрување во оваа димензија, во овој аспект. За средното образование исто така.

Господинот Сафет Незири ни укажува на чекори.

Господине Незири, чекорите се преземени во периодот на коалиција ВМРО-ДПМНЕ - ДПА. Тогаш во средното образование се донесе Закон за задолжително средно образование кое што и покрај одлуката за отворање на паралелка во Битола за албански ученици, вие не ја отварате,

плус ги задолжувате родителите да плаќаат казна за тоа. Таа е одговорност ја сносите вие.

Чекорите се направени во средното образование и за гимназијата Зеф Љуш Марку. Сме ја спомнувале сто пати и уште милион пати ќе ја спомнуваме додека не го решите овој проблем. Вие како дел од власта не сте способни и не бевте способни, во периодот кога се носеше Буџетот за 2009 година, да одвоите материјални средства за започнување со работа на овој веќе постоечки егзистентен објект. Тој објект е изграден и завршен од страна на ДПА. Проблемот е во инвентарот, меѓутоа вие ниту со овој буџет, ниту со ребалансот на буџетот, ниту со буџетот, не бевте во состојба да одвоите материјални средства, минимални, токму за снабдување со инвентарот на овој важен објект за албанските ученици, токму во градот Скопје.

Што се однесува до високото образование, високото образование особено Државниот универзитет во Тетово, е Универзитет кој што денес функционира со 11 факултети, со огромна потреба на материјални средства како за персоналот, како за наставните кадри, за предавачите, за оние што се во постојан работен однос, меѓутоа и за оние предавачи кои што не се во постојан работен однос, односно имаат пар тајм на предавања, материјални средства потребни за простории и изградба на објекти каде што студентите, а тоа не се само Албанци, туку студенти од целата територија на Република Македонија и од различна етничка припадност и религиозна припадност, вие со Буџетот за 2009 година не ја употребивте својата позиција за да може да направите чекори напред во овој дел. Јасно е дека за разлика од Универзиетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје, за разлика од Универзитетот “Св.Климент Охридски” во Битола, за разлика од Универзитетот “Гоце Делчев” во Штип, најмалиот број на материјални средства во денарска вредност, најмалиот број е доделен токму на Државниот универзитет во Тетово. И министерот со право во својот одговор вели дека токму фактите говорат дека буџетот од 2008 година и тоа во периодот споредено со буџетските средства одвоени за образование пред 2006 година, буџетските средства во 2008 година се двојно зголемени. Но, министерот заборави да додаде дека 2009 година овие средства се 10 пати намалени. Вистина е дека до 2008 година имавме голем број на мтеријални средства одвоени за Албанците во Република Македонија за различни сфери, општествени сфери и за нивен напредок. Меѓутоа, 2009 година немаме подобрување, немаме перспектива и просперитет, туку имаме стагнација и враќање назад на албанските интереси на Албанците во Република Македонија. Истото се случува и со спортските сали кои што се започнати проекти на ДПА за Албанците во Република Македонија. Но, немаме ништо од овој аспект.

**Рафис Алити:** Реплика има министерот за образование.

**Перо Стојановски:** Жалам кога од говорницата ќе слушнам обвинувања особено во делот кога станува збор за образованието и кога тука зборуваме за ученици Македонци, ученици Албанци, ученици Турци, ученици Роми. Образованието е образование за сите и достапноста треба да биде еднаква за сите. Меѓутоа, кога веќе зборуваме во таа насока, би сакал на почитуваната пратеничка со факти да појасниме некои работи.

Гимназијата Зеф Љуш Марку е гимназија која што 10 години се гради и никако да се заврши. Министерството за образование и наука презеде се што е во негова надлежност што е можно побрзо да се заврши и конечно учениците од гимназијата Зеф Љуш Марку да добијат своја матична зграда. Програмата на Владата која помина за капитални инветиции во делот на средното образование предвидовме дополнителни 12 милиони денари со кои што целосно ќе се заврши, ќе се пушти во употреба училишната зграда Зеф Љуш Макру. За време на летниот период во месец август беа одобрени средства во висина од 4 милиони денари за набавка на инвентар во училиштето. Значи воопшто не е точно дека немало средства за инвентар во училиштето.

Кога станува збор за основното образование, концептот со кој што се раководеше Министерството за образование дека сите оние започнати инфраструктурни работи, особено во делот на капиталните инветиции за изградба на нови училишта, дека треба целосно да ги затвориме во 2009 година. Токму од тие причини за основното училиште Скендербег во Арачиново, општина Арачиново се предвидени 10 милиони денари за завршување на оваа училишна зграда. Фаик Коница во Дебреште 19 милиони денари за завршување. Значи, не станува збор за отпочнување на проект, туку за завршување. Паско Васа во Групчин 7,5 милиони денари, во Зајас 6 милиони денари, Скендербег Пороj 22 милиони денари за целосно завршување на веќе отпочнатите градежни работи. Нов проект за реконструкција, односно за изградба на ново училиште Конгреси Манастирит во Чаир 19 милиони денари, во Идризово 6 милиони денари. Значи, би ве замолил доколку зборувате во оваа насока, да зборувате со факти и со точни податоци.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Контра реплика пратеникот Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Почитуван министре, јас говорев со факти и аргументи. А вие ја одбегнувате темата и правите реклама за други проекти. Не одговарате директно на поставените прашања. Се согласувам со вас, дека вие сте тие кои што креирате и водите политика, вие сте тие кои што доделувате материјални средства за различни

проекти токму во областа на образованието. И зошто 7 месеци се чека за два проценти потребни за да се заврши проектот Зеф Љуш Марку. Или пак треба да се согласам со мислењето на мојот почитуван колега господинот Владимир Ѓорчев кој што во неговиот говор дефинитивно истакна дека работата со Албанците е веќе завршена. Сега треба да се сконцентрираме кон Ромите. Сметате дека е се завршено за Албанците во Република Македонија? Сметате дека прашањата на Албанците се завршени во Република Македонија, дека се е толку глатко и средено, дека немаат тие потреби и барања?

**Рафис Алити:** За реплика се пријави господинот Ссафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Госпоѓа Флора, јас ќе говорам на мојот мајчин јазик. Многу убаво говориш македонски. Во историјата сите покажале дека тие што се поголеми католици од Папата се знае каде им е местото. Меѓутоа, тоа е ваше право, законско право. Зошто толку не се ангажиравте кога бевте на власт? Зошто не ги надминавте ситуациите кога бевте на власт? Гимназијата Зеф Љуш Марку ја почнавте вие, меѓутоа не ја завршивте. Ја сечевте лентата без инсталирање електрична енергија, без инвентар во зградата, без ништо, вие ја сечевте лентата во гимназијата Зеф Љуш Марку без никакви услови. Тоа е криминал против учениците во Зеф Љуш Марку и тоа на прагот на изборите. И имавте неуспех. Со вашиот вокабулар госпоѓо подобрете се малку доколку сакате да го зголемите рејтингот. Инаку, ќе одите во историјата како што отидоа некои други партии.

Што се однесува на другите работи, што се однесува на Универзитетот, многу убаво знаете како го оставивте универзитетот со 100 милиони денари долг кој што оваа Влада го избриша, всушност го отплати. Ние направивме уште два нови факултети со други насоки и ова го направи

ДУИ. Инвестициите што се предвидуваат 35% во албанските училишта и тоа инаугурација на нови училишта во Вуковина “Абдур Брашевиќ”, “7-ми Март во Скопје, во Кичево градењето на средните училишта и тие ќе се завршат во 2009 година, Зеф Љуш Марку во Скопје, Мирко Милевски во Житоше, Перо Наков во Куманово, основното училиште Мигени во Дреновец Тетово, Фаик Коница во Дебриште - Гостивар, Џерџ Кастриоти во Џепчиште - Тетово и програми за инвестиции исто така се предвидуваат Конгреси Манастирит во Скопје, мислам за 2009 година градењето на основното училиште во Идризово, основното училиште во Ново Село Желино, Драгомиште Зајас, Џерџ Кастриоти во Орланци - Арачиново, основното училиште Санде Штерјоски во Кичево, Основното училиште Неџати Зекирија во Центар Жупа Дебар. Дали ова не е доволно за овој краток период? Каде бевте вие? Каде ви се имињата на училиштата што сте ги изградиле? Не сте направиле ништо, само насилство. Многу убаво знаете што направивте во Универзитетот во Тетово, влеговте со калашникови. За тоа ќе сносите одговорност. И тоа е историска одговорност кон граѓаните Албанци во Македонија. И потоа имате образ да изелзете тука и да обвините. Многу убаво го слушавте мојот говор. На ниту еде начин не ги обвинив ДПА, ниту пак Сулејман Рушити, туку реков, каде застана Сулејман Рушити тука ќе продолжиме ние. Човек треба да има малку човечки чувства, политички и морални вредности, се што е во однос на човештвото.

**Рафиз Алити:** Контра реплика има пратеникот Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Господине, каква беше состојбата во ДУТ во време кога бевте вие на власт? Ова го знае населението: малверзации, корупција, мито, и се по ред. Но, ние ја спасивме состојбата. И денес имаме една стабилна здрава институција. Имено, образовна за Албанците во Република Македонија. Но, во однос на средствата кои ги спомнавте, тие беа дел од буџетот, беа предвидени токму вие ги запревте. И на крајот на краиштата да ви дадам комплимент бидејќи ова е за вас комплимент. Ми се чините како Барумин Хаузен кој измислуваше светски приказни во кои веруваше самиот и ги измислуваше со сето настојување да ги преувеличи неговите јунаштва. Мислам дека ова е за вас комплимент.

**Рафис Алити:** Почитувани пратеници и пратенички,

Навистина е добро кога познаваш странски јазици, или јазици кои ги говорат соседите, со кои живееме. И ова е секако добра работа. Но, да не го користиш својот јазик и своето право, не е во ред. Ова го велам со голема искреност од причина што слушателите на албански јазик тие кои ги следат собраниските седници имаат можност нашите говори да ги следат и на мајчин јазик кога им се обраќаат пратениците Албанци кои ги изгласале. Така што ова право го имаме, а дали го користиме, или не, е нешто сосема друго. Сигурно дека пратеничката не е информирана, а ако не е, тогаш ќе ја потсетам дека со дигиталната техника ова нешто се овозможува, се разбира на третиот канал во други фрекфенции говорите на пратениците Албанци се пренесуваат на јазикот на кој тој говори. Додека во однос на материјалите, сигурно дека сте известени дека во Собранието со новата систематизација е формиран Сектор за превод на албански јазик и тоа право треба да го искористите и да ги барате материјалите на албански јазик. Ако нешто такво не сте го направиле, сигурно треба да го направите. Исто така, со новата систематизација сме предвиделе и сектор за поддршка на собрнискиот канал, сектор кој набрзо ќе отпочне да функционира и сигурно дека и слушателот Албанец, гледачот Албанец кој сака да го слуша пратеникот Македонец, велам за еден старец кој не го познава македонскиот јазик и кој сака да го разбере пратеникот Македонец се разбира на

негов јазик, ќе ја има таа можност. Со комплетирањето на овој сектор, а со преводите со симултаниот превод во Собранието да го сфати истиот, бидејќи освен што го застапуваме гласачкото тело кое не изгласа, ние ги застапуваме и граѓаните, или е наш интерес како пратеници независно Албанци или Македонци тие да не разберат за што расправаме на овие седници. Тоа што го рече пратеникот Сафет Незири, ако е тоа ваша цел, тогаш е нешто сосема друго. Јас немам намера никогаш тоа што го реков на почетокот, почитувам секој јазик, но немам намера никогаш да се претварам дека сум покатолик од Папата. Ние сме тие што сме и кои не има создадено самата природа.

Контра реплика пратеничката Флора Кадриу.

**Флора Кадриу:** Зошто господине не продолжите да говорите Албански. Жално за вас, жално и за мене, жално за сите Албанци. Треба да се симнете долу и да говорите на вашиот мајчин јазик. Решете го ова прашање. Потоа говорете ми за Папата и за оџите и за сите други работи.

**Рафис Алити:** Ти овозможивме да зборуваш на мајчин јазик. Друго е што вие го злоупотребувате тоа право, тоа е ваше право.

Има збор пратеникот Александар Спасеноски.

**Александар Спасеноски:** Ви благодарам потпретстедателе,

Почитуван министер за образование, почитувани колеги пратеници на крајот на ноември 2008 година 17 пратеници од опозицијата поднесоа интерпелација за работата на министерот за образование. Во контекст на поводот за интерпелацијата кој што беше наведен во точката 1 од самата интерпелација, во точката 2 подносителите стојат на ставот дека политичката одговорност на министерот за образование се состои според нив во неправилната имплементација на повеќе проекти од негова страна во сверата на образованието и науката во изминатиот период, а особено на воведувањето на веронауката, бидејќи на тој начин според предлагачите се нарушувал секуларнит карактер на Македонија. Понатаму, проектот факултет во секој град, бидејќи на тој начин според предлагачите недостасувала сериозна анализа во однос на неговата целисходност, како и некои други проекти кои што исто така беа наведени во образложението. Согласно истакнатото во продолжение ќе се обидам да се осврнам на некои од тврдењата на предлагачите кои што беа наведени во образложението на интерпелацијата, а кои претставуваат конкретен повод за поднесувањето на истата. Свесен дека за одреден дел од прашањата станува збор за концептуални идеолошки разлики помеѓу владеачките и опозициските партии каде што вистината не е еднострана. Ќе се обидам уште еднаш да го аргументирам тврдењето за исправноста на образовната политика на владеачите парти во Република Македонија, а особено во однос на веронауката, како и дисперзијата на високото образование, проект кој што беше промовиран од Владата, а сведоци сме дека денеска доживува одреден број на критики од страна на нашите колеги од опозициските партии.

Почитувани колеги пратеници, во однос на веронауката, изминатиот период од донесувањето на Законот беа упатени безброј критики од страна на различни центри. Таквата упорност претпоставува соодветен одговор, бидејќи ризикуваме да се покаже реална изреката, дека повеќе пати повторувана невистина, станува вистина. Оваа дебата ни ја дава таквата можност. Свесен за преетходното во продолжение повторно ќе се осврнам на три појдовни аргументи кои и во минатото повеќе пати ги истакнував, а кои верувам дека ќе ја поткрепат тезата за важноста и неопходноста од прифаќање, односно од изгласувањето на Законот за основното образование со кој што беше воведена истата. Имено, според истражувањата на еден институт, истражувања кои што повеќе пати ги спомнувавме од 2006 година во Република Македонија повеќе од 80% изјавиле дека себе си се сметаат за верници. Второ, околу 60% од истите граѓани изјавиле дека имаат потреба од верско образование. И трето, нашата држава е во групата на само 4 држави од европскиот континент кои во својот образовен систем немаат воведено никаква форма на верско образование за своите граѓани.

Какви заклучоци можеме да изведеме од посочените податоци? Имено, дека повеќе од 8/10 од граѓаните на Република Македонија се верници а околу 3/5 од нив изјавиле дека имаат потреба од веронаука. А Република Македонија претходно беше во групата на оние 3% држави од европскиот континент во кои верското образование е исклучено од јавниот образовен систем. Значи, ако погледнеме на законските решенија со очите на оние осум десетини и три петини македонски граѓани, може да се изведе заклучокот, дека понудените решенија кои што ги изгласавме сите ние тука претставуваат неопходен минимум, но не и објективна потреба во согласност со процентите.

Како финален заклучок, имајќи го во предвид ваквиот диспаритет наспроти потребите на граѓаните противењето кое што и денеска го слушнавме, но кое што исто така стипулирано и во интерпелацијата на нашите колеги, може да се гледа единствено низ призма на методот критика заради критика, кој во крајна линија може да се толкува и како обид за попречување на остварувањата на основните човекови права и слободи на граѓаните, а особено на правото на образование и правото на слобода на вероисповед. Последното, затоа што воведувањето на веронауката има своја основа и во Уставот на Република Македонија, а особено во членот 19, членот 48 и членот 54.

Пожитувани колеги пратеници, секуларизмот во ниту еден случај не се доведува во прашање со воведувањето на веронауката за што можевме да сретнеме одредени тези во барањето за интерпелација, бидејќи тоа не значи сепарирање на властите, туку нивно респективно и автономно делување.

Сега би се осврнал и на втората тема која што беше истакната од страна на нашите колеги во однос на евентуалнит емотиви на поднесување на интерпелацијата против министерот за образование г-динот Перо Стојановски. Тоа е прашањето на новите универзитети. Во однос на споменатото прашање кога го градиме нашиот став треба да водиме сметка за фактот дека пред преземањето на таквиот чекор државата се соочуваше со негативната констатација според која едвај 10% од македонските граѓани завр-шуваа факултети. Овој поразителен заклучок значеше дека огромни 90% од нашите граѓани имаа недооформено основно или пак средно образование. Денес ситуацијата не е совршена, но сепак се подобрува. За разлика од 2006 година кога 42% од средношколците запишале факултет, во 2008 година тоа го сториле дури и 85%. Овој факт говори дека проектот за осно-вање нови факултети е правилен потег какви што се и поголем дел од одлуките за основање нови факултети на некои од 4-те државни факултети во Република Македонија. Во прилог на споменатото говори и реалноста според која на универзитетот Св.Кирил и Методиј во трите уписни рока се пополниле високи 75% од плани-раните места. На Св.Климент Охридски 72%, на новоотворениот универзитет Гоце Делчев в во Штип 72%, додека на државниот универзитет во Тетово 69% од планираните места се пополнети со студенти.

Почитувани колеги пратеници, имплементирање-то на проектот за децентрализација на високото образование претставува исправна политика, бидејќи на тој начин се зголеми достапноста образованието до граѓаните. Таквиот чекор резултираше со драматичен скок на процентот на средношколците кои запишаа факултети, но исто така тоа значеше и доближување на образованието до граѓаните во одделни градови од Источна Македонија најмногу. Потоа поттикнување на образовното, научното и еконмското и социјалното заживување на многу градови во Република Македонија, но исто така тоа имаше одредена државотворна димензија, бидејќи на тој начин државата одврати голем број на млади студенти кои заминуваа на факултетите во соседните држави, особено во Република Бугарија. Во оваа смисла како потврда сметам дека е вистинско место да се спомене и податокот поред кој во изминатите 8 години околу 7.000 млади македонци својата академска наобразба ја стекнуваат на факултетите и универзитетите кај нашиот источен сосед, што претставува скоро 20% од студентската популација во државата.

Почитувани колеги пратеници, имајќи ја во предвид обемноста на надлежностите на Министерството за образование како и квантитетот на реформите кои се преземаат некогаш може да се случат помали задоцнувања, грешки или слично, но сепак мојот став е дека моментната политика во образованието која што се води е сосема исправна. Издвојувањата на државата во образованието во 2008 година се најмалку 5 пати поголеми во однос на претходните години. Тоа претпоставува дека и грижата на институциите на државата за развој на оваа област е неколкукратно зголемена. Последното не значи дека состојбите се идеални, ниту пак дека нема проблеми. Проблемите постојат како што постои волјата проблемите да се решаваат. Начинот на реализацијата на реформите од страна на Министерството за образование сметам дека е соодветен, особено затоа што нивниот квалитет е признаен од страна на граѓаните, од страна на образовната фела, како и од Европската комисија која во извештаите за напредокот на Република Македонија во поглавјата за образование и наука во континуитет од 2006 до 2008 година изнесува позитивни оценки. Оттаму, па и со тоа ќе завршам, сметам дека мотивите за поднесувањето на интерпелацијата за работата на министерот за образование се неосновани и истата нема да ја поддржам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Навистина незнам зошто колега Спасеновски и вие како почитуваниот колега Ѓорчев бегате од првата точка од образложението на интерпелацијата. Некако се ви одговара да почнете од втората точка. Зошто немавте доблест ниту вие, ниту пак министерот во неговото образложение да каже зошто министерот го прекршил членот 38 од Уставот на Република Македонија. Нема одговор. Се вршеше жесток притисок врз директорите, жесток притисок и уцени врз вработените во средните и основните училишта. Најжесток притисок се вршеше врз оние 8.500 вработени во средното и основното образование кои што работат со договор на дело, т.е. на определено време. Им се закануваа, тоа го правеше вашиот директор на Просветниот инспекторат, шеташе по сите општини, им се закануваше на сите директори дека ако не се одржува наставата и ако не се испочитува желбата на ВМРО ДПМНЕ и на министерот за образование за одржување на настава, сите ќе летнат од работа. Во одговорот, г-дине Спасеновски, на министерот за образование на три страни ни го раскажува Законот за локална самоуправа кои се ингеренциите на локалната самоуправа во образовните институции. Притоа, самиот влегува во замка дека токму Законот за локална самоуправа му забранува, не му

дозволува на министерот да се меша во работата на основните школи. Тоа стои во Законот за локална самоуправа.

И втора работа, исто така, вие и Влатко Ѓорчев, тоа го направи министерот, значи бегате од одговорот зошто во Министерството за образование се делени олкави паушали. Зошто, еве г-дине Спасеновски ќе направам една паралела јас и вие членуваме во најмалку 2 до 3 до 4 комисии. Таа работа си ја работиме од љубов, за тоа што не избрале граѓаните да ги застапуваме нивните интереси и примаме една единствена плата. Ова Собрание го избира и премиерот вкучувајќи го и овој министер за образование. Кое е тоа ексклузивно право министерот што ќе се потпише на членство во една комисија да земе како што вели Државниот завод за ревизија 20, 30, 50 илјади денари. Кажете министре колку се паушалите во Комисијата за попис на инвентарот, колку се паушалите за прекувремена работа во Комисијата за нострификација во Министерството. Да бидеме начисто, јас не сум против исплата на паушали. Оние луѓе вработени во Министерството за образование кои што работат по 10-12 саати и имаат право на одреден паушал заради тоа што имаат дополнителна работа. Неможе министерот за образование тогашен државен секретар да се амнестира од одговорноста, со тоа што ќе ги укине комисиите, а парите ќе си ги задржи. Во Законот за Влада и министерот и Државниот секретар се потписници на сметката. Благодарам.

**Рафис Алити:** За контра реплика е јавен пратеникот Спасеновски Александар.

**Александар Спасеновски:** Благодарам за дадениот збор. Му благодарам и на г-динот Мисовски. Имавме прилика повеќе пати да слушнеме реплика од негова страна во текот на денешната расправа и ќе се обидам да одговорам на некои од тврдењата кои што беа изнесени.

Мојата идеја г-дине Мисовски, во однос на овој говор беше заради фактот што во најголем дел од денот ние споревме со постапките со одредени материјални чекори кои што беа преземени од страна на Министерството за образование во изминатиот период. Јас се обидов во мојот говор да спорам со идеите односно нешто што како идеи, како вредности беа апсолвирани во интерпелацијата од страна на моите колеги пратеници. Во однос на она што го истакнавте на штрајкот на Синдикатот за образование и наука можам да истакнам дека околностите поради кои тој беше поттикнат и спроведен сега веќе не постојат и од таму сметам дека е соодветно да дискутираме за она што како факти останаа, а дали одредена постапка била законска или не да им ја препуштиме на институциите на системот. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За контра реплика пратеникот Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колега Спасеновски, тоа што се обидов да го разјасниме со колегата Ѓорчев не успеавме и дозволете ако на г-динот Ѓорчев можам да му простам со оглед на тоа што се работи за се уште не дипломиран правник ќе побарам од вас помош како многу респектиран млад магистер во областа на правото. Повторно ќе ја пренесам главната поента на оваа интерпелација. Социјал демократите нема да му простат на министерот Стојановски за кршење на Устав. Никој нема право да го крши Уставот, најмалку еден носител на јавна функција во извршна власт. За тоа е оваа интерпелација. Јас ќе ве молам, имам право на три минути, бидејќи станува збор за реплика, а не за контра реплика.

**Рафис Алити:**

Јасно дека имате право на три минути, не на една минута, сигурно е грешка во техниката.

**Весна Бендевска:** Колега Спасеновски, колегата Ѓорчев се обидуваше да ги спротивстави она што не се спротивставува членови на Уставот. Ако членот 38 вели дека се гарантира правото на штрајк, членот 44 кој е поголем, претпоставувам, според Ѓорчев вели дека секој има право на образование. Ние тоа не го спориме. Ниту еден член на Уставот не е еден против друг, ама дозволете ми зошто сметаме дека министерот го скрши Уставот, оти тврдеше дека законот е над Уставот. Колега Спасеновски, барам од вас помош во следното, да го видиме членот 38 од Законот за основно образование кој вели дека наставата трае 180 работни дена, а ставот 5 вели не смее наставата да биде пократка од 100 дена. И тука е толкувањето на Уставот. Скратувањето на наставата во вонредни ситуации како што тоа беше и при штрајкот во 2004 година, беше одобрен од Министерството за образование и наука. Се разбира, со подготовка на Бирото за образование и наука. Јас жалам што новиот Деловник, еве има несогласувања од страна на министерот, јавете се г-дине министер да продискутираме. Да не остане петно дека вие сте овде обвинет дека го кршите Уставот. Колега Спасеновски, бидејќи имам уште 30 секунди и апелирам до вас како експерт по право да не дозволите заедно со нас кршење на Устав, да гласате за интерпелацијата на г-динот Стојановски. Инаку, преседанот што го направи Стојановски ќе го претвориме во правило се додека ВМРО ДПМНЕ е на власт.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Контра реплика пратеникот Спасеновски Александар.

**Александар Спасеновски:** Благодарам на колешката Бендевска на репликата и за конструктивниот пристап во однос на тезите кои што ги изнесе. Во однос на прашањето кое што ми го поставивте можам да ви одговорам исто како што тоа го истакнав и во други прилики, а тоа е следното дека начинот на кој што вие го толкувате

Уставот на Република Македонија односно правото на штрајк и начинот на кој што истото беше применето од страна на институциите на системот укажува на два погледа. Факт е дека таа ситуација во овој период е разрешена така како што е разрешена, да видиме институциите на системот кои што се грижат за спроведување на правдата во оваа држава како ќе се произнесат во однос на истата ситуација, но во секој случај факт е дека станува збор за состојба која што ретко се случува и се воспоставува определен правен обичај кој што и во иднина ќе се применува или нема да се применува. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За реплика Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Г-дине Спасеновски не можам да се сложам со вас по неколку прашања.

Јас ве прашувам дали не сте загрижени од фактот дека практично е невозможна контрола на наставниот процес по веронаука и на тоа на каков начин кој ги пренесува ваквите знаења и какви знаења им пренесува на учениците. Исламската верска заедница излезе јавно со обвинување дека екстремни религиозни групи влегле како наставници по веронаука во училиштата и дека на децата им предаваат нешто сосема друго од она што е предвидено. Имајќи предвид дека учебници немаше цело полугодие можете да замислите ако се остави на некои вакви групи слобода на интерпретирање на наставната програма со што би можеле да ги запознаат децата од петто одделение и со што се би можеле да ги надојат на таа возраст. Ние за тоа не добивме одговор ниту во текот на дебатата за веронаука, ниту пак ќе се согласам со вас дека во било кои од тие членови што ги наведовте од Уставот има можност за веронаука во училиштата. Меѓутоа, за тоа сега не би сакала да спорам. Уште повеќе се прашувам дали не сте загрижен со тоа дека имаше обвинување од родителите дека им се сменети изјавите кои што ги потпишале за своите деца, наместо да изучуваат историја на религии дека некои им ги сменил за изучување на веронаука. Притисокот беше голем и врз родителите и врз наставниците и без нивна волја на неколку пати изјавите се сменети само со цел да се покаже бројката на огромната заинтересираност за изучување на веронаука и на тој начин да се даде некаква потврда за оправданоста на ваквиот безумен предлог на Владата.

И, на крајот за проектот Факултет за секој град, во првиот уписен рок само еден кандидат се пријавил за вкупно 180 слободни места во новиот технолошко-технички факултет во Велес. Ниту еден не е регистриран за техничките науки дисперзирани од Велес во Кичево. По двајца или тројца се пријавени на технолошко-техничкиот и електротехничкиот факултет. Вие сте дел од скопскиот универзитет и би требало да знаете дека реалниот интерес на студентите се одразува во првиот уписен рок. Во вториот и третиот уписен рок се пополнуваат оние места кои што се останати слободни, а кои што се пополнуваат само заради тоа што студентите претходно не успеале некаде да се запишат. Станува збор за различни причини или доаѓање во друг град или така натаму за тоа сега немаме време, меѓутоа тоа е доказ дека ваквиот проект е неуспешен.

**Рафис Алити:**

Збор има пратеникот Горан Сугаревски.

Бидејќи траеше говорот за контра реплика пратеникот Спасеновски Александар, повелете.

**Александар Спасеновски:** Ви благодарам потпретседателе.

Би сакал да ја искористам оваа минута да одговорам во однос на некои од тезите кои што беа истакнати овде. По однос на веронауката беа спомнати неколку факти кои што според опозицијата всушност претставуваат аргументи зошто не треба да се воведе веронауката. Едниот аргумент беше во однос на можноста од ширење на екстремни верски учења. Второто беше во однос на условите кои што владеат, фалсификувањето наводно на заинтересираноста од страна на институциите на системот итн. Сметам дека тоа не е основ кој што би можел да се искористи против воведувањето на веронауката, бидејќи доколку постојат такви факти постојат и институции кои што би можеле тоа да го спречат. Доколку постои тоа во одредени училишта итн. секако може да се интервенира, меѓутоа тоа не значи и не треба да биде услов да се спречи огромно мнозинство на граѓани да го остваруваат своето правово однос на ширењето на религиозните верски учења. Исто така, сметам дека тоа не е соодветно, бидејќи постојат соодветни институции кои што би можеле да проверат и да видат дали во одредени училишта се одразува тоа или не се одразува. Во секој случај реков дека вистината по однос на ова прашање не е еднострана.

Уште една реченица, ние имаме концептуални разлики не можеме секогаш да се договараме, бидејќи вистината не е до нас и заради тоа остануваат многу разлики понатаму.

**Рафис Алити:** Благодарам

Збор има пратеникот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за образование.

Кога се поднесува интерпелација на еден министер во Влада треба да се раздвојат две работи. Колку тој министер инфивидуално придонел за лошата состојба во ресорот кој што го покрива, колкаво е неговото влијание на политиката на Владата во истиот ресор.

За жал, можам да констатирам дека во случајот на министерот за образование Перо Стојановски, неговото влијание во Владата на Република Македонија за унапредување на образованието е безмалку дискутабилно во поглед на неговата

самостојност, инветивност и иницијативност на проекти кои што толку славно се промовираа преку медиумите. Конкретно образование за сите, образованието е моќ, образованието е сила, комјутер за секое дете и безброј други фрази со кои што се служи актуелната власт.

Меѓутоа, да почеме со ред кои се пропустите во работењето на министерот за образование во поедини области во самиот ресор образование. Ќе почнам од основното образование каде што како обврска се вели дека, значи треба да има продолжување на процесот на децентрализација и деполитизација. Сакам да поставам прашање и инсистирам министерот да одговори зошто во одредени градови или во одредени места каде што ВМРО-ДПМНЕ е на власт, конкретно го посочувам градот Прилеп се дозволува во оделни училишта да бидат поставувани директори на училишта партиски лица од ВМРО-ДПМНЕ кои што не се во редовен работен однос, ниту пак го исполнуваат законскиот услов годишно педагошко искуство. Пример се основното училиште Рампо Левката во Прилеп и основното училиште Блаже Конески во Прилеп. Кога знаевте дека овие лица се оставени без соодветно искуство зошто на тој начин не им ги одзедовте надлежностите, конкретно му ја одзедовте надлежноста на градоначалникот на општина Прилеп во сферата на образованиеите.

Истовремено, се суспендираат надлежности на градонажалници на СДСМ, без нивна согласност се поставуваат вд директори односно вд директор од ВМРО-ДПМНЕ, без одредени надлежности, како што е случајот во Неготино. Тоа е класична политизација на процесот на децентрализација и неговор девалвирање.

Понатаму, продолжување на реформата со воведувањето на деветолетката.

Сеуште нема учебници за шесто одделение, не се извршени никакви обуки на наставниот кадар за прво одделение, или првичната нулта година, ниту е подготвена и печатена литература и прирачници. Кој наставен кадар го предава англискиот јазик како задолжителен во прво одделение. Има ли министерот увид во оваа работа.

Воведување на веронауката. Кој е ефектот од воведувањето? Зошто огромното мнозинство на родители најпрво избираат историја на религиите, а потоа под силен притисок на партиските јурушници инсталирани во одборите на родителите и директорите се присилуваат да ја сменат својата одлука и да ги презапишат децата на веронаука. Кој е ефектот, има ли министерот сознание за ова?

Се намали ли насилството помеѓу учениците, екцесните ситуации кои што се исто така предизвикани. Бараа ли учениците од различни религиозни групи поблиски помеѓу себе, особено во етничките мешани средини? Од кои учебници учат, која е наставната програма, кој ја состави, кој ја спроведува? Има ли поголемо разбирање помеѓу децата и дали ги осознаа разликите во верските припадности? Нема одговор до јавноста, нема одговор ниту до Владата, ниту до Министерството за образование и наука.

Проектот “компјутер за секое дете”, се потроши огромна сума на средства, буџетски, се купија играчки наместо комјутери, децата буквално не знаат што да прават со апаратите поставени на клупите, а наставниците уште помалку. Има ли министерот концепција што сакаше Владата да направи. Да ги следи инструкциите кои што се дадени од УНЕСКУ, каде се гледа таа концепција, во наставните планови и програми, во сите одделенија постојат содржини за примена на компјутерите во наставата.

Дадени ли се некакви напатствија до наставничкиот кадар како да се користат комјутерите. За во наставата тоа не е можно, бидејќи ниту постои софтвер за примена на комјутерот во наставниот процес, ниту пак наставниот кадар е обучен за тоа.

Проектот “автобуси за превоз на ученици”, како може од десет бесплатни мини автобуси седум да одат во општините каде што се градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ, од ДУИ два и еден на специјланите училишта во Скопје. Каде е тука грижата за децата освен гола партиска пропаганда пред локалните избори.

Средно образование. Проект “задолжително средно образование”, министерот треба да одговори колку ученици не се запишаа во учебната 2008/2009 година и дали нивните родители се гонети прекршочно или казнети воопшто? ЗоШто тоа не се спроведува во основното образование каде што опфатот е 84% и со Устав е гарантирано правото на образование.

Како ги објаснува проблемите од етнички карактер во Чаир, Велес, попуштање пред налетот на родителите кои со право бараа да се почитува нивната желба за школување во одреден профил, бидејќи ова не е покриено во законот.

На нашите прашања за припремите во инфраструктурата, начинот на запишување на ученици, етничката распределба по општини т.е. правото на правична застапеност.

Министерот кој што тогаш беше на функција државен секретар немаше одговор. Како може, конкретно за Прилеп да се распише оглас, за шест паралелки на албански јазик кога на територијата на целата општина нема ниту 1% од населението со албанско етничко потекло. Министре, тогаш бевте државен секретар во Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА.

Како спроведе матурата? Се добија ли задоволителни резултати, се спроведе ли екстремно испитување правилно?

Понатаму, високо образование, мислам дека овде го имаме најголемиот хаос во образованието каде што се отворија 30-тина факултети без никаков

ефект во зголемувањето на високото образование.

Одзивот во пооделни нови факултети за запишување на студенти е смешно мал, но без разлика на тоа тие вештачки работата. Нема ниту задоволителна инфраструтура, ниту квалификуван наставен кадар, потполно фијаско кое целосно ќе се согледа на крајот на учебната година кога универзитетите во чиј состав се овие нови факултети ако сакаат успешно да ја имплементираат Бољонската декларација ќе мора да ги затворат овие лоши единици.

Овие тврдења не се паушални, како што министерот многу пати одговара. Нека одговори како се одвива процесот во Виница, Пробиштип, Гевгелија, Велес.

Во Виница и Пробиштип има екстремно мал број на студенти, тоа го потврдија и голем дел пратеници од ВМРО-ДПМНЕ. Во Велес Техничкотехнолошкиот факултет уште нема профункционирано.

Во Кичево Правниот фактултет официјално почна да работи во средината на ноември, на половина од семестарот.

Каков е квалитетот на наставниот процес, мора да се одговори. Со ова руинира најважниот столб на академско ниво на општеството. Се нема доблест да се признае дека овој проект доживеа фијаско.

Единствена бенифиција што по вештачки пат се создаде е тоа што се вработија огромен број на партиски кадри во администрациите на факултетите, па сега имаме уште поголем број на вработени административци отколку студенти.

Конечно на крајот би сакал, она што беше можеби најклучно во делот на поднесувањето на интерпелацијата, тоа е штрајкот на СОНК во образованието. Во овој процес гревот на министерот мислам дека е најголем бидејќи упорно во јавноста се цитираа одредби од Законот за штрајк, според кој што наставниците треба, не смеат да штрајкуваат. Каде го има тоа, кој штрајк се манифестира со работа и со давање на услуги? Така ли го читаат Уставот, така ли се чита Уставот во Република Македонија во кој што јасно и гласно е наведено неприкосновеното право на штрајк. Имав прилика да разговарав со многу вработени во оние институции во кои што голем дел штрајкуваат и го подржуваа штрајкот на СОНК, каде што им беа упатени безброј уцени, закани и притисоци дека ќе ги изгубат работните места доколку не продолжат со наставата, меѓутоа за жал, веројатно како одминуваше времето мораше да се подлегне на тие притисоци и уцени.

Од ова што претходно го искажав, односно дел од состојбите што ги наведов јасно е дека министерот Перо Стојановски треба да поднесе одговорност и исто така таа политичка одговорност да ја преземе на тој начин што ние како пратеници потребно е да му изгласаме недоверба на ресорниот министер. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За реплика се јави министерот за образование Перо Стојановски, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам потпретседател, почитуван пратеник.

Би сакал само да појаснам неколку работи. Во Законот за основно образование и во Законот за средно образование во делот на именувањето на директорите стои дека за да може едно лице, професор да биде ангажирано како директор односно да ја врши функцијата на директор на училиште потребно е да има најмалку стаж од 5 години. Значи, во ниту еден момент не се наведува дека работниот стаж треба да биде во училиштето каде што тој се назанчува за директор или менаџер во училиштето.

Така што според информациите со кои што располага Министерството за образование и наука во Прилеп сите директори ги исполнуваат условите согласно Законот за основно и средно образование.

Околу тоа на кој начин се распределени автобусите на општините за превоз на ученици во руралните среднини би сакал само неколку прашања да поставам.

Прво, општина Чашка доби автобус за користење за потребите на превоз на учениците на таа општина.

Општина Карбинци доби. Би ве прашал од која политичка партија се градоначалниците на овие две општини?

Втора работа, ВМРО-ДПМНЕ односно Владата на Република Македонија во моментот не функционира по принципот од која политичка опција е градоначалникот, туку кога станува збор за образованието секогаш ги дефинираме вистинските приоритети.

Дадовме возила каде што се најнеопходни во најруралните општини и најсиромашните општини на територијата на Република Македонија. Критериумот е многу јасен и транспарентен и врз основа на тој критериум беа распределени. Притоа ни малку не се водеше сместка кој градоначалник на која политичка опција припаѓа.

Во делот на учебниците по англиски јазик за прво одделение, прво би сакал да ве корегирам бидејќи не станува збор за учебници,туку станува збор за прирачници за наставниците за прво одделение.

Овој проект Бирото за развој на образование и Министерството за образование и наука го реализира во целост со помош на британскиот совет. Значи, порелевантна институција во државата во моментот немаши и мислам дека искуставата кои што беа преточени од британскиот совет и помошта и подршката која што ја добивме е токму во насока да добиеме квалитетни прирачници, квалитетна наставна програма за да може таа наставна програма да соодветствува на возраста на тие ученици. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави пратеникот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Благодарам за репликата.

Меѓутоа би инсистирал министре сепак да проверите поставувањето на овие директори, уште еднаш да испитате не знам кои биле вашите сознанија, меѓутоа мислам дека е добро уште еднаш да испитате независно од првиот дел на мојата дискусија како што кажав околу редовниот работен однос туку за вториот дел каде што многу јасно вели дека е потребно пет годишно работно искуство за обавување на функцијата директор на овие две основни училишта кои за жал, тврдам дека не ги поседуваат овие услови, меѓутоа еве велите вие дека вашите информации се дека ги има. Многу ми беше битно и очекував во вашата реплика да ми одговорите за оној дел каде што цело време опозицијата и бараше во вашата интерпелација тоа е штрајкот на вработените. Нашите сознанија не само од теренот и разговорите со вработените дека се вршени страшни уцени. Не велам дека вие директно сте ги вршеле уцените.

**Рафис Алити:** Реплика има пратеникот Виолета Ташева Виолета, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега, внимателно ве слушав во вашата дискусија и единствено што можам да заклучам е тоа дека вие имате недостаток од елементарни познавања на образованиот систем во Република Македонија и доколку сте ги прочитале основните закони и Бирото за развој на образование, Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование, Законот за образование на возрасни, итн, тогаш многу од вашите прашања ќе ви беа одговорени.

Јас она што успеав да прибележам околу она што ваше е дилема да ви помогнам како на колега пратеник, најверојатно нема никакво искуство во образовниот процес ќе се потрудам да ви одговорам на неколку од вашите дилеми.

Прва работа што треба да ја знаете е дека наставни планови и програми изготвува Бирото за развој на образование ги носи министерот, а предлозите може да ги дава локалната самоуправа, училиштето, стопанските субјекти, итн, па дури и вие како член на некоја заедница каде живеете, во која општина или кој град не е важно.

Што се однесува до наставниците кои изведуваат настава елементарно познавање е дека за секој наставен предмет се предвидува соодветен наставен профил. И тоа е предвидено и дефинирано во подзаконските акти кои стојат и во Министерството за образование се дадени. Или можеби поедукативно за вас ќе биде доколку го искористите вашиот лаптоп, па отворите сајтот на Министерството за образование или сајтот на Бирото за образование таму ќе најдете голем дел од информациите кои навистина не ги познавате.

Што се однесува до проектот за високото образование и отворањето на голем број на факултети односно Универзитетот во источниот дел, Универзитетот Гоце Делчев, најголемата придобивка е тоа што ако го имате познавањето дека во 2006-2007 учебна година само 8.847 запишани бруцоши. Наредната 2007-2008 година се запишале 12.700 бруцоши. А оваа учебна година, 2008-2009 година сме им овозможиле, почитуван колега, со отварањето на овие факултети и Универзитетот Гоце Делчев во Штип да се запишат 19.090 бруцоши. Тоа е придобивката и со тоа треба и вие да се гордеете, тоа се млади луѓе, жители, граѓани на Република Македонија кои заслужуваат да имаат пристап до високото образование. Немојте да имате дилеми, радувајте се со тоа.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Контра реплика пратеникот Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Нема да навлегувам колкави познавања имате вие од образованието како што вие кажавте за мене, само сакам да ве прашам упорно, бидејќи еден од вашите колеги проба да одговори. Кажете ми јасно и гласно, на тие факултети во овој дел на високото образование колку студенти од овие 19.000 кои што се запишани и ни кажувате тука се запишани во Виница, во Пробиштип, во Велес, во Гевгелија на тие факултети. Кажете ја бројката. Кажете ја бројката дека по пет, десет, петнаесет луѓе. Значи наставен кадар има повеќе отколку студенти. Тоа треба да му го соопштите на луѓето, а не дали јас и колкави елементарни имам или немам познавања. Одговорете им на луѓето и со министерот заедно. Колку студенти се запишани во овие институции, пет, десет или петнаесет, тоа сака јавноста да го слушне, а не друго. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Реплика пратеникот Дамевски Панче.

**Панче Дамевски:** Благодарам претседателе. имате вие

Ќе реплицирам во два дела од излагањето на пратеникот Сугаревски.

Прво околку изнесените невистини околу неправилниот избор на директори во Прилеп.

Јас го уверувам господинот Сугаревски дека сите директори избрани во основните и средни сите училишта во градот Прилеп се избрани согласно Законот за основно и средно образование и би го замолил да не изнесува невистини овде преку парламентарната говорница.

Од друга страна во однос на кои се ефектите од веронауката, не ми е јасно зошто и понатаму сите пратеници од СДС се залагаат да имаме во државата загарантиран атеизам кога реалноста зборува друго. Реалноста зборува дека преку 90%

од анкетираните граѓани на Република Македонија се изјасниле дека се верници и дека сакаат да имаат веронаука во училиштата. Тезата дека се нарушува секуларизмот не држи, бидејќи освен во 4 земји во Европа во сите други европски земји постои веронауката, во државните училишта и што значи дека веронауката е интегрален дел од државното образование во скоро сите европски земји кои исто како и Република Македонија се секуларни.

Од друга страна, не знам господине Сугаревски што се плашите од веронауката. Што ќе добијат нашите деца учејќи веронаука. На што не учи нашата православна црква и зошто некој не би избрал веронаука. Почитувај ги своите родители, не убивај, не кради, не врши прељ уба, не сведочи лажно, не пожелувај ништо туѓо се дел од десетте божји заповеди и колку повеќе ги почитува една нација толку подобро живее. Едноставно се што е традиција на нашата православна црква, на верата и љубовта кон Бога ниту е штетно, ниту е страшно господине Сугаревски. Секако дека немам илузии дека со изучувањето на веронауката ќе ги решиме сите морални проблеми, ама ќе ги усмериме нашите деца уште од мала возраст да научат да прават разлика меѓу доброто и злото, а тоа најдобро,најбрзо и најефискано се учи кога си млад. И се надевам дека во скоро време веронауката ќе се изучува не само со два час во петто одделение, туку дека ќе имаме многу поголем број часови и во повеќе години во основното училиште. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Контра реплика пратеникот Сугаревски Горан.

**Горан Сугаревски:** Благодарам.

Значи почитуван колега, сакам само кратко да ви реплицирам во делот очекував дека можеби ќе реплицирате најмногу околу штрајкот кој што го имаше СОНК во Прилеп бидејќи веројатно беше најизразен, меѓутоа сакам ококу веронауката кратко, гледам дека сакате да ја изместите вистината од она што го зборував јас, само министерот го прашав кои се ефектите од она кое што беше донесено како веронаука која треба да се изучува.Во другиот дел очекував да ми реплицирате повеќе на штрајкот на СОНК каде што најбезобзирно со закани и уцени одредени пајташи во локалната самоуправа одеа по училиштата и лично и најлично им се заканувааа на оние луѓе кои што го имаа уставно загарантирано право на штрајк.

Дека доколку не се вратат на настава ќе биле отпуштени од работа. Тоа го правеа луѓе вработени во локлната самоуправа. Тоа е срамота. Не е другото срамота. Ова најголамта срамота која што се случуваше во Прилеп.

**Рафис Алити**: За реплика се јави оратеникот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров**: Благодарам почитуван потпретседател, почитувани колеги јас навистина не можам даја разберма негативната енергија, што моите колеги пратеници од опозиционата партија врзуваат за децентрализирањето и дисперзирањето на виокото обвразование и неговото приближување кон студентите во Република Македонија.

Секој од нас кој што го печел студентскиот леб со километри далеку од дома, јас сум еден од тие што живеел и што студирал 600 километри далеку од дома и знам колку е тежок тој студентски леб, колку е мачен. И вие претпоставувам колега Сугаревски дека студирате малку подалеку, мислам дека во Скопје завршивте студии. Знаете ли кои се благодетите да се студира од дома. Оној кој што нема спиено во студентски дом и што нема јадено во студенска менза не знае многу работи од студенскиот живот. Правото студнеско живеење се печеше така. Но кои се благодетите да се студира, да се живее дома, да се работи, да се помага на родителите, да не се студира одвоено кој знае колку километри. Ќе прозбориме малку со факти. Го спомнавте во неколку наврати факултетот за туризам, бизнис и логистика во Ѓевѓелија. Од 143 места се пополнети 140 вонредни и редовни студенти. На факултетот работат 12 наставници од кој што парчето леб си го вади и еден ваш сограѓанин од Прилеп, што ми е посебно драго. Во било кој дел Болоњската декларација предвидува мобилност и дисперзираност на студиите.

Во Ѓевѓелија и околината постојат извонредни услови за туризам, тоа вие сами го знаете. Околните општини имаат 5 хотели со по пет ѕвездички, како ретко каде во светот. Извонредни можности за развој на бањскиот туризам, на зимскиот или ски туризмот. Каде би се образовале тие луѓе? Не само студенти, туку и возрасни луѓе кои што го оформуваат своето образование. Таков бенефит и таков благодет да се приближи студирањето кон граѓаните ништо поубаво од тоа. Да сум 18 годишник или да имам 20-тина и нешто години сигурни не би барал студирање на некој далечен факултет. Попрво би живеел во своето место и ви студирал. И за една споредба, ете отворете ако веќе имате слободно време Веб страницата на чешките универзитети, Чешка е моментално претседател на Европската унија. Само видете колку универзитети и факултети има во Чешка. Можеби е неспоредливо да се споредуваме со Чешка со толкава традиција во образованието, но сепак треба некогаш да посакаме нешто повеќе од што во моментов можеме.

**Рафис Алити**: Благодарам.

За контрареплика господинот Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски**: Благодарам потпретседателе.

Колега само кратко. Значи, се е така она што го кажавте со студирањето дека можеби е точно

дека е најдобро да се студира во својот град и оние трошоци кои што нормално се предизвикуваат со самиот чин на студирање, меѓутоа дали беше претходно направена една добра анализа на отварање на сите овие факултети. Конкретно велиме техничко технолошкиот факултет во Велес. Колку студенти? Има ли некој во оваа сала да одговори колку студенти учат таму во моментот? Во Виница колку студенти учат? Дали има некој да одговори? Учат 5,10,15 запишани студенти. Лоша анализа е направена во смисла каде и како и кој факултет е потребен да се отвори. Тоа е основниот проблем кој што го имаме. Значи не е претходно направена добра анализа на она што требало Министерството или конкретно министерот за образование, кој за жал не е тука во моментов, да се направи и да се направи одредена стратегија и како понатаму треба да функционира образовниот систем.

**Рафис Алити**: Благодарам.

Збор има пратеникот Христина Рунчева, повелете.

**Христина Рунчева**: Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Внимателно ги разгледав наводите изнесени во интерпелацијата за работата на министерот за образование и наука господинот Перо Стојановски. Ценам дека се целосно неосновнаи и неаргументирани. Ова е само уште еден пример на употреба на инструментот на интерпелација во дневно политички цели од страна на СДСМ, кој наместо во една конструктивна дискусија, во која што ви можеле да посочат предлози за унапредување и натамошен развој на образовниот процес во Република Македонија, се служат со неаргуметирани наоди по поднесената интерпалација, со што и се девалвира овој инструмент, кој служи на законодавната власт да ја контралира извршната.

Имено ја поздравувам иницијативата за сериозните реформи кои што се одвиваат во сферата на образованието, бидејќи мора да признаеме дека со оваа динамика никогаш досега не биле преземени токлу реформи во образовниот процес. Не случајно што оваа Влада презема толку крупни реформски чекори во сферата на образованието, бидејќи земено на долг рок, најсигурна и настабилна инвестиција е образованието. Свесни сме дека растот на одредена економија, во голема мера зависи од ообазовната компетитивност на младите кадри, а многу земји во светот го употребија токму моделот на образована нација како еден од најдобрите начни за излез од сиромаштијата, затоа што високо образовните кадри ви кои што инвестира една држава, доколку го вложат спостениот потенцијал, токму во неа, може да врати позитивни резултати на долг рок, а успехот да биде неизоставен. Ова не е само клучна определба на Владата и на институциите на нашиот систем, туку претставува активност која има соодветна меѓународна заснованост.

Имено, еден од врвните приоритети на глобалната агенда на УНЕСКО, во изминатите неколку години, претставува кампањата за потенцирање на важноста на образованието, на само на нациноналнo, туку и на глобално ниво зад Проектот “образование за сите”. Политиката и имплемантацијата на “образование за сите” подразбира реализација на петте клучни фактори на образовниот процес, а тоа се: инклузија, писменост, квалитет, развој на капацитетите и финансии. Ако внимателно ги разгледаме токму реформите кои што се одвиваат во образовниот процес, ќе забележиме дека овие фактори се застапени во целата образовна политика на Министерството за образование и наука и јас ќе се обидам да дадам своја аргумантација за секој од нив.

Велите политиката која Владата на Република Македонија ја спроведува во сферата на образованието, тоа е ад - хок политика со мерки без стратегија. Веднаш ќе ви образложам зошто не сте во право. Буџетските средства кои Владата ги одвојува на годишно ниво за образованието во Република Македонија ќе ја земам за пример 2008 година изнесува 5,9% од бруто домашниот производ, што е на исто ниво со земјите членки на Европската унија. Тие сдредства се соодветено наменети за проекции кои што се одвиваат на долг рок, како што е актуелната реконструкција на училиштата и изградба на нови училишни згради во основното и средното образование. Воедно во рамките на овие сериозни и обемни зафати, спаѓа и реконструкцијата на студентските домови, санацијата на санитарните јазли во училиштата, изградба на новите 145 училишни спортски сали за основните и средните училишта во кои што Ќе можат младите кадри да спортуваат и правилно на здрав начин да се развиваат себеси.

Ова се мошне сериозни зафати во насока на јакнење и развивање на капацитите во кои се одвива наставата, а реализацијата соодветно е плански предвидена. Факт е дека воведувањето на реформата за задолжително средно образование кон која што се упатени вашите критики имаме видливи резултати. Ако во 2006-тата година 86% од основнците се школуваа и продолжуваа со своето образование во средно училиште веќе во 2008-та година со воведувањето на задолжителното средно образование бројот на запишани ученици во средно училиште изнесува 95%. Процесот на задолжително средно образвоние наметна и серија други зафати кои беа превземени со цел негова успешна имплемнтација као што се бесплатни учебници за учениците во основните и средните училишта, чии родители се приматели на социјлна помош, а веЌе од наредната учебна година корисници на бесплатни учебници ќе бидат сите учебници во основните и средните училишта.

Воедно, обезбеден е и беспалтен автобуски превоз на учениците во првата година во средните училишта.

Почитувани колеги, само да ве потсетам дека оваа Влада го затекна образованието во Република Македонија во заборавена и запуштена состојба и реформските проекти беа неминовност со која се соочи. Со цел, оправување, но истовремено модернизација и осовременување на образованието во нашата земја. За прв пат после долго верме постои стратегија за подобрување на квалитетот во образовасниeто, кое не само на хартија, туку доживува и соодветна имплемантација во пракса.

Навистина се несериозно вашите наоди дека е нарушен образовниот процес и дека тоа ќе има последици на идните генерации, а со самото тоа и на нашата држава.

Ве прашувам какви се штетните последици од тоа ваШето дете доколку има обврска да оди на училиште, доколку објетивно се оценува и се порверува неговото знаење, доколку учи англиски јазик од прво одделение, доколку по завршување на задолжителното средно образование се запише на факултет и при тоа може да стурдира во спостевниот град, иако не живее во некои од големите универзитски центри и со тоа норамално, ги намали финансиските ипмликации во однос на вашиот буџет. Или уште посериозни последици ќе имаат вашите деца, кога во завршаната година на студии како редовни студенти ќе добијат ваучер со кој можат да си купат компјутер. За жал, цените дека сериозни трауми предизвикува кај децата и измената на Законот за основно образование и воведувањето на двата изборни предмети веронаука и историја на религиите. Навистина ја разбирам потребата да се опонира во однос на одлуките и решенијата што ги донесува оваа Влада, но не ја разбирам потребата од опонирање на овие одлуки кои што се однесуваат на верското образовние кое само по себе ќе придонесе за осознавање и почитување на врвните вредности на заемна почит, разбирање, толеранција, љубов, правичност, стремеж кон духовното, наместо материјалното и спречување на моралната ерозија која што се подлабоко навлегува во порите на нашето општество. Навистина веронауката е она што може да придонесе за чување на верскиот и културниот идентитет , истакнувaќји ја различноста да присодонесе за заемна почит и разбирање. Не подразбира верско организирање и дејствување. А секуларниот концепт на државата останува апсолутно ненарушен, онака како што стои во уставните одредби. Учениците не се лишени од правото на сопствениот избор, уште помалку принудени да студираат, или да учат веронаука или ќе изберат да се образуваат за историја на религиите.

Сосема за крај , би сакала да истакнам дека токму реформите преземени во образвниот систем се мошне значајни во насока на создаање на квалификувана работна сила, која што ќе одговори наптребите на пазарот. Токму тоа е она што и е потребно на една современа држава. Тому овие реформи што ги спроведува Министерството за образование и наука со цел на пазарот на работна сила да се појават млади кадри, технички добро образувани и високо квалификувани кои ќе можат да им конкурираат и да им парираат на сите кадри од развиените евpпоски држави. Токму така, тие најдобро ќе можат дасе справуваат со глобалнта конкуренција и да го подобрат сопствениот квалитет на живеење.

Затоа, јас ќе гласам против интерпалцијата на министерот за образовние и наука, господинот Перо Стојановски. Ви благодарам.

**Рафис Алити**: Благодарам и јас.

Збор има пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван министер, јас навистина сакам да го истакнам своето жалење, не само што ве нема на елитната листа на интелектуалци за подршка на интелектулецот за претседател Ѓорѓи Иванов, туку имате и многу мала подршка во салата, особено од првите редови, цело време додека расправаме за вашата интепелација нема повеќе од еден до двајца пратеници од првите елитни редови на ВМРО ДПМНЕ, но тоа е, така ве почитува вашата партија и навистина морам да кажам дека ми беше многу тешко да ја подготвам мојата дискусија. Обично пред да имаме една ваква значајна точка се подготвувам и го барам материајлот на интернет страниците како на нашите медиуми и останати места, меѓутоа, овој пат имав премногу материјал. Ако друг пат имав малку материјал кој што упатуваше на неправилности во работењето на некои министри, овој пат имав, навистина, материјал кој што не можев да направам селекција и што се да посочам во овие 10 минути и тогаш навистина се уверив дека интерпалацијата на почитуваните колеги од СДСМ е сосема на место и сосема во право време. Се што би кажала знам дека во голема мера би било повторување на ова досега кажаното и на самиот почеток ќе кажам дека ќе ја подржам интерпелацијата, затоа што навистина почитуван министер, имате направено многу пропусти за дел од ваШето работење, за дел одо нив, не сте за сите во директна вина, но сте биле учесник затоа што бевте државен секретар во Министерството за образовние и наука во изминатиот период од 2 години.

Да почнеме со компјутерите. Компутерите почитувани колеги пратеници беше доволно кажано, што значат тие, кога компјутеризацијата училиштата ги чини 40 милиони евра и тоа 21 милион евра во првиот момент, за купување на 18 илјади компјутери 80.892 таканаречени тин клиенти кои што работат како подржувачи на копјутерите но без кукишта и сега всушност, само за транспорт на тие, на компјутерите во

училиштата, Владата платила 365 илјади евра. И се би било во ред, ако овеи компјутери функцонираат, ако младите се образуваат навистина за едукација на младите, но, додека овие компјутери стојат негибанати, Владата повторно распишува тендер и купува уште 65 илјади нови компјутери, значи, нов тендер, нови средства и повторно компјутерите наместо за учење им служат за украс на учениците, пред се , затоа што немаат ниту професорите ниту наставниците, оние кои што треба да ги едуцираат, не се довлоно едуцирани за да можат да ги упатат, а потоа затоа што голем дел од компјутерите се така речи неупотребливи. И да продолжиме понатаму. Јас не би имала ништо против и ако ми кажете дека ќе се едуцираат професорите и дека овеи компјутери ќе станат примеливи, доколку учениците во училиштата ги имаат барем основните услови. За жал, за сметка на тоа училиштата ни се без врати, без тоалети, без прозори, учениците се на провев, најчесто без греење, или пак се греат како ви минатиот век. Јас знам дека оваа Влада е почитуваш на античката историја, но не мора учениците да се греат како во времето на Александар Македонски, односно повеЌе да бидат изложени на студ и со недостаток на топлина како што би рекол малиот Ајнштајн од рекламите на Министерството за образование и наука. И да продолжиме понатаму ваква состојба е во многу училишта, но особено е загрижувачки, кога не само по селата, ќе кажете ајде не може да се стигне, слушнавме од еден колега надлежен од ВМРО ДПМНЕ дека ќе се направеле 364 училишта ќе се реновирале, но такви училишта имаме, не само во руралните средини, што не би требало таму да ги имаме но , само во центарот на Скопје, училиштето во Аеродром веќе е опасно за учениците, со училници без врати, тоалети без врати, оние што ги има се потпрени на ѕидовите, ако не ми верувате, можете да ги погелднете и фотографиите коишто се во медуиумите направени од ова училиште. Знам дека сакате да ги реШите ова со грантовите, оваа ситуација., меѓутоа, мослам дека и тоа нема да успеете да го наравите затоа што се ммногу училишта кои штоп ја чекаат вашата помош, а таа никако да стигне и додека од една страна имаме компјутеризација, од друга страна 6 одделенците се сеуште без учебници.

Посебно беше говорено за средното образование, проект кој што навистина, е крајно неуспешен. Се истакнати бројки колку е голем бројот на запишани ученици. Јас кажав дека само од овој проект ќе има најголема корист Буџетот на Република Македонија и ќе може повторно да ги троши за скапите реклами, односно ќе инкасира доколку го казно родителите, околу 3 милиони евра.

Доволно беше кажано за проектот факултет за секој град, неусешниоста и колку студенти се запишани. Веронауката би е исто така промашен проект, не затоа што воведивте веронаука туку затоа што вршите притисоци врз родителите и учениците да го одберат токму овој предмет и не им давате можност да одберат историја на религиите која патем на мое инситирање во Парламентот како можност да се одбере инаку ќе имаше само веронаука. И каква заемна почит, ве молам, кога учениците на веронаука, едни ќе отидат во една училница, другите ќе останат во друга училница или ќе отидат едните кај оџата другите кај попот, тука имало заемна почит и пријателство.

И да дојдеме до еден од поважните елементи штрајкот во образованието, почитуван министер, почитувана Влада на Република Македонија за некогаш е малку доволно што во најголема мера го деградиравте, омаловаживте докторите, го корумпиравте и под партиско влијание до крајност го ставивте судството и на крај требаше, го партизиравте судството и сега, требаШе на ред беа професорите дасе омаловажат, да се деградираат оние кои треба да ги востпитуваат нашите деца да бидат ставени на истото скалило на општественото живеење.

Мислам дека тоа е недопустливо, до толку повеќе не е точно дека не се вршени притисоци. Само во основните училишта и средните училишта во Прилеп, вели, вработените од локалната самоуправа вршеле притисоци врз училиштата, тврди регионалниот синдикалец Веле Георгиевски кој додава дека притисокот бил засилен по посетата ваша, почитуван министре, кој давал инструкции како да ги заплашуваат вработените. Ете тоа е ситуацијата.

Во тоа, кога на најбескрупулозен начин се скратувани правата на штрајкувачите, покрај тоа вие почитуван министре кажавте една реченица што навистина, ког ане би била трагична, би била и смешна. Дадовте добар рецепт “и кога се штрајкува треба да се работи”. Навистина, ова е невидено.

Со оглед дека времето ми истекува, јас не ги спомнав хонорарите. Се надевам дека ќе имате доволно доблест сето она што сте го зеле незаконски, бидејќи оваа Влада работи 24 часа 7 дена во неделата, јас навистина не знам како најдовте време за прекувремена работа, освен ако 25 часа не работевте.

На крајот би завршила со скапите реклами што ги давате во сите медиуми, ги потхранувате медиумите со тоа, особено со оној ступиден оглас со што го честитавте првиот учебен ден на оние кои не знаат да читаат. Па, почитуван министер, во еден од нашите дневни весници вие им честитате, велите “Денешниов прв училишен ден за нас е значаен. Чувството дека пред вас се отвора непознатиот простор на одговорност секако ве возбудува. Но добро е да се знае дека училиштето всушност е голема игротека. Бројките и буквите се наинтересни играчки” и т.н. И се ова би било добро ако учениците знаат да читаат. Залудно ги потрошивте парите и ако така се погледне, извинете почитуван министер, едно

вакво соопштение објавено во весник остава вкус на манипулација, затоа што мора да признаете дека првачињата одат на училиште да научат да читаат, а не вие да им ги плаќате скапите реклами во весниците.

Од сето ова искажано, очекувам од вас, како морален чин да поднесете во овој момент оставка и да ја прекинеме седницата, да не ги доведувате пратениците од парламентарното мнозинство во незавидна ситуација. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За реплика е пријавен министерот за образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван пратеник госпоѓо Каревска Топузова, би сакал да се осврнам и да појаснам одредени работи Што ги кажавте пред малку.

Имено, во Република Македонија има вкупно 1035 училишни згради. 1035 училишни згради во кои што состојбата е таква каква што е, не поради работењето на една Влада или работењето на две Валди, туку таа состојба кажува за нешто што се случувало во изминатиот период. За да може сите тие 1035 училишни згради да се реконструираат потребни се проекти, потребни се одредени процедури. Владата на Република Македонија и Минситерството за образование и наука, во наредниот период, почнувајќи 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година ќе ги опфати најголемиот дел, да не речам 100% сите училишни згради со реконструктивни зафати.

Меѓутоа, жално е тоа што никој стратешки не настапувал до сега во насока на тоа да види што е неопходно во овие училишта и да бидат изготвени проекти, па без разлика кој министер да дојде и кој да биде министер, да ја практицира фунбкцијата минситер, да има готови проекти. Врз основа на тие готови проекти да може веднаш да се впушти вореализирање.

Во овие изминати периоди, покрај тоа што се вршеше реконструкција на училишните згради бевме принудени да изготвуваме проекти. Но, знаете дека е отпочнат процесот на децентрализација. Во услови на децентрализација, приоритетите си ги дефинира локалната самоуправа. Жално е ког аодредени општини не можат виситнски да си ги дефинираат приоритетите. Во секој случај, ја почитуваме децентрализацијата и ги бараме приоритетите од единиците на локалната самоурпава.

Жално е тоа што се случило во Аеродром каде што општината не успеала да дефинира дека има приоритет за реконструкција и обновување на столаријата во училиштето "Ѓорѓија Пулевски". Ние, во Програмата за капитални инвестиции за 2009 година предвидовме 5 милиони денари средства за реконструкција. Така што вонаредниот период ќе бидат заменети и прозорите и вратите онаму каде што се оштетени во ова училиште.

Кога станува збор за руралните и урбаните училишта, пристапот мора да биде подеднаков. Тенденцијата на образованието е да се изедначат условите за реализација на наставата. Многу е погрешно ако се гледа фактот дека треба повеќе да се вложува воурбаните, за разлика од руралните училишта. Напротив. Треба вистински да се дефинираат приоритетите. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Контра реплика пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Се согласувам почитуван минситер и навистина е така дека условите не се од сега. Навистина е така во училиштата. Не можете се да направите. Погрешно ја разбравте тезата околу урбаните средини. Целта ми беше дека ако пред носот ви се случува тоа што се случува со "Ѓорѓија Пулевски" што остана за нешто што ви е подалеку. Тоа ми беше целта.

Но, почитуван министер, паметен домаќин прво ќе почне, ако куќата е празна и децата му се голи, гладни и боси, да инвестира,со тоа да ги нахрани децата, да ја среди куќата, а потоа ќе плаќа скапи одмори, скијања, зимувања и не знам, посета на некои европски градови, што дај Боже секој да може тоа да го има.

Тоа ми беше целта. Прво дајте да ги средиме овие работи, потоа ќе се набавуваат компјутери. Тие 40 милиони подобро е да се инвестираат во ова што претходно го зборував, а и скратете малку од рекламите, па дајте, инвестирајте да имаат учениците подобри услови. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Реплика има пратеникот Ташева Виолета.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван колешке,

Кога вака човек ве слуша само може да се праша дали вие бевте таа истата колешка која неприкинато од 2006 до 2008 година вршевте блокада во Собранието за носењето на реформските процеси, за развој и подигнување на квалитетот на образованието во Република Македонија.

И една друга работа што би сакала за ваше освежување на меморијата да ви пренесам, ако не заборавивте, оваа власт и ов апарламентарно мнозинство професорите и професорската фела и те како ј апочитува,ја цени и ја цени нивната работа и залагање, затоа што се тие едукаторит ена нашите деца, на нашата иднина.

Нивната работа, знаеме дека беше од ваша страна во вашето владеење исклучително лошо третирана и воопшто не мотивирачки настроена кон нив. Платите беа ужасно ниски. И незаборавте дека ова мнозинство три последователни години зема за обврска да им ја покачи платата по 10%. Тоа го направи. Ова е втора година како се покачија платите за плус

уште 10%. Тоа не го направивте. Имавте можност почитувана колешке и немојте сега да бидете душегрижник за нешто за што навистина не покажавте ниту ронка грижа.

Тоа што би сакала исто така да ве потсетам училиштата во Република Македонија немаа да бидат во вака очајна состојба во која вие кажувате дека се, до колку водевте грижа од 2002 до 2006 година и вложувавте во образованието, наместо во вашите бачила и во вашите неконтролирани трошења и корупции. Срамота е вие да коментирате и да давате забелешки за проекти што значат многу за оваа Република и многу за младата популација н акоја се наменети овие пари.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Контра реплика пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Што се однесува до блокадата, почитувана колешке, не знам од ког аправото за збор се смета за блокада и кочење на реформите на граѓаните. Тука ве прочитаа и дајте нешто ново кажете.

Што се однесува до професорите, да, комплетно го партизиравте образованието. Комплетно. А, ако е толку добра ситуацијата во образованието, јас не знам зошто штрајкуваат професорите? Апсолутно не ми е јасно. Толку многу се задоволни, цутат рози во образованието и сега тие зедоа да штрајкуваат во толку масовен одзив. Зошто вие тогаш имавте потреба да го загушувате тој штрајк.

Ве молам,немојте да бидете контрадикторни и се надевам дека завршивте со репликите што ви ги напишаа во штабот на ВМРО-ДПМНЕ. Јас ќе бидам последна на која што истата реплика и ја повторувате по н-пат. Ви благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Збор има пратеникот Наташа Јаневска.

**Наташа Јаневска:** Почитуван потпретседателе, почитуван минситер за образование и наука, почитувани пратеници,

Своето излагање ќе го започнам со една мисла “Добро е да се критикува. Критиката не тера подобро да работиме, но мора да се има мерка и компас за критика”.

Очигледно денеска некој го изгубил компасот. Многу интересно како по 6 месеци работа на МОН некој бара интерпелација на минситерот за неговата работа. Вие изнесовте некои ставови зошто барате интерпелација. Но, на јавноста не и давате можност во вашето излагање да се запознае со вистинските работи што всушност ги има направено Минситерството за само 6 месеци и покрај сит еонеи опструкции што ги правеше вашата партија криејќи се зад  разни организации на студенти, средношколци, па дури и на Синдикатот, на што постојано се повикувате.

Моето излагање не би сакала да биде долго, но ќе набројам дел од позитивните работи што се направени воовој период од страна на министерот и неговиот тим.

Прво, имаме целосн аимплементација на деветгодишното образование, креирање на наставни планови и програми за учениците што ќе дадат можност за рано професионално информирање и определување на учениците што доведува до поголема заинтересираност на учениците за професијата уште од многу рани години.

Второ, воведување и реализација на веронауката и историјата на религијата како изборни предмети за што вие, токму,на секаков начин сакавте да ги бојкотирате преку разни протести, инволвирајќи ги за жал и учениците. Но, за среќа наша имавме голема пдоршка од родителите. Токму од оваа говорница сакам да им изразам благодарност што го прифатија овој изборен предмет.

Воведувањето на предметот етика е доста важно, посебно во овие времиња кога ги имаме изместено критериумите за морално и аморално однесување на позитивни и негативни вредности и кога девијантното однесување на учениците станува  тренд. Токму со овој предмет ќе ги вратимеучениците да ги ценат вистинските вредности.

Со систематска работа на министерот е направен целосен опфат на сите училишни обврзници. Министерот за образование се зафати со целосна имплементација на средното образование, со што беа опфатебни голем број на средношколци, за кои Што за жал, вие со полна уста сметавте дке апоминало неуспешно.

Потоа имаме имплементација на Законот за високо образование, имплементација на Болоњската декларација како еден од условите за влез во Европската унија.

Министерот е свесен, верувајте, за тешкотиите со кои се соочуваат по средното образование. Затоа учествуваше во изработката на подзаконски акти што произлегуваат од имплементацијата на задолжително средно образование.

Продолжи со реконструкцијата на средните и на основнит Европската унијачилишта. Реновирање на санитарните јазли, подобрување на условите за работа во руралните средини, а тоа веќе го почувствуваа и учениците до неколку места.

Се залага за опремување на стручните училишта со наставни надгледни средства за опремување на специјализиранит Европската унијачилиШта по стручните предмети, опремување на училиштата со клупи и со столчиња.

Во овој период, токму во овој период минситерот води и постапка за изградба на 100 училишта со јавно приватно партнерство, рекосnтрукција на студентските домови, што до сега  никогаш не беа направени и во тек е подготовка на проект за нов студентски дом во Скопје.

Министерот води сметка и за подобрување на квалитетот на работата на наставниците, на

нивното стручно усовршување преку акредитација на провајдери, преку кои имаме едукација на наставниците за реализација на наставата со дигитални содржини и се врши професионален развој на наставниците. А. истовремено, минситерот продолжува со имплементација на интегралната евалуација во сите сфери на образованието.

Министерот даде голем примат на одобрување на функционирањето на педагошко-психолошката служба, што е значајно за успешно функционирање на едно училиште и оформување на таа педагошко-психолошка служба со вработување на стручни работници. Со помош на МОН се врши континуиран аедукација за правилно функционирање на училишните одбори што за прв пат можеби се сфаќаат како вистински орган на управување.

Министерот потпомогнат и во функционирањето на Штипскиот Универзитет, како новоформиран и во функционирањето на дисперзираните факултети по градови со што многу родители, верувајте, чии деца се на студии, се растоварија од финансиските трошоци за плаќање на стан, превоз, престој во Скопје и другите држави.

Вредно е да се спомне и формирањето на новиот Универзитет за информатичка технологија со седиште во Охрид. Тука е и Центарот за стручно образование, Центарот за образование на возрасни и Државниот испитен центар.

Се прашувам зошто во вашето излагање не проговоривте за зголемвување на бројот на стипендии за талентиранит Европската унијаченици. Стиопендирање на 120 најдобри студенти и стипендирање на постдипломски студии во областа на Европската унија што се реализираат во странство. Доделување на студентски и средношколски кредити, како и за правилната распределба на кредитите и стипендиите, токму на оние кои навистина го заслужуваат тоа, а не по некоја родителска припадност.

Не се за потценување ниту набавката на 20 училишни автобуси. Бесплатен превоз на ученицит еи бесплатни учебници за дева кои се социјално загрозени.

Во својата работа минситерот не ги заборави ниту децата со посебни потреби. Во тек е реализацијата на проектот за пристапни рампи за таквите учебници по училиштата. Министерот не ги заборави ниту наставниците. Се потруди за имплементација на системот на плати според професионалниот развој, со што сите наставници кои севесно и одговорно си ја вршат својата работа и постигнуваат солидни резултати со учениците ќе бидат и соодветно наградени за својот труд. За разлика од оние кои имаат несериозен пристап кон работата и не постигнуваат резултати, соодветно да бидат исплатени. За секој вработен ќе се води професионално досие.

Има уште многу работи сработени од страна на минситерот и неговиот тим за мнигу кратко време што се многу поголеми од вашата листа за интерпелација. Токму за тоа нема да ја подржам оваа интерпелација бидејки ставовите изнесени во неа се несериозни и тенденциозни. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Јас не сакам да реплицирам во дел кој што апсолутно не е со темава денеска, не зборуваме за идната програма што ќе прави Министерството. Има наводи од интерпелацијава, ниту министерот, ниту колешкава не ги одговори.

Јас сакам да ве запрашам бидејки кажа отворен е Универзитет за инфорамтичка технологија во Охрид, па да ја прашам каде се наоѓа, за да можам да апицирам или како професор или да препорачаме некој да студира таму, па затоа би ја замолил во тој дел да дообјасни. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Контра реплика Наташа Јаневска, повелете.

**Наташа Јаневска:** Почитуван колега, токму зборував за интерпелацијата и за ставовите што ви ги изнесовте во вашата интерпелација, и зборував кои се позитивните работи што ги има направено министерот во Министерството за образование и во неговиот тим, а нешто дополнително ако ве интересира, повелете тука е министерот за образование ќе ви објасни.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска**,** повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитувана потпретседателке,

Почитувана колешке, споменавте на крајот зошто не дебатираме и не сме ги споманле стипендиите и кредитите, особено стипендиите за талентирантие студенти. Знаете зошто колешке? Затоа што сите, исклучиво сите се делат по партиска основа и не сакаме да ги деморализираме младите луѓе, студентите да им кажеме како се добиваат стипендиите. Сепак нека има надеж кај некој од нив дека можеби со свото учење, труд, стручност и компетентност ќе успеат да ја добијат стипендијата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавена госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам.

Почитувана колешке, единствено ако може нешто да се оцени како несериозно и тенденциозно се излагањата на пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и вашиот коалиционен партнер ДУИ заради тоа што во ниту едно од вашите искажувања не дадовте контра аргументи на наводите изнесени во интерпелацијата и уште повеќе што ниту министерот за образование во

својот одговор на интерпелацијата, ниту пак во својот говор денес не даде ниту еден контра аргумент на наводите во интерпелацијата. Напротив, единствената одбрана која за себе сакаше да ја обезбеди министерот, криејќи се зад законски решенија кои најголем дел се цитат во одговорот на интерпелацијата и паушални проценки кои не одговараат на фактичката состојба во образованието во Република Македонија. Тоа е единствено несериозно и тенденциозно заради тоа што на таков начин сакате да ја прикриете реалната слика во образованието, сакате, покрај кампаните што се трудите да ги прикажат работите во друго светло и на ваков начин да ги убедите граѓаните кои секојдневно се соочуваат со реалните проблеми, да ги убедите дека она што им се случува секој ден и на учениците и на наставниците и на родителите, не е така. Меѓутоа, пред фактите и боговите молчат. Затоа да сум на ваше место би била повнимателна во исказите. Ако имате партиска обврска да браните некого, тогаш направете го тоа барем на подоинствен начин. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Збор има господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам потпретседателке, почитуван министер, почитуван колеги,

Владата на Република Македонија, а во нејзини рамки Министерство за образование и наука го промовираше слоганот - знаењето е сила, знаењето е моќ, но се разбира, како и се друго само декларативно и за добар маркетинг. Во пракса, со своето однесување и преземените активности, тие ја вулгализираа и ја девалвираа оваа синтагма до крај на граница. По се изгледа дека министерот за образование Перо Стојановски навистина нема ни сила ни моќ тоа да го реализира од една едноставна причина. Партиските војници и кадри, партиските послушници немаат капацитет и знаење, а ниту пак искуство да водат една ваква суптилна сфера. Тоа го докажавте и денес со притисоците што ги вршите врз градоначалниците на СДСМ.

Преголема е листата на гафови што го создадоа хаосот на сите нивоа во образовниот систем за да може да се наведе во едно обраќање, особено во десет минути. Но, сепак како посебни бисери треба да се наведат некои од нив.

Би започнал со тоа што во одговорот на интерпелацијата воопшто не е споменато или не сакало да се спомне тоа, да се каже за состојбата за немање на учебници за шесто одделение. Притоа сакам да кажам дека таа состојба со немање на учебници за шесто одделение влезе во редицата на тв сапуници. Секој ден се кажуваше дека учениците само што не излегле од печат за утредента тоа да се промовира, за после два месеци да се каже дека министерот го потпишал решението за печатење на дел од учебниците, а за другите ќе биде некој или никој ден.

Во ера на компјутеризација за која сите се залагаме, а најмногу вие, на учениците ќе мора да им се диктира. Каква демагогија. Згора на тоа, ќе ја коментирам и изјавата на директорката и советниците на една стручна институција, каква што треба да биде, Бирото за развој на образованието, дека тоа не е страшно и дека наставниците во шесто одделение го повторуваат материјалот од претходната година. Замислете цели два месеци повторуваат. Ако тоа е новина и хит во образованието, тогаш треба да ни кажете, и тогаш одговорете ни зошто не го правете во сите други одделенија.

Се поставува едно логично прашање дали тоа стои во наставните програми и треба да се повторува колку што може повеќе. Ако не стои тогаш како мислите да ја реализирате програмата со која се обврзани училиштата. Дали на крајот за виновници ќе се најдат повторно наставниците, бидејќи вашите директори што ги имате назначено се најдобри и недопирливи, а за оние од Министерството, Бирото, Инспекторатот, Педагошката служба, навистина не станува ни збор. Впрочем наставниците ќе молчат затоа што им се заканивте и ги плашите со оценување.

Следењето и оценувањето на наставниците, како и впрочем на учениците, не се прави еднострано само со тестирање. Но, тоа е посебна дебата односно посебна тема за дебата за која навистина треба многу да говориме.

Вториот голем неуспех на Владата е проектот - Компјутер за секое дете. Повторно вулганизирање на една благородна идеја.

Навистина иновациите во образованието се добредојдени, но бараат претходна анализа и издржаност. Како прво дегутантно е да се зборува за зголемен стандард на тој начин што се постигнува, кога најголем дел од училиштата навистина немаат елементарни услови за нормално изведување на наставата. Просторот е несоодветен, со застарен инвентар, со санитарни јазли кои не задоволуваат минимум стандарди за хигиена. Тоа секојдневно го слушаме од санитарните инспекции. Да се поставуваат компјутери во тие простории, навистина делува како шминка. Некои од децата во основното образование мора да пишуваат дури на колена за да можат да ги водат забелешките од своите професори. Ако кон тоа се додаде дека не е создаден ни потребен софтвер за наставни програми, патем кажано вие не можете да се организирате и да испечатите еден учебник за шесто одделение, а камоли софтвер, тогаш навистина станува јасно дека проектот има формално не суштинско значење. Треба да се знае дека се што е модерно не мора да значи дека секому и секогаш одговара да го следи како тренд. Искуствата од ова полугодие јасно покажаа дека овој проект е чисто промашување. За време на распустот во училиштата прават попис на

оштетените компјутери или расипани делови за да им се одреди висината на средствата што секој ученик треба да ја плати за да ја надомести таа штета. Во училиштата повеќе не се разговара како да се користат компјутерите, туку се разговара како компјутерите, кои не се во функција, да се заштитат. Не знам дали е тоа целта, или целта ви беше само да се сликате и да парадирате. Но, сакам да ве потсетам за едно такво сликање што го имавте за време на штрајкот кога дојдовте во Битола, кога бевте во посета на едно средно училиште и токму во тоа училиште, заедно со градоначалникот Талески, навистина не знам зошто не ве информирам дека истите тие компјутери, каде што бевте на посета, до ден денес не работат. И денес во тоа исто училиште секое дете треба да плати казна, или треба да плати оштета за тие компјутери што Министерство за образование и наука и соодветното училиште, а притоа и локалната самоуправа која има надлежност, не ги има до ден денес ставено во функција.

Кога сме кај средното образование и неговата задолжителност, креаторите на таа политика навистина треба да знаат дека повисокиот стандард на образование се постигнува со задолжителност на пониските нивоа, а тоа значи од предучилишното образование, со задолжителен опфат на децата на возраст. Од 4 до 5 години се овозможува менување на свеста кај децата, па кога ќе стигнат на возраст на средно образование, самите да одлучат што ќе прават. Без стратегија за функционалност на мрежата на училиштата во средното образование да се воведе задолжително средно образование, се прави првиот пропуст. Навистина ако е задолжително тогаш треба да биде достапно за секој ученик од секое населено место, а тоа значи да му се овозможи пристап до секоја гимназија и до секаков вид на стручно образование. Но, се разбира тоа не е можно. Ако не знаете проверете во светот и ќе видите како функционира тоа.

Нон стоп го критикувате социјализмот, а презедовте се од него. Таму се говореше или се прокламираше сестрана личност. Но, всушност и нема разлика меѓу социјализмот и квази социјализмот, со популизам и голем патриотизам кој вие го промовирате. Ваквиот популизам и апсолутизам ја доживеа својата кулминација за време на штрајкот на просветните работници што го организираше СОНК. Никому не му е јасно како дојде до него кога претседателот на СОНК Дојчин Цветаноски и вие почитуван министре постојано се сликавте заедно и се фалевте едниот со друг, да му е милина на човек да ве гледа. На почетокот на сите им изгледаше како да е фингирано, а потоа дефинитивно излезе од контрола и почнаа силните и невидени притисоци, притисоците од партиските војници на ВМРО-ДПМНЕ, притисоците од директорите кои беа поставени од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Дури имаше и директори од средни училишта кои во утринските часови даваа изјава како директори на училишта, а во попладневните часови даваа изјави како портпарол на политичка партија. Навистина срамота.

На почетокот го спомнав тоа дека вашите просветни работници, дефинитивно по ваш налог се пуштени во погон и претаат на сите страни. Хororот во училиштата навистина е голем. Дури за време на штрајкот видовме дека излегуваат ученици кои се претставуваат дека се членови на некакви училишни здруженија, па дури и на невладини организации, па дури, замислете, ги повикуваа наставниците да престанат со ваквото однесување. Штрајкот помина, наставниците останаа со кратки ракави, СОНГ глумеше синдикат, наставата не се држеше, а полугодието, како ништо да не било, си заврши на време. Тука се поставува прашањето дали се почитуваше календарот на работните денови. Замислете само за еден неодработен ден што патем беше резултат на законот кој вие го донесовте, со огромен број на празници, е избран како мотив за смена на директори кои беа поставени од страна на претходната власт. Во тоа и времето ве демантираше бидејќи дел, или најголем дел од тие директори кои поведоа судска постапка, денес ги добија решенијата дека навистина треба да се вратат директори на тие основни и средни училишта. Но, почитуван министре инспекторите кои вие ги праќате, дефинитивно имаат цел да поднесуваат прекршочни пријави. И покрај извештаите за нивното разрешување, не знам дали сите сме исти пред законот, но очигледно не сме. Децата навистина не се заморчиња и заложници на некои кои во главите имаат само популизам и како треба да останат на власт, па ги користиме сокогаш кога треба. Потребата од интерпелацијата што ја поднесовме и смената на вас како министер, почитуван Стојановски, навистина треба да си заминете, бидејќи со таквите како вас не можеме да одиме во Европа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен министерот за образование, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам потпретседателке.

Би сакал да дадам неколку кратки појаснувања на почитуваниот пратеник господинот Диневски.

Во врска со учебниците за шесто одделение сакам да ве информирам дека учебниците минатата година беа одобрени и сите оние ученици кои ги исполнуваа условите и согласно критериумите кои јавно ги соопштив врз основа на кои ќе се изврши изборот на ракописи. Значи во ниеден случај не се доведовме во ситуација да направиме нешто надвор од законот, се со цел, значи во ниеден момент Министерство за образование и наука и јас како министер не излегов надвор од законот туку едноставно сакавме учебниците кои ќе бидат одобрени и пуштени во употреба во воспитно-образовната

дејност, да бидат квалитетни и соодветни и да одговараат на наставните програми.

Се согласувам со вас дека имаме училишта каде навистина нема клупи и столчиња. Токму во таа насока Министерство за образование и наука и Владата вистински ги идентификуваа приоритетите и токму од тие причини се изврши набавка на 50 илјади клупи и 100 илјади столчиња и треба да започне процедурата за набавка на дополнителни 50 илјади клупи и 100 илјади столчиња, се со цел да го обновиме училишниот инвентар, бидејќи навистина е жално, она што се гледа во поголемиот дел на училиштата каде што имаме клупи и инвентар постар од 40 години.

Не ве разбрав во еден дел од вашето излагање, се обративте кон мене и рековте вашите просветни работници. Не ми е јасно на кои просветни работници се однесува.

На крајот, во целото ваше излагање почитуван господине Диневски зборувавте за проблеми кои се врзано со локалната самоуправа. Јас сум министер за образование и наука, а не министер за локална самоуправа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има пратеникот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Почитуван министер, дали е точно дека просветните инспектори, ако не ме разбравте добро, денес во Охрид и во други градови каде се градоначалници на СДСМ, вршат притисок врз директорите и врз училишните одбори во основните и средните училишта.

Дали е точна изјавата на директорот на Бирото за образование дека не е страшно ако наставниците од шесто одделение го повторуваат материјалот од претходната година, цели два месеци. Ако е тоа добро, зошто не е пракса во сите останати училишта, во сите останати одделенија и ако е така, дали некој ќе сноси реперкусии заради тоа што така се однесуваа децата. Дали е точно дека денес во сите училишта во Битола е изготвен правилник според кој на учениците им се дава обврска да плаќаат одредена сума на пари за штета на компјутерите кои не се ставени во функција. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Почитуван колега Диневска секоја Влада си има своја стратегија за работа и ние ќе си ја тераме нашата работа без разлика дали на вас како опозиција не ви се допаѓа тоа, меѓутоа на граЃаните им се допаѓа. И стратегијата околу областа образование што претходните колеги ја кажаа каква стратегија тера оваа Влада и нашиот министер, е добра и затоа ценам дека вие кажавте некакви паушални реченици кои беа толку неповрзани, во кои спомнувавте социјализам, квази социјализам, Дојчин Цветаноски, штрајкот го споменувавте. Така што многу малку ве разбрав што сакате да кажете. Спомнавте смена на директори, присилно настапување на просветните инспектори итн, толку неповрзан говор. Немам слушната полош говор. Навистина ви препорачувам да внимавате на вашиот рејтинг бидејќи ви е прв мандат и почеток. Навистина не е умесно и да ве тераат така од опозицијата да зборувате, не би требало да зборувате.

Второ, околу компјутеризацијата за секое дете. Тоа е проект кој вас најмногу ве боли затоа што ние им даваме услов на децата. Тоа е проект кој навистина е многу добар и затоа тоа го почитуваат граѓаните и учениците имаат сега услов поинаков. Кој вас ви е виновен што вие не се сетивте вакви работи да направите.

Околу проектот што го промовираме - знаењето е моќ, знаењето е сила, да кажам дека и понатаму ќе го промовираме затоа што тоа е точно и секоја држава е силна со знаењето и со учењето. Заради сето тоа е воведено тоа што е воведено, што го кажаа претходните колеги и заради сето тоа што вас тешко ви паѓа. Ние и натаму ќе си ги тераме работите, министерот ќе си остане министер и ќе си ги тера работите, а вие само ќе си останете и така ќе ви се намалува рејтингот. Значи треба да се запрашате. И јас како ваша сограѓанка ви препорачувам друг пат да внимавате каков говор правите и што кажувате, бидејќи навистина многу ќе ви падне рејтингот, посебно во Битола. Вака не доликува на битолчанец да зборува. Неповрзани реченици. Ако ги земете стенографските белешки да видите и самите ќе се чудите што сте кажале.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има Менде Диневски.

**Менде Диневски:** Почитувана колешке, навистина не чувствувам потреба да ви реплицирам, бидејќи навистина ќе бев изненаден ако вие мене ме разберевте.

**Светлана Јакимовска:** Има збор господинот Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитувана потпретседателке, почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Внимателно го прочитав текстот на интерпелацијата што ни беше доставен на три страни и од овие три страни гледам дека овде на третата страна се кажува само во две реченици она што е темата на интерпелацијата, околу наводниот притисок врз директорите и вработените во основните и средните училишта, а целиот друг текст е критика на Програмата на Владата што овие две односно две и пол години ја спроведува во областа на образованието.

Така што јас ќе кажам соодветно на текстот, најпрво околу наводниот притисок, сакам да кажам дека штрајкот заврши со договор помеѓу Владата и Синдикатот, помеѓу министерот и

претседателот на Синдикатот, заврши така што немаше победници, немаше поразени, туку со заеднички договор се издејствува или се договори она што штрајкувачите го бараа од една страна и од друга страна што Владата реално можеше да го понуди. Само ќе ве потсетам на една изјава на потпретседателот на Владата кога рече: Земете ни ја кожата, но надвор од ова што ние го нудиме, не може. Сето друго околу програмата на Владата во изминатите две години може да се каже дека интерпелацијата можеше да биде насочена и кон сегашниот колега, тогашен министер Рушити, кој што не е тука. Со господинот Рушити и со господинот Стојановски во минатите две години имав прилика да работам заедно и се разбира дека сум добро информиран од областа на образованието и можам компетентно да дискутирам. Генерално гледано оваа Влада го промени суштински односот спрема образованието. Кога велам суштински, велам дека направи навистина големи реформи, многу реформи и што е најважно сето тоа го поддржа со зголемени финансиски средства, затоа што не може ништо да се реформира без пари и средствата кои што како Влада, како коалиција ние ги наследивме кои што изнесуваа околу 3% од бруто националниот доход кои што се издвојуваа за образованието, денеска веќе со Буџетот за 2009 година ја надминаа цифрата од 6% во кои што оквири за наука се издвои од 0,3% колку што беше во 2005 година, 2006 година. Денеска веќе 1% е издвојувањето за наука. Направени се одредени исправки кои што долги години беа како неправди на одредени луѓе кои што беа вработени во образованието и кои денеска се вработени. Сам да потсетам за 5-те, односно 6-те институти кои што имаа плата помала во однос на сите други вработени со исти звања кои што беа на некој начин финансиски дискриминирани. Тоа се исправи со Одлука на Влада. А пред една, две седници ние тоа го исправивме и за МАНУ каде што вработените имаа навистина неоправдано ниски примања.

Што суштински се промени? Се промени односот кон образованието. Ние како држава имавме некаде во 2005, 2006 година само 7,28% население со високо образование, а околу 50% или 49,92% население со образование од 8 одделение или не завршено 8 одделение, или никакво образование. Со население од 50% не може да има ниедна држава било каков економски развој, а не брз економски развој. Владата тоа го увиде и реши да направи сериозни реформи да се зголеми опфатот на учениците, да се зголеми опфатот на студентите. Јас само да кажам дека една Австрија има 20% население со високо образование, а една Англија има 30% население со високо образование.Нас ни треба одреден период да го достигнеме тоа ниво за да можеме и ние да бидеме на ниво на земјите од Европска унија. Инвестициите во образованието кои што се зголемија за 100% во целата маса, а инвестициите, капиталните инвестиции за одржување се зголемија 550% се најдобрите инвестиции. Инвестицијата во образование е таа која што не дава резултати да речеме краткорочни, брзи, но дава резултати на среден рок и на долг рок. Резултатите од овие сите реформи ќе ги почувствува Македонија после 5, 6, 10 години. Само да потсетам дека денеска опфатот на учениците во средно, односно од осмо одделение кои што поминаа во средно образование е 95%. Значи, има 5% сеуште кои што не се запишани. Но, тој процент беше под 80%. Но, тоа беше уште полошо ако ја гледавме националната структура. Кај Македонците беше најдобро, беше преку 90, 95% и пред две години. Меѓутоа кај Албанците беше 70% опфатот од осмо одделение во средно школо. Кај Турците 50%. Кај Ромите беше катастрофално некаде под 15%. Денеска сите заедно сме 95%. Тоа е главната придобивка што оваа држава ја доби со оваа реформа во образованието. И уште нешто, денеска имаме 19,090 студенти запишани во прва година. Опфатот на студентите од средно во високо образование, тоа е многу интересно, беше 42% пред две години, 64% пред една година, и оваа година 85% од ученците од средно образование поминаа во високото образование, односно се запишаа на Универзитетите во Република Македонија. Се разбира тоа не можеше да се оствари доколку не беше воведен Законот за задолжително средно образование и доколку не беше и таа кампања. Многу големи критики имаат на кампањите, меѓутоа јас сум убеден дека кампањата во областа на образованието даде резултати. Даде резултати затоа што 85% средношколци се запишаа на универзитетите во Република Македонија.

Околу дисперзираните универзитети исто имаше многу дискусии. Може да има тука и некои забелешки, но, главната идеја беше таа, да се зголеми бројот на население кое ќе студира, кое ќе сака да учи. Вчера имав прилика да видам на телевизија една изјава на еден наш многу познат професор етичар кој што кажа дека денешната младина што е најважно за Република Македонија, денешната младина е подобра од било кога до сега во Република Македонија. Таа сака да учи, таа учи, и што е најважно не оди само да се запише и да земе диплома, туку е свесна веќе дека дипломата без знаење не вреди ништо. Утре тој завршен студент, тој завршен дипломиран инжењер или професор, или било што доколку нема знаење, нема да биде прифатен од работодавачот.

Како што кажав средствата за реконструкција се зголемија 550% и се набавија клупи како што слушнавме, спортски сали, што е многу важно се дадоа стипендии за информатичари, 660 стипендии се дадени за децата Роми на тој начин се прави и еманципација на тој дел од населението.

Околу компјутерите се зборува дека тоа е промашена инвестиција. Не е промашена

инвестиција. Тоа е можеби најдобрата инвестиција. Имаше дилеми дали да се оди прво со реконструкција на школи и санитарни чворови, а потоа да се набавуваат компјутери. Се дојде до заклучок, дека ако се чека да се поправат сите школи во Република Македонија, па потоа да се набавуваат компјутери, нема да се набават ни после 10 години. И за тоа се тргна паралелно. Нормално дека има проблеми. Денеска степенот на развој на секоја држава покрај бруто националниот доход се мери и со бројот на корисници на компјутери и со бројот на корисници на интернет. Четири држави се кои имаат најнизок развој, тоа се Индија, Кина, Јужна Африка и Бразил. Република Македонија со овие 200 илјади компјутери и со оние компјутери што ги даруваше Владата на апсолвентите, значи веќе 10% од населението користат повеќе компјутери од она што реално го користеа.

Министерот за образование ја има мојата поддршка и понатаму. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавен господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитувана потпретседателке,

Јас сакам да реплицирам во неколку делови во излагањето на професорот Лазаров. Мислам дека постои една тенденција да се помести интерпелацијата како чин, политички инструмент на опозицијата со образложение од страна на парламентарното мнозинство за програми, или активности кои што во дел се напоменати во интерпелацијата, но во голем дел и не се споменати. Имено, може да се случи политичките искуства зборуваат дека може да се случи еден министер да работи добро четири, осум години, неколку мандати и потоа само за еден чин што го направил да поднесе оставка, бидејќи не чувствува морална одговорност да се повлече да добие интерпелација од страна на опозицијата, на одговорна опозиција. Политичкиот притисок за време на штрајкот кој се организира е сосема доволна и поголема од оштo треба причина, бидејќи министерот сам не се повлекува, тоа да го побара опозицијата. И за тоа навистина нема потреба од аргументи кои што прво, не држат, а второ и не се директно поврзани. Затоа јас ќе го прашам господинот Лазаров како бивш заменик министер за образование, зарем не треба да се согласно законот понесе одговорност и дека универзитетот во Штип до 31 декември 2008 година морал да го донесе новиот статут согласно овој закон, а не го направил тоа, односно не сме го донеле ние во Собранието. Зарем тоа не е задача на министерот согласно член 167 да изрече казна врз ректорот на Универзитетот во Штип. А наместо да му изрече казна, тој станува дел од други два ректори потписници на една партиска иницијатива во еден наводно анонимен конкурс што тече во ВМРО ДПМНЕ. Она што навистина се промени после 2006 година е политичкиот упад во сите сфери на образованието, од малите во градинка каде што воспитачките шетаат со портокалови маици до непримерното влегување на вицепремиерот за европски интеграции на ректорска управа и таму да ги тера да држат факултетите наводните дисперзирани студии. Па факултетот во Куманово 99% од наставата ја врши во Скопје. И тоа професорот Лазаров го знае. Затоа ако го браниме, да го браниме во однос на интерпелацијата, а ако сакаме да го применуваме Законот да го применуваме законот во сите членови, а не по оние што ние ќе процениме дека се океј.

**Светлана Јакимовска:** Контра реплика господинот Јован Лазаров.

**Јован Лазаров:** Благодарам на репликата на господинот Макрадули. Значи, јас дискутирав во оној обем како што беше обемот и на интерпелацијата. А околу овие казнувања, не сум јас присталица за казнување. Меѓутоа, моите информации зборуваат дека универзитетот ви Штип и универзитетот во Тетово на време доставиле статути за усвојување во Собранието. Меѓутоа, Владината процедура е таква што најпрво поминува на Влада за да Владата даде стручно мислење и дава забелешки кои што претходно се прочистуваат, а потоа доаѓаат чисти предлози во Собранието и Собранието ги усвојува. Да ве потсетам дека универзитетот Св. Кирил и Методиј и Универзитетот во Битола доставија на време статути и тие беа усвоени. Во најскоро време се надевам дека ќе бидат усвоени и статутите на овие два универзитета.

**Светлана Јакимовска:** Има реплика господинот Горан Сугаревски.

**Горан Сугаревски:** Колега Лазаров, вие настапивте во функција на промотор на владината политика за образование. Очекував кога дискутиравте во врска со интерпелацијата кажавте дека постоеле само две реченици со кои што сме ја изнеле интерпелацијата. Битно ми беше како пратеник да слушнам од вас како поранешен заменик министер за образование, баш за тие две реченици околу како што велите вие, наводните притисоци кои што биле вршени. Не се наводни, тие се реални притисоци кои што беа вршени врз наставничкиот кадар во училиштата. За тоа можат да посведочат многу луѓе. И многу сакам да го слушнам вашиот коментар околу тие наводни притисоци. Вие кажавте дека штрајкот завршил со договор каде што немало победници и поразени. Да, имаше луѓе кои што едноставно дома не можеа да спијат, тоа е сигурно, затоа што секојдневно пајташи од локалните самоуправи одеа и им се закануваа со тоа дека ќе бидат отпуштени од работа. Исто така, добро беше да дадете одговор на прашањата околу отворањето на овие 30-тина факултети. Како што спомнав и во мојата дискусија, значи голем дел од тие факултети апсолутно се без студенти, или имаат пет, или 10 студенти, а наставничкиот кадар е многу поголем

од студентите. Исто од оној хаос, комјутер за секое дете, исто така во вашиот говор апсолутно ништо не слушнавме. Едноставно промовирање на владината политика во образованието. Само да ве потсетам кога вие бевте заменик министер заедно со актуелниот министер за образование кој тогаш беше државен секретар во изминатиот период, значи распишавте оглас за 6 албански паралелки во Прилеп каде што на таа територија нема ниту еден процент од населението со албанско потекло. Мислам дека добро е во тој правец да вршите анализа и стратегија како треба да се одвива образованието, а не да велите дека СДСМ поднело паушално, врз база на паушални оценки, интерпелација. Интерпелацијата е многу добра и ако еден овде во салава се најдеше да даде контра аргументи, ќе беше многу добро.

**Светлана Јакимовска:** Контра реплика господинот Јован Лазарев.

**Јован Лазарев:** Благодарам колега Сугаревски за репликата. Значи, јас немам такви информации за притисоци. Моите информации зборуваат нешто друго. Јас стојам на тоа дека штрајкот се заврши со договор со изјави на претседателот на синдикатот и на министерот дека е најден заеднички јазик. Јас не сум слушнал дека некој е избркан од работа, или дека настрадал затоа што штрајкувал, или нештрајкувал. Но пред околу факултетите, 30-тина факултети. Точно е дека е различен интересот на студентите за тие факултети, некои имаат помалку студенти, некои имаат повеќе. Но, сите факултети имаат пријавено студенти и веќе студираат. Факултетите отворени, а сега со Владината политика понатаму со стипендии, насочување на стипендии спрема производните дисциплини ќе се води уписна политика на Владата на Република Македонија на која што ние ќе бидеме сведоци.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавена госпоѓа Славица Грковска Лошкова.

**Славица Грковска Лошкова:** Господине Лазаров, не очекував од вас дека ќе застанете во одбрана на кршење на Уставот, а уште помалку дека тоа ќе го направите под изговор на неинформираност, поточно дека не сте слушнале дека притисоци се вршени. Еве, интервју на господинот Дојчин Цветановски даден за весникот “Утрински весник” во кој што вели: Притисокот се претвори во репресија. Значи, било нешто и многу повеќе од притисок од страна на владеачката партија. Уште повеќе вели дека власта нема слух за аргументите на СОНК, дека од една страна има тврди аргументи, а од друга страна моќ од позиција на власт. Тоа е сила која се влече од позиција што е најлошо во практикување на власта. И тогаш е нормално да се прашуваме дали во Македонија владее правото и правниот систем, или моќта? На голо излезе дека кај нас владее моќта и ништо друго. Тоа се зборовите на господинот Дојчин Цветановски кој, да ве потсетам и во 2004 кога СДСМ беше на власт, исто така организираше генерален штрајк на СОНК, меѓутоа никој од нас тогаш не се убеди да го користи правото на моќ со притисоци и со закани да им прети на вработените и на нивните фамилии да не штрајкуваат и користејќи такви методи по секоја цена да го задушат штрајкот кој е легитимно право. Фактот дека не сте во право како владеачка коалиција со ДУИ заедно зборува и поддршката која што СОНК ја доби од Европската интернационала за образование, заради тоа што за ниту една демократска држава во светот е несватливо некоја Влада, или било кој да го оспорува правото на штрајк на граѓаните во сопствената држава. И уште повеќе да ги користи сите методи што и се на располагање од позиција на власт таквото право да го угуши.

Кога станува збор за факултетите вие бевте заменик министер кога на јавната дебата која што ја организиравме за отворањето на 26-те нови факултети, признавте, еве ги стенографските белешки од Комисијата, дека нема финансиски средства за овие факултети во Буџетот на Република Македонија, дека не се знае колкава ќе биде фискалната импликација и дека најверојатно ќе мора да се направи нов ребаланс на Буџетот. Тоа беше една, или две недели пред распишување на предвремените парламентарни избори. И беше јасно дека ваквото брзо плето предлагање на формирањето на нови факултети се исклучиво во функција на новите предвремени избори само да кажете колку многу правите за секој град во државата без разлика што таквиот потег однесе голем дел на бу џетски средства без никаков ефект. Заинтересираноста за новите факултети е речиси еднаква на нула. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам

Контра реплика г-динот Јован Лазаров, повелете

**Јован Лазаров:**

Почитувана колешке, и кога вие бевте на власт и кога имаше штрајк, и тогаш имаше таква конотација дека се врши притисок врз вработените итн. Јас и тогаш не верував и денес не верувам дека се врши притисок врз вработените и уште еднаш ќе повторам дека штрајкот заврши со договори и со изјави на претседателот на синдикатот и на министерот. Право на штрајкувачите е право на штрајк, право да бараат она што тие мислат дека им следува а право на Владата односно Владата има повеќе можности или помалку да ги исполни тие барања или не. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Процедурално г-динот Бајрам Амди, повелете

**Амди Бајрам:** Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници.

Јас би сакал процедурално и токму околу тоа се јавив, ако мислите со седницата да останеме до сабајле да почнеме една процедура да правиме реплики, тогаш да продолжиме. Ако одиме вака со реплики еден со друг и јас да не седам тука и да

почнам да реплицирам на секого и да одиме понатаму. Најубаво е тие кои се пријавени да го видиме времето да не остануваме без разлика сега што правиме, што е ова маркетинг пред избори ќе правиме сите пред медиумите. Изборната кампања се уште не е почната. Објавена е, а не е започната. Да не правиме маркетинг, моето е дајте да го фатиме редоследот и да знаеме до кога. Ако не, дајте една пауза малку да се освежиме, топло е внатре, запурно. Да направиме една пауза, координирајте се тука пратеничките групи и да знаеме сите што ќе правиме. Благодарам

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Координирани се пратеничките групи, веќе сме при крај на расправата и јас мислам доколку продолжиме конструктивно брзо ќе ја завршиме седницата.

Има реплика г-ѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потретеседателке.

Јас би сакала г-динот Лазаров како поранешен заменик министер за образование да го прашам следното. Дали последните случувања по градовите каде што градоначалници се од СДСМ не се основ за интерпелација на министерот за образование или во најмала рака сам да си поднесе оставка. Она што се случува денес во Охрид, а кое што го дознаваме од медиумите. Она што на 12.12. претходната година се случи во Општина Струмица каде што спротивно на Правилникот за Државен образовен инспекторат не ме слуша министерот и по се изгледа не му е интересна веќе неговата интерпелација, точно е дека парламентарно мнозинство има и ќе ја преброди оваа интерпелација, но точно е и тоа дека треба да ги слушне сите пропусти кои што ги има направено како ресорен министер во образованието. Затоа потпретседателке, ве молам, бидејќи треба да го слушне ова што јас го кажувам министерот да го обезбедите во оваа сала да дојде и да ја слуша во целост дебатата, вклучително и репликите.

**Светлана Јакимовска:** Вие имате колешке Иванова реплика на колегата Лазаров. Продолжете, тука е колегата Лазаров, а еве во ист момент и министерот е тука.

**Цветанка Иванова:**

Благодарам потпретседателке

Времето да се стопира, меѓутоа и овие реплики и дебатата на колегата Лазаров и мојата реплика е поврзана со интерпелацијата на министерот за образование, па затоа тој треба да биде тука присутен и да ги слуша.

Дали не смета колегата Лазаров како поранешен заменик министер за образование дека последниве случувања во Охрид и она што беше во Струмица на 12.12 претходната година каде што спротивно на Правилникот за просветен инспекторат со грубо кршење на неговите одредби во Струмица буквално се истовари цел автобус со разно разни инспекции, почнувајќи од Просветна инспекција, Трудова инспекција, Финансова полиција без претходна посебна најава која што е должна ова да го направи се втурна практично во сите образовни институции да врши контрола без легитимации, без да се легитимираат инспекторите и без претходно да извршат најава согласно Правилникот дека ќе се врши ваква контрола. Дали г-дине Лазаров не сметате дека ова е удар врз децентрализацијата и дали не сметате дека ова е политички притисок врз образованието со една единствена цел да се сменат раководните структури онаму каде што на власт е СДСМ.

**Светлана Јакимовска:**

Контра реплика г-динот Лазаров Јован, повелете

**Јован Лазаров:** Благодарам потпретседателке.

Вие мене ме прашувате како поранешен заменик министер за дејствија кои што се, да ве потсетам денес ние сме заедно овде пратеници, не заменик министер. Мојата дискусија беше за периодот додека јас бев заменик министер, а што се однесува до инспекторатот тој има законски надлежности кои што се точно дефинирани по закон и по Правилникот и доколку тој ги пречекори своите овластувања тогаш се разбира и тој не е имун на одговорност.

**Трајко Вељаноски:**

За реплика се јавува Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе

Почитуван колега Лазаров, навистина најмногу време посветивте и говоревте за состојбите во образованието кога вие бевте заменик министер и тука немам забелешка на она што вие го кажавте, затоа што и не е тема на денешнава дебата и немам намера за тоа да дебатирам. Меѓутоа, овде интерпелацијата со која што се бара морална одговорност или оставка на министерот за образование и наука се однесува за конкретни настани наведени во интерпелацијата. И само еден од нив, па макар и тоа да биде хонорарот кој што во голема мера упатува на корупција е доволен да се поднесе интерпелација, а не сето она што досега ние го набројавме во периодот од кога почитуваниот министер ја обавува оваа функција.

Јас би сакала само околу една сосема ваша теза малку да отворам дебата. Вие рековте дека штрајкот заврши како што заврши, нема губитници нема ни победници. Прво штрајкот, ние не дебатираме за тоа како заврши, зборуваме како почна и како се одвиваше. Проблемите околу штрајкот бе на начинот на кој тој се одвиваше односно на притисоците кои што во континуитет се вршеа како од страна на министерот, просветните инспектори, директорите и останати партиски челници во населените места. Тоа е она што ние го дебатираме. Јас со вас се сложувам,

можеби нема победници и губитници, но мора сите да признаеме дека од начинот на кој што се одвиваше штрајкот, единствен губитник е Република Македонија. Не сакам во следниот извештај кој што ќе го добиеме од Европската унија да бидеме повторно опоменати дека Република Македонија нема демократски капацитет, а тоа е очигледно. После мракот кој што владее во медиумите за кој се најдовме на последното место во Европа и во светот, исто така треба најверојатно да бидеме опоменати за кршење на Уставот, за кршење на едно од правата кои ги имаат вработените насекаде, а вклучително и во образованието со правото на штрајк. Токму поради тоа велам дека најголем губитник ќе излезе Република Македонија и мислам дека затоа треба почитуваниот министер да си поднесе оставка само поради овој настан кој што ни се случи во последно време. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:**

Контра реплика г-динот Лазаров Јован, повелете

**Јован Лазаров:** Почитувана колешке.

Се согласуваме дека штрајкот заврши со договор но во тој момент сите бевме свесни дека штрајкот навистина се развлече предолго. Навистина, имаше опасност тој да продолжи уште многу и опасност децата да не го завршат првото полугодие односно да ги доучуваат деновите што ги изгубија и да го изгубат зимскиот одмор. Сите бевме свесни за тоа и за сета среќа штрајкот заврши со договор и добро е што заврши тој ден. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Реплика г-ѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван колега Јован, во интерпелацијата поднесена од пратеничката група на СДСМ за работата на министерот за образование г-динот Перо Стојаноски е наведено дека политиката на Владата на Република Македонија што се спроведува во сверата на образованието е адхок политика која нуди мерки кои се без стратегија, без концепција, мерки кои не одговараат на реалната состојба во нашата држава, а некои од нив се и спротивни на Уставот.

После излагањето на колегата стекнав впечаток дека во Република Македонија нема доволно високо образовани стручни кадри, но дали е тоа навистина така. Најдобра потврда за тоа дека новите високо образовни организации, на пример од правните науки се отворени без никаква стратегија и согледување на потребите на државата од нови вакви кадри е официјалниот податок од Агенцијата за вработување на Република Македонија за правниците кои со години чекаат работа. На 31 јули 2008 година таму се евидентирани дури 2252 невработени лица со образовен профил дипломирани правници. Но, колкав е нивниот стаж во барањето, чекањето работа може да се претпостави, бидејќи е јасно дека толкава армија правници не дипломирале прекуноќ. А, вие сега зборувате за нови млади кадри кои ќе се приклучат најверојатно и на оваа досегашна армија високо образовани невработени лицан доколку не се направи стратегија за потребата од кадри по одредена струка. Проектот факултет во секој град ви пропадна, бидејќи е лоша проценката, а доказ за тоа е незаинтересираноста за запишување на студии во секој град. Значи, проценката на самите студенти е да имаат квалитетно образование, а не само квантитет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарм.

Контра реплика г-динот Лазаров Јован, повелете

**Јован Лазаров:** Почитувана пратеничке и колешке, јас не се согласувам со вас дека се води адхок политика во образованието. Тоа е ваше мислење, јас имам друго мислење. Сакам да кажам дека во образованието постои стратегија на развој на образованието 2005-2015 која што е донесена кога вие бевте на власт и таа стратегија и ден денес се разработува и се почитува, а програмата на која сега работи Владата ја инагурираше овде во својот пристапен говор премиерот Никола Груевски кога беше избран прв пат за премиер и целата Влада. Исто така и при повторниот избор на премиерот ја образложи програмата која што при изборот ја усвои, со неговиот избор ја уствои ова Собрание. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е г-динот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Колегите од опозицијата кои што се иницијатори на СДСМ пратениците за оваа интерпелација ги искажаа по неколку пати сите факти и аргументи за тоа зошто министерот Перо Стојановски не како личност, туку како институција или претставник на институција на министер апсолутно понатаму нема ниту по еден основ право да биде се уште министер за образование. И кога се обидував да најдам некој сличен пример за тоа како ВМРО ДПМНЕ во други наврати го водеше овој ресор неминовно морам да се сетам на поранешниот министер во Владата на Љубчо Георгиевски, Никола Груевски а тоа беше Ненад Новковски. Тогаш Ненад Новковски како прв министер на ВМРО ДПМНЕ за образование направи таков ршум што требаше во неколку години да се средат ситуациите. Денеска го имаме министерот Перо Стојановски кој што не започна од почеток во овој ресор и тоа што денеска се разговара е континуитет на Владата на ВМРО ДПМНЕ од септември 2006 година. Тој тогаш беше државен секретар во ова Собрание имаме и поранешен министер и поранешен заменик министер. Или со други зборови не дали ние денеска треба да процениме какви биле очекувањата на ВМРО ДПМНЕ, денес зборуваме за факти. Со право колегите пратеници од СДСМ велат ВМРО ДПМНЕ се што направи во ресорот на образование беше погрешно. Единствено во

ресорот образование неможете се уште да зборувате со идното време кое што ви е омилено-ќе. Како од кога ВМРО ДПМНЕ е на власт постои шега дека сегашно време да се укине, бидејќи цело време зборувате во идно време. Но, во образованието ќе набројам најмалку осум ситуации во кои што е констатирано практично, конкретно, нотoрно како сакате наречете го дека се што почнавте или не завршивте или погрешно го направивте.

Број 1, задолжително средно образование. Не убедувавте една година дека треба да се смени Устав. На крај, сменивте закон. Тоа е помалку битно. На крај, има помалку запишани ученици во средното образование сега процентуално отколку пред да се измени законот и да се направи задолжително средно. Во оваа ситуација имаме само најава за казни на родителите што не ги пуштија децата кои што ако се реализираат ќе биде катастрофа, ако не се реализираат министерот и Владата свесно ќе го крши законот што тие го донесоа. Значи, дупло голо.

Број 2, веронаука во училиштата. Спротивно на барањата и желбите на децата и на родителите, ја воведовте веронауката за која што се сомневаме дека е уште еден добар начин не секаде да бидеме искрени, но во добар дел на некои училишта за пропагирање не на религијата или на верите и запознавањето со религијата, туку за промовирање на одредени политички ставови на ВМРО ДПМНЕ. Тоа можеме соодветно да го аргументираме.

Број 3, министерот за образование и целата Влада не убедуваа дека било спектакуларно со тоа што отворија факултет “во секое село”. Денес имаме ситуација во која што ситуацијата во високото образование е најлоша од постоењето на Република Македонија. Во која смисла? Свесно, не толку министерот за образование, колку министерот Трајко Славески кој што работи на еден факултет и дел од владините функционери и министри кои што имаат фрустрација кон универзитетот Св.Кирил и Методиј свесно работеа и работат на уништување на универзитетот Св.Кирил Методиј. Ова е прва година во која што на факултетите на Св.Кирил и Методиј не се дозволи проширување на квота за упис на студентите. Тие се приморуваа, се тераа да идат на дисперзирани студии во Велес, во Прилеп, во Штип само за да се пополни квотата на новиот Економски факултет, на пример, како еден од петте на универзитетот во Штип.

Конкретно, новите факултети не ви профункционираа, немате студенти и тоа е логично, бидејќи да отворите факултет не е да отворите гранапче, па ќе донесеме десет гајби со помаранџи ќе ги продаваме. Како што дел од сегашните функционери од ВМРО порано работеле. Да отвориш факултет значи прво да има потреба, да имаш студиски програми и најважно од се да имаш кадар. Вие без ниту едно од овие три работи отворивте факултети, ставивте одредени згради со табли дека се факултети, вработивте, тоа ви беше најбитно, кадри на ВМРО-ДПМНЕ кои што преку ноќ, не на скопските факултети, ама надвор ги добиваа научните звања и титули, веројатно најголем дел од нив со купување, ги нострифициравте и ги вративте како наставен кадар на непостоечки реално високообразовни институции.

Број 4, “Комјутер за секое дете”, нема, и тоа го кажаа сите, столчиња, клупи, елементарни санитарни јазли и чворови, но вие донесовте комјутери кои што или не работат, или се расипани, или како во добрите стари времиња стаат миље преку нив бидејќи не се никогаш уклучени и фаќа прашина. Најчесто на нив се играат видео или комјутерски игри. Наставниот кадар не го обучивте да може со нив да раководи, најдобро од оваа кампања поминаа дел на луѓе од Владата на ВМРО-ДПМНЕ кои што профитираа не во илјадници евра, во милиони евра. И за тоа некој сериозно ќе одговара во некои други идни времиња.

Број 5, го сменивте Законот за високо образование со кој што директно направивте упад во автономијата на Универзитетот. Поголема потврда од тоа да новиот директор на “Св. Кирил и Методиј” вашиот омилен претставник, ректорот во Штип случајно  е брат на Жан Митрев со кој што имате други бизнис интереси денеска или пред неколку дена завршуваат на партиски кандидатури или партиски постапки што е спротивно на Законот и за тоа ќе поведеме соодветна постапка. На крајот целта ви е ако може до крај да го уништите “Св. Кирил и Методиј” бидејќи имате комплекс од него дефинитивно и сите луѓе кои што нешто значат во образованието на оваа држава да ги натерате да отидат на приватните универзитети, а сите останати студенти, не по волја, не по нивна процена, но по наредба партиска, ВМРО-вска олицетворена преку одлуки и закони да ги пратите на Универзитетот каде што царува или Сашо Митрев или можеби во некои идни времиња некои други истакнати ВМРО-вски кадри.

Конкретно доаѓаме до денот кога започна штрајкот на СОНК. Господине министре и тогаш бевте изненаден и тогаш не знаевте да се справите со таа ситуација и ја одбравте најлошата можна, преку полиција, преку градоначалници и преку други инспекции да ги натерате наставниците да одат на работа на тој начин што тие што чекаат решение ќе им го побарате тоа, на тие што имаат решение ќе ги притискате нивните фамилии, ќе ги организирате родителите и на крај, како што тоа е на пример во Карпош, преку градоначалниците ги барате списоците на сите ученици со родители со телефонски мобилни телефони, матични броеви и адреси на живеење за да им се јавуваат претставниците на окружните комитети на ВМРО-ДПМНЕ  за да ги тераат нивните деца да одат на училиште. Кога има официјално уставно

загарантирано човечко право на штрајк. Значи наместо да го решите проблемот на начин на кој што треба да се реши, вие тоа го правевте со принуда. Затоа денеска велиме дека единствено моќ е вашата партиска пендрек влијание кое што го имате преку институциите најмногу преку Министерството за внатрешни работи.

Не одговоривте до каде се училишните игралишта за кои што се рекламиравте месец дена. Колку од нив се изградени и зошто тендерите кои што ги имате во образование ви пропаѓаат. И зошто се доведувате до таква ситуација, јас знам бидејќи не можете да го поделите пленот, затоа ви паѓаат тендерите, затоа што се од се ова што го набројав, осум равботи се што фативте згрешивте, или го почнавте и не го завршивте или го почнавте и катастрофално го завршитве. На крајот на краиштата нема подобар пример за тоа дека вие лично како министер и една сериозна групација во тоа Министерство нема личен кредибилитет да биде сеуште во таа институција. 230 илјади евра без око да ви трепне си ги поделивте вишак пари за учество во комисии. Со толку пари, бидејќи е мераклија да се слика со комбиња премиерот Груевски, ќе можевте да купите најмалку 11 комбиња нови, па да ги возите учениците или да изградивте или реновиравте најмалку 100 вециња или санитарни јазли во средните и основните училишта во Република Македонија. Ама затоа 230 илјади евра ви се многу слатки гледам тоа и на пулмологија една директорка бliska на колегата Ѓорчев го правеше во здравството, кога имате вишок пари на граѓаните знаете да си ги земете без притоа соодветно да ги вратите на учениците, студентите и нивните родители. Затоа треба во најмала рака од морален аспект вие да си одите, а од законски ќе чекаме институциите да повлечат постапки спрема вас. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика министерот за образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам претседателе.

Почитуван господине Ивановски, значи вие посочивте осум работи, јас ќе се задржам само на 4 работи поради недостаток на времето.

Она што сакам да го укажам е следното, задолжителното средно образование спроведувањето на законот за задолжително средно образование го зголеми опфатот за 5%. Значи ова се податоци кои можете од Државниот завод за статистика, од Министерството за образование и наука да ги побарате и ќе ви бидат на располагање. Во учебната 2007/2008 година вкупниот опфат беше 90,2%, во учебната 2008/2009 година опфатот е 95%. Што се однесува до прекршочните пријави Државниот просветен инспекторат поднесе прекршочни пријави до сите родители кои што не постапија согласно Законот за задолжително средно образование. Министерството за образование постапи согласно законот, Министерството за образование и наука ги поднесе прекршочните пријави. Друга е институцијата која што треба да постапи по однос на нив.

Во делот околу проектот Универзитет односно факултет во секој град како што вие омилувате да го нарекувате, 19.090 студенти наспроти 8.630 студенти во 2006 година ме интересира како го толкувате зголемувањето на бројот на запишани студенти на универзитетите во Република Македонија на што се должи? Значи би сакал едно ваше толкување.

Во делот околу санитарните јазли и столчиња, мислам дека сеуште зборувате во минато време бидејќи санитарните јазли во најголем број некаде околу 90% на територијата на Република Македонија минатата година се реконструираа и се обновија. А набавката на клупи и столчиња е во тек, значи веќе се врши дистрибуција на клупи и столици во училиштата. 50 илјади клупи и 100 илјади столчиња ќе бидат дистрибуирани во училиштата после 40 години.

И уште една работа, за волја на вистината. Откако Перо Стојановски е министер во Министерството за образование и наука ниту еден тендер не е паднат, само колку за информација.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Госпдине министре, од многу примери, еве еден на медиумите бидејќи им верувате и јас им верувам вие најмногу бидејќи ги спонзорирате преку кампањи, вели, државата наплатува казни од деца со пречки со развојот. Толку господине минстре околу вашата успешно задолжително средно образование кое што е под принуда, под принуда од парични казни. И велите успехот е што дошло зголемување од 3 до 4%. Јас во тоа се сомневам и ми давате податоци, кои што апсолутно кои што требаше да ги објвите пред почетокот, или непосредно на почетокот на средношколската година не ги објавивите бидејќи поразителни беа податоците. Исто како што беа поразителни податоците на запишани 1, 2 или 3 кандидати за студенти на три ново отворени факултети. Бројките што ги кажувате се резултат на зголемувањето на запишани студенит на приватните универзитети, бидејќи студените од немајкаде, затоа што не им дозволувате да се запишат на државните универзитети, зборувам за Св. Кирил и Методиј мораат некаде да ја исполнат својат желба, а тоа е да студираат и да продолжат со своето образование. Тоа не е желба на Владата, туку на самите ученици.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Наташа Јаневска, повелете.

**Наташа Јаневска:** Благодарам претседателе.

Јас слушајќи го почитуваниот колега како ревносно го изговара зборот ВМРО-ДПМНЕ имам чувство дека е припадник на нашата партија. Инаку, постојано не обвинуваат дека партиски ни ги пишуваат говорите, затоа што очигледно не

сакаат да го слушнат тоа што навистина е реално, тоа што ние го зборуваме. Жално е што толку се опседнати со самите себе што не забележуваат дека во нивните говори освен почетокот што е сменет и обраќањето другото е се исто, како да се печатени на фотокопир, разделени тука пред да почне седницата.

Второ, што сакам да кажам е дека со полна уста зборуваат за штрајкот во образованието, за кој многу се засегнати. Со тоа потврдуваат дека навистина стојат позади него. Не дека имало сериозна и вистинска причина.

Само за потсетување, во 2003 година исто така имаше штрајк во образованието, меѓутоа тогаш не бевте толку ревносни да го браните штрјкот како сега.

И уште нешто да ви кажам. Тогаш не само што не ни ги зголемивте платите, туку земавме плата 80% помалку. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас би кажал дека за мене е инзенадувачки еден економиста, или добар економиста да не може да направи една статистичка споредба за она што се нарекува показатели кои статистиката ги кажува. Тоа е дека на Државните универзитети во Република Македонија се запишани 15 илјади студенти, додека на приватните се запишани 3,900 или 4.000 студенти.

Господине Ивановски само да ве потсетам дека оваа бројка претходно беше 8.600 студенти на државната квота. Не знам дали не можете да направите споредба дека тука веќе доаѓа до зголемување на бројот на запишаните студенти во една учебна година.

Денеска сме сведоци на големи фрустрации од страна на СДСМ, така да господинот Ивановски се дрзна да кажува за господинот Трајко Славески кој што е доктор по науки, кој што предава на универзитетите ширум Америка, кој што предава во соседна Грција и на Универизитетот Св. Климент Охридски.

Госпидине Ивановски немојте да се фрустрирате со тоа што вие сте вечити асистент. Ќе дојде и вашето време кога ќе бидете професор, се надевам дека политиката ќе ви го овозможи тоа затоа што добро се улизувате кај господинот Црвенковски.

Она што сакам да го спомнам во однос на штрајкот, за штрајкот ќе кажам дека премногу добро котирате со она што се нарекува штрајкувачки одбор и со тоа успеавте да наметнете одредено темпо сметајќи дека тоа е вистинскиот момент да направите штрајк во образованието. И самите просветни работници кога ќе ги прашавте за што шрајкуваат ќе кажеа штрајкуваме за зголемување на она што е хранарина и зголемување на она што е патарина. Не дека платата, не беа задоволни од личните примања, не дека личните примања и понатаму не треба да се зголемуваат, но заборавивте дека оваа Влада на господинот Никола Груевски направи зголемување на личниот доход за 30% на просветните работници.

Зборувавте тука денеска и за она што се нарекува упади од страна на некои, инспекциските служби во образованието. Очигледно дека многу малку ги познавате законите во образованието или воопшто не ги познавате, или пак не сте склони освен она што ќе ви го напишат, поточно од она што ќе ве консултира господинот Бранко Црвенковски да го изречете тука како ваше мислење.

Ќе ви напомнам само дека државната инспекциска служба може да направи увид во образованието и по поднесен приговор од родител или граѓанин, но може да се направи исто така одреден увид во работењето во образованието, или во училиштето, а тоа е во интеграланата евалуација господине Ивановски кога станува збор, тоа се 22 дена. Инаку и по пријава на граѓанин може само една минута пред отпочнувањето на ѕвонењето на училишното ѕвонче инспекторот да влезе и да побара она што е потребно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констра реплика има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Не тешко на опозицијата, туку тешко на сегашните и идните генерации кога за високото образование зборува Цветко Грозданов. И ако ВМРО-ДПМНЕ дојде до тоа ниво тогаш е ваша одлука.

Во таа смисла господине Цветко Грозданов јас неколку пати ви имам споменато и ќе ве поканам и на моите предавања и вежби, не знам дали ќе разберете тоа што ќе го кажувам, бидејќи на нив не се прават склекови, или стој на раце, или со чучење не се превртуваме. Ама во ред може и да се најдеме некаде, па кога ќе разберете можеме да разговараме за тоа за што јас на Економскиот факултет зборувам или говорам.

На крајот, јас разбирам дека постои сериозна поделеност која што е повеќе на хартија бидејќи реално ситуацијата не е таква, наводно во ВМРО постои крило на интелектуалци кои што се потпишуваат за некакви кандидатури и крило на останатите во кое што очигледно припаѓа господинот Цветко Грозданов кој што е фрустиран дека нема да биде кандидат за градоначалник во општина Охрид. Веројатно може да биде кандидат во некоја друга месна заедница. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Според редоследот следен пријавен за збор беше господинот Иван Стоилковиќ, не е присутен тука, го губи правото за збор.

Следен пријавен за збор беќе господинот Ѓорѓи Оровчанец, не е тука, го губи правото за збор.

Според редоследот збор има госпоѓа Дарка Петрушевска, повелете.

**Дарка Петрушевска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Навистина денеска цел ден расправаме околу интерпелација за еден министер, меѓутоа јас не успеав да сфатам што е целта на оваа интерпелација токму на опозицијата.

Дали целта им е да се доближат до граѓаните и да ги убедат дека се грижат за нив и за нивните уставни права, или пак сакаат да ја оцрнат Владата и ВМРО-ДПМНЕ, како и ресорниот министер дека немаат стратешки програми во образованието.

Верувајте, што и да ви е целта не можете да ја постигнете. Никој од ВМРО и од Министерството не го оспорува правото на штрајк на секој граѓанин, меѓутоа од друга страна имавме и други засегнати на кои им беше ускратено правото на образование, а тоа се учениците. Токму затоа ресорниот министер седна и се договори со Синдикатот. Сите оние барања кои беа поставени на некој начин успеаа да се договорат и да го надминат овој проблем.

Ако толку се грижевте вие за граѓаните на Република Македонија секако дека владеевте претходните 4 години, па зошто колеги во тој период не направивте нешто во образованието. Зошто не ги отпочнавте реформите кои требаше да се отпочнат со националната програма која токму вие ја донесовте? Зошто не смогнавте сили и да најдете средства за да на вработените во образованието им ги зголемите личните доходи, им ја покачите хранарината? Им ги прекратите договорите на дело и им потпишете договори на неопределено време? Зошто тоа не го направивте претходните 4 години, туку знаеме дека има во образованието вработени кои десет години работат по договор на определено време?

Верувајте дека граѓаните ова го знаат. Верувајте дека граѓаните се свесни за она што им го направи ВМРО откако дојде на власт. Ако немаше никакво зголемување претходните години на личните доходи во овие две последни години личните доходи на вработените во образованието се зголемени и тоа последователно по 10% секоја година. Ако сакате да го оцрните ВМРО-ДПМНЕ и ресорниот министер мислам и тука дека не можете да постигнете никаква цел, бидејќи сите родители, како и вработените и сите граѓани гледаат со какви реформи се зафати ВМРО-ДПМНЕ токму во образованието.

Човекот кој навистина, се нафати да направи реформи во образованието, вие барате истиот да поднесе оставка.

Значи, колеги пратеници вие сакате обарзованието да остане на она ниво на кое го затекнавме кога дојдовме на власт. Вие сакате да имаме образование и јас кога бев ученичка во средно образование.

Мислам дека денеска навистина, се дискутираше за сите реформи кои се направени во основнот, средното и високот образование.

Јас би сакала да дадам еден осврт за она за што никој овде не подискутира, а тоа се реформите кои се направени во ученичкиот и студентскиот стандард.

Сите знаеме дека на кој начин, и како се даваа студентските легла по студентските домови. Ако пред 2 години студентските легла или кревети се даваа според политичка припадност, или се плаќаше дебело да се добие еден студенски кредит, тоа веќе Владата на ВМРО ДПМНЕ и министерот решија да го прекинат. Затоа и се воведе електронско пријавување за сместување во студентските домови. Се воведе електронско пријавување, но исто така и електронско распоредување на местата во студентските домови, што значи дека денеска секој може да аплицира . Со самата апликација да биде рангиран согласно техниката и на тој начин да добие и место во студентскиот дом. Значи, студентските домови навистина, станаа место за оние кои треба да бидат сместени. Ако претходно претстојуваа студенти кои не се редовни, кои на некој начин ги земаа само студентските легла, подоцна да ги продаваат, сега е веЌе тоа искоренето. Значи, во студнетските домови сместени можат да бидат само оние редовни студенти, кои редовно ги земаат годините, како и оние студенти кои се со полоша материјална сосотојба кои доаѓаат од другите градови со полоша материјална состојба во своите семејства.

Исто така, морам да спомнам дека прв пат оваа година со воведување на задолжителнот средно образование, сместувањето во ученичките домови веЌе е бесплатно. Исто така, за прв пат оваа година Владата на Република Македонија го зголеми учеството за 10% за сместување, исхрана на учениците во студентските и ученичките домови.

Во тој дел, би сакала исто да кажам дека се направени напори да се воведе бесплатен интернет на студентите во секоја соба, колку што имам информации и веќе се обезбедува бесплатен интернет на секој студент.

Со еден збор, еве да финиширам и да кажам дека со овие проекти веќе почнавме да се доближуваме до она што се нуди на студентите во студентските домови во Европа. Но, тука сигурно дека нема да застанеме, ќе настојуваме и понатаму, мислам и ресорното Министерството и Владата да создадат уште подобри услови за студентите, а тоа веќе го прават последниве денови. Како што гледаме се направи реновирање на домот “Стив Наумов”. Сите знаеме во каква состојба беше тој и во каква сосотојба го затекнавме. Меѓутоа, еве за две години успеавме да го реновираме тој студентски дом. Исто така, планираме изградба на нов студентски дом.

Би кажала неколку зборови и во делот, бидејќи беа спомнати стипендиите и кредитите за талентираните ученици. Беше кажано дека тие стипендии и кредити ќе се делат по партиска линија или не знам на кој начин. Немојте да шпекулирате и немојте да изнесувате невистини ве молам, бидејќи знаете дека од оваа година веќе и апликацијата и рангирањето за добивање на стипендии и кредити е по електронски пат. Така да не може никакви малверзаци да се прават. Ако тоа се правеше претходно, верувајте дека веќе го надминавме тоа.

Еве на крајот би завршила и би кажала дека не можам да ја подржам интерпелацијата и ќе гласам против, бидејќи реформите отпочнаа во образованието и тие ќе продолжат и понатаму да течат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски**: Почитувана колешке, сум видел пратеници да не можат туѓи говори да прочитаат, ама свои говори да не можат да прочитаат, тоа е веќе проблем.

Јас ќе се погрижам да ви дадам шанса камерата да ве најде да ми реплицирате за нешто, што нема да ви биде напишано и да ви објаснам за реформите на ВМРО ДПМНЕ. Може ли? “Службен весник” од 18 јули , овде зборуваа колегите од опозцијата, за партизација. Вие зборувате за реформите во образованието. Во “Службен весник” на 18 јули се објавени владибните одлуки на седницата одржана на 12 јули и тука помеѓу другото има решение за именување членови на матичната комисија за вршење на подготовките на работата на Универзитетот за информатички технологии, односно за Државниот универзитет Гоце Делчев во Штип, за Ветеринарнито факултет на Битолскиот универзитет и за Правниот факултет во Кочани. Јавноста нека ги слушне имињата кои што се овде во овие комисии: Зоран Ставрески, Гордана Јанкуловска и Мартин Протуѓер. Ги знаете. Можеби сте чуле за нив. Тројката е и во Комисијата за идниот универзитет за информатички технологии и за факултетот за медицински науки и за Филолошкиот и за Факултетот за туризам и бизнис логистика и за Технолошко техничкиот факултет и за Машинскиот факултет во Виница и за Електротехничкиот во Радовиш и сите кои што се дел од Универзитетот во Штип. Потоа Протуѓер е член на Комисијата за формирање на Технолошко техничкиот факултет во Велес. Зоран Ставрески, ако сте чуле за него, завршил Економски факултет, а знаете на што е член

(Се слуша врева во салата)

**Трајко Вељаноски:** Колеги мислам дека треба малку сериозност да покажете. Во однос на дебатата, сериозност да покажете.

**Андреј Жерновски:** Завршил Економски факултет и е член на Комисија на Ветеринарниот факултет во Битола.

Моето прашање до вас е, дали сметате дека ова не е партизација на образованието и ако сакате на високото образование. Во чии раце се крие всушност, формулата “ знаењето е моќ”. Ве молам да ми одговорите.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави Дарка Петрушевска, повелете.

**Дарка Петрушевска**: Господине Жерновски, јас би сакала да ви кажам дека како прво јас не читав говор, туку поради тоа што вие недолично се однесувавте во салата и постојано говоревте, бев принудена да се прекинувам на неколку пати. Создадете една добра атмосфера, почитувајте го дигнитетот на ова Собрание, сигурно дека и потечно и подобро ќе зборуваме и подобро ќе ги изразуваме нашите говори. Меѓутоа, околу партизацијата навистина, не се согалсувам дека сега постои партизација. Јас можам да ви кажам дека ако сега локалната самоуправа има поголеми ингеренции дека директорите и сите челнови на управните одбори во Куманово се исклучиво од СДСМ и Либералната партија. Верувајте дека тука веќе постои партизација. А овие луѓе што се ставени, сигурно се магистри и истакнати луѓе.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен според редоследот за збор е пријавен госодинот Томе Чинговски и последен од пријавените, повелете.

**Томе Чинговски:** Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа, почитуван пратеници.

Со зачудувачка леснотија на зајадување и некоректно непочитување на овој законодавен дом, министерот Перо Стојановски во одговорот на поднесената интерпелација ги скрива работите до таа мера што уште малку па ќе си помислиме дека се собрани да се мајтапиме, а не да разговараме за сериозна тема. Нормално е дека не треба да ви ја прераскажувам интерпелацијата, но чувствувам за потреба да потсетам дека таа се базира на еклатантни промашувања на министерот и неговиот ресор. Сите тие промашувања, експерименти и невршење на функцијата која ја зазема оставаат длабока трага врз состојбите на една од столбовите на општеството образованието и науката. Со самото тоа станува јасно колку се штетни последиците од неговата неспособност по иднината на општеството, бидејќи сите слабоски и промашувања во сегашниот момент се одразуваат врз генерација ученици и студенти кои допрва ќе го понесат товарот во општеството, стопански и секаков друг развој на општеството. Толката е сериозноста на министерот во одговорот на прашањето за притисокот за членовите на СОНК за време на штрајкот што и кај најдобро намерните читатели на таквиот

одговор, остава впечаток дека се работи за чиста лага. Конкретно, во така наречениот одговор на интерпелацијата, министерот Стојановски изразува божемно чудење за тоа како можело да се врши притисок врз директорите и наставниците кога основните и средните училишта се под ингеренции на општините, а не под Министерството. Да не е извртување на вистината, би се рекло дека министерот Стојановски покрај сите други причини наведени во интерпелацијата, пати и од незнаење на основните надлежности на ресорот со кој раководи. Конкретно, почитувани господа, наместо наведените оправдувања за божемна зависност на училиштата од локалната самоуправа, факт е дека во општините кои се наоѓаат во првата фаза на децентрализација, финансирањето е сеуште во милост и немилост на Министерството односно централната власт. Платите за вработените во образовните институции ги обезбедува Министерството преку така наречените блок дотации, слично како и во детската заштите односно градинките. Има ли потреба од потенцирање на фактот дека токму економскиот момент, зависноста од тоа дали ќе се префрлат или не пари за наредиот квартал, е најсилниот елемент за притисок. Тој елемент на притисок врз вработените во рацете на министерот е од одлучувачко значење до таа мера што и при вработувањето или објавувањето на конкурси, како што наведува министерот, претходна согласност се добива од Министерството, а бидејќи тоа го обезбедува платниот промет, па општините може да си вработуваат во таа квази самостојност потреби кадри колку сакаат, ама луѓето да работат без плата и на диво. Каква е тогаш таа самостојност во училиштата и општините на кои се повикувате, господине министре.

Еден од притисоците кој оваа актуелна власт односно министерот за образование и култура го врши, покажува и денешниот упад на Државниот просветен инспекторат во општина Охрид каде градоначалникот е од редовите на СДСМ. 15 инспектори без валидне легитимации упаѓаат во основните и средните училишта без претходна најава, без разлика што некои од колегите пратеници кажаа дека можело и пред звонењето на училишното ѕвонче инспекторите да упаднат во учулиштата. Меѓутоа тоа во ниедна демократска држава во светот не е дозволено.

Едноставно речено, господине министре лажете во одговорот за да го прикриете токму она што ние ви го забележуваме, кршење на елементарните права загарантирани со Законот за штрајк и деградирање на словото на Уставот на Република Македонија. Кога веќе го спомнав Уставот, господине министре, вие со вашите експерименти и идеи, поддржани од идеолошките ваши следбеници, самоволно го менувате највисокиот правен акт во државата со тоа што на мала врата преку воведување на веронаука и религија меѓу младата популација, го уништувате секуларниот карактер на државата. Вие не сте свесни или тоа намерно го правите со свои идеолози и поддржувачи, дека вашето такво насилничко однесување кон Уставот и законите, како и кон карактерот на државата, придонесува до уште поголема поларизација на општеството, до поделби меѓу граѓаните и по верска линија.

Во одговорот, господине министре, наведувате дека сте поаѓале од елементарното право - секој за образование, но не кажувате или не разбирате дека тоа право господине министре, не подразбира било какво образование.

Покрај наведениот упад во законски регулираното образование, со воведување на божемни предмети по избор, што се правда како реформски зафат и чекор напред, се поставува со право прашањето за оправданоста на енормното трошење на средствата за потреби на вработените, или неколкумина од нив во Министерство за образование и наукал, токму во времето на божемните реформи, во ресорот на господинот Стојановски уште кога беше државен секретар кога се трошеа басословни суми на пари наводно заради зголемен ангажман. Се поставува прашањето, господа од владеачкото мнозинство, дали ваквото богатење на поединци на сметка на народни пари е суштината на вашите реформи. Дали, господине министре и таму ќе ги правите матните зделки кои се наведени во интерпелацијата, со тоа што ќе ги правдате со зголемен ангажман на оние кои толку многу се ангажирале, што цело прво полугодие учениците од шесто одделение од основните училишта, немаат учебници. Кој треба да поднесе одговорност за тоа господине министре што овие ученици посетуваат настава цело полугодие, како земјата да е зафатена со некаква елементарна катастрофа, а можеби и е, со вашето доаѓање, па одат на училиште без учебници.

За несериозноста на вашите визии во однос на високото образование и наука, доволно говорат оправдувањата или наодите во одговорот на интерпелацијата. Проектот - за отварање универзитетски центри во секој поголем град односно ваше гордеење со тоа дека се озаконуваат пет универзитетски финансирања од државата, доволно укажува на два неминовни исходи. Првиот е дека веќе со завршувањето на првата генерација сега запишани студенти, ќе уследи затворање на овие универзитети заради економска и секаква друга неоправданост.

Вториот исход на овој ваш експеримент е производство на кадри без соодветна научна потккованост, едноставно заради недостиг на несоодветни предавачи и сега набрзина промовирани универзитетски професори. Во бисерот на вашите експерименти се вбројува со посебен сјај најголемата мижитатара за граѓаните од Република Македонија, наречена од вас - Компјутер за секое дете. Се поставува прашањето господине министре, дали сте ги обучиле или стимулирале наставен кадар за да може да

работи со тие деца и тие компјутери. За жал состојбата во пракса е многу поинаква од она што ја прикажувате. Компјутерите повеќе случат за декор. Компјутерите кои ги поставивте во училиштата повеќе ми личат на времето од минатиот век, во 60-тите години кога излегоа пералните за перење, кога луѓето почнаа масовно да ги купуваат без разлика дали дома имаат поставено водоводни инсталации и ред други работи. Нешто на тоа наликува и овој проект што вие го прогласивте за еден од најуспешните, а испадна дебакл. Тоа е господа далеку, многу далеку од европската практика и нашата европска аспирација. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен министерот за образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам.

Денес во неколку наврати слушнавме обвинувања дека Министерство за образование и наука и министерот вршат притисок врз градоначалниците од СДСМ. Конкретно денес станувашe збор за Охрид.

Жалам што перцепцијата на Државниот просветен инспекторат ја сметате како притисок. Државниот просветен инспекторат работи согласно Законот за Државен просветен инспекторат и има надлежност да изврши увид во законитоста и работењето на училиштата односно на начинот на кој се раководат училиштата и на кој начин се реализира воспитно образовниот процес. Значи ако некој некогаш на тој начин го практицирал функционирањето на Државниот просветен инспекторат, очигледно е дека ќе треба да се смени перцепцијата на истиот и овие надзори кои ги прави Државниот просветен инспекторат се согласно Годишната програма која ја носи Државниот просветен инспекторат.

Околу трансферот на средствата господине Чинговски, трансферот на кварталните средства кои се трансферираат до единиците на локалната самоуправа, без разлика дали општините се во првата фаза или втората фаза на децентрализација, се врши врз основа на донесени планови и програми, врз основа на утврдена формула.

Не постои можност ниту министерот, ниту било кој да изврши селективен трансфер на средства, средствата се трансферираат на сите општини подеднакво и во ист временски период. Затоа би ве замолил да не манипулирате со информации кои не се вистинити.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам господине претседателе, благодарам и на министерот за неговата реплика, меѓутоа, морам да го прашам зошто токму во Охрид и Струмица Државниот просветен инспекторат доаѓа ако не е притисок. Зошто не се случи да бидат во Битола или Прилеп.

Во тој случај, ако првата посета на Државниот просветен инспекорат беше во градовите каде што е градоначалник од редовите на ВМРО ДПМНЕ, не ќе имавме право да се сомневаме во тоа што го кажувате.

**Трајко Вељаноски:** Завршивте ли колега.

**Томе Чинговски**: И министерот за внатрешни работи кажа дека работите согласно законите. Тоа веќе многу пати го имаме слушнато. А што се однесува до трансферот на средства, јас воопшто не ги спомнав и тоа што го спомнав, беше во друга конотација господине министре. Ако внимателно ме слушавте ќе имавте вистински одговор на моето прашање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпен утврдениот редослед на пратеници пријавени за збор, констатирам дека претресот по интерпелацијата е завршен.'

Пред да преминеме на гласање ве известувам дека интерплацијата се смета за прифатена, ако за неа гласале мнозинството од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање.

Интерпелацијата за работата на министерот за образование и наука, господинот Перо Стојановски ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеници, за интерпелацијата гласаа 16 пратеници, воздржани нема, против гласаа 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работата на министерот за образование и наука господинот Перо Стојановски.

Колеги пратеници, дозволете ми од мое и од ваше име на верниците од православната вероисповед да им го честитам претсојниот празник 19-ти јануари Богојавление, Водици.

Тука ја прекинувам седницата. Оваа седница 43-та со својата работа ќе продолжи на 20 јануари, во 11,00 часот. Ви благодарам.

( Седницата прекина со работа во 20,12 часот)